Кон југ планскиот опфат граничи со планската документација Урбанистички план за вон населено место за Туристичко развојна зона м.в Сунгурли Дере во КО Нов Дојран, Општина Дојран (Одлука бр. 07-1072/6 од 21.11.2013 година).

## 3. ПРИРОДНИ ЧИНИТЕЛИ КОИ ВЛИЈААТ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, без учество и влијание на човекот.

Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.
Субмедитеранското подрачје во Република Македонија ги опфаќа најниските делови од долниот тек на реката Вардар до Грчката граница (Гевгелиската, Валандовската и Дојранската котлина). Надморската височина на ова подрачје е од 59 до 500m.
Ова подрачје од север и од северозапад е ограничено со планините: Градишка Планина, Плауш, Беласица и Кожуф, кои влијаат како заштитна препрека врз времето и климата на ова подрачје, модифицирајќи ги студените (континенталните) воздушни маси кои се транспортираат кон јужните делови од Балканскиот Полуостров. Од друга страна пак ова подрачје е значително подотворено кон Егејското Море од каде допираат влијанијата на Медитеранот и се чувствуваат карактеристиките на медитеранските особености на времето и климата било преку формирање на топли и влажни воздушни маси кои имаат карактеристики на Медитеранот или преку други атмосферски нарушувања (топли или студени атмосферски фронтови) и други влијанија.
Метеоролошката станица Нов Дојран е лоцирана на: Нов Дојран Нс = 180м X = 410 13’ Y = 220 43’
Ова е најтоплото подрачје во Република Македонија. Просечната годишна температура на воздухот се движи од 14.00C - 14.50C. Најтопол месец е јули се средна температура на воздухот од 24.60C до 25.30C. Најстуден месец е јануари со просечна повеќегодишна температура на воздухот која се движи во границите помеѓу 3.30C и 3.50C.
Просечните годишни температурни амплитуди на воздухот се движат помеѓу 21.20C и 21.80C и се поголеми во споредба со годишните амплитуди забележано северно од Демир Капија, но се повисоки од 20.00C, колку што изнесуваат во Медитеранските области.
Апсолутно највискока максимална температура на воздухот во ова подрачје изнесува 44.30C (на 6. VII.1988 год.).
Апсолутно најниски температури на воздухот изнесува -13.00C во Нов Дојран.
Највисоко достигната апсолутна годишна амплитуда на воздухот изнесуваат 56,50C (во Нов Дојран). Таа е значително повисока отколку во типичните медитерански области, поради континенталните влијанија.
Средната месечна максимална температура на воздухот е 6.60C во месец јануари, до 30.90C во месец август.
Средната јануарска минимална температура на воздухот е 0.60C, додека средната јулска минимална температура на воздухот е 19.10C во Нов Дојран.
Во ова подрачје има најголем број на топли и тропски денови.
Вкупниот број на тропски денови во Гевгелија изнесува 72 при што најголем број се забележани во месец јули 23 дена, додека во Нов Дојран вкупниот број на тропски денови изнесува 54.
Годишниот број на летни денови изнесува од 131 до 136 од тоа во текот на месеците јули и август. Во септември има повеќе топли (летни) денови отколку во мај (дури и во јуни), што укажува дека есента е потопла од пролетта како и дека летните денови продолжуваат во месец септември.
Ова подрачје се одликува и со најмал број на мразни денови годишно од 32 во Нов Дојран, 43 во Валандово, до 49 во Гевгелија. Најмногу мразни денови има во јануари (од 12 до 17).
Една од основните карактеристики на ова подрачје е тоа што на оваа територија порано завршуваат пролетните и покасно почнуваат есенските мразеви така што екстремниот мразен период трае од 92 до 127 денови, што е помал отколку во другите подрачја.
Годишните суми на врнежи во ова подрачје се движат во границите помеѓу 601.6mm и 682.4mm.
Најврнежлив месец е ноември со просечна месечна количина на врнежите која се движи помеѓу 79.5mm и 93.1mm, додека најсув месец е јули или август со следните количини на врнежите од 30.6 до 33.8mm. Овој минимум е скоро три пати помал од најврнежливиот месец од годината и е една од значајните карактеристики на климата на ова подрачје.

Исто така во подрачјето на централните и најниските делови од Гевгелиско-Валандовскиот регион се јавуваат најмали количини на врнежите што претставува таканаречена "врнежлива сенка", во споредба со другите делови од регионот со просечна количина на врнежите кои се под 650mm годишно. Во другите делови од ова подрачје годишната количина на врнежите е помеѓу 700-800mm (при што се земени во предвид податоци од другите дождомерни станици од ова подрачје, до надморска височина од 500m).
Сите досегашни податоци за врнежите говорат дека во ова подрачје се јавува Медитерански плувиометриски (врнежлив) режим, со карактеристичен влажен зимски период и мошне сушен летен период.
Според резултатите од измерените дневни суми на врнежите најголема количина на врнежите изнесува 129.7mm (на 2.II.1986 год.) во Гевгелија.
Во ова подрачје врнежите имаат често пороен карактер, особено во летните месеци, со што се засилува сушниот карактер на летото. Сушата повремено се јавува и во пролетните и есенските месеци поврзувајќи се со летната суша.
Средната годишна релативна влажност на воздухот се движи помеѓу 69% во Валандово до 71% во Гевгелија. Со значително ниски вредности на релативната влажност на воздухот се месеците јули и август кога просечната влажност на воздухот изнесува помеѓу 57% и 59%. Во зимските месеци таа изнесува од 75% до 81%.
Вкупниот број на сончеви часови, според податоците од метеоролошката станица Гевгелија изнесува 2371.0 часа со максимум во месец јули (326.0 часа) додека најмал број на сончеви часови има во месец декември (104.4 часа).
Просечната годишна облачност во ова подрачје се движи во границите помеѓу 4.4 и 4.6 десетини. Најголема облачност се јавува во зимскиот дел од годината (во ноември, декември, јануари, февруари и март) со просечна облачност над 5.0 десетини, со максимум во ноември (од 5.2 до 5.6 десетини), како и во месец јануари (исто така од 5.4 до 5.8 десетини).
Просечниот годишен број на тмурни денови (денови со облачност поголема од 8 десетини) изнесува од 76 до 94 дена. Просечно најголем број на тмурни денови се јавува во месец ноември (9 до 12) додека најмал број на тмурни денови се јавуваат во месеците јули и август од 2 до 3 дена.
На територијата на ова подрачје просечниот број на ведри денови (денови со облачност поголема од 2 десетини) се движи помеѓу 108 до 130 дена. Во текот на годината, најмал број на ведри денови се јавуваат во месец август од 16 до 17 дена.
Сите досегашни метеоролошко-климатолошки податоци покажуваат дека во ова подрачје се сменуваат жежок, светол и сув летен период со не толку студен, влажен и тмурен период.
Најзачестени ветрови во ова климатско подрачје се ветровите од северозападна насока со 319‰ и брзина на ветерот од 3.8m/sek во Нов Дојран. Најголеми силини на ветровите од по 10 Бофори се забележани од северозападна насока.

Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот се наоѓа во зона со IX степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси.

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, просторот кој е предмет на разработка на Урбанистички план за село Нов Дојран, Општина Дојран, делумно навлегува во границите на заштитениот споменик на природата Дојранско Езеро и во границите на предложениот за заштита предел со посебни природни карактеристики Дојран.

Линијата на кота на највисок утврден водостој на Дојранското Езеро (147.33 м.н.в.) е дефинирана со геодетски елаборат.

Низ планскиот опфат согласно Хидролошка студија за суводолици во опфат на с.Нов Дојран, Општина Дојран и Решение за давање на согласност на Предлог Одлуката за определување на ширината на крајбрежниот појас на суводолици во село Нов Дојран (УП1/РА 1-11/5-1347/2020) од Управа за животна средина – сектор за води, минува една суводолица за која се определени соодветни п р о ф и л и н а р е г у л ирани корита со два крака. На северната граница на планскиот опфат минува отворен канал за атмосферски води Топлец.

## 4. СОЗДАДЕНИ ВРЕДНОСТИ И ЧИНИТЕЛИ

Просторот кој е предмет на анализа во Документационата основа се наоѓа во источниот дел од територијата на Општина Дојран.
Релевантниот регионален патен правец за предметната локација според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) влегува во групата на регионални патишта "Р1" и е со ознака:
– Р1105 - (Врска со А1-Миравци-Давидово-Удово-врска со Р1102- Валандово-Дојран-гр. со Р. Грција-Сретеново и делница Стар Дојран-гр. со Р. Грција-Николиќ.
Регионалниот пат минува низ Нов Дојран и претставува главна оска околу која се развива населеното место.

**Систем „Ѓавато - Дојран"**
За надополнување на Езерото со потребните количини на вода во функција е системот „Ѓавато - Дојран" преку кој подземните води од алувиумот на реката Вардар (кај селото Ѓавато) се зафаќаат и се испуштаат во Дојранското Езеро. Цевководот навлегува во дел од планскиот опфат и на истиот е изградена мала **хидроелектрична централа „Топлец".** На граница на планскиот опфат минува отворен канал за атмосферски води Топлец на кој се приклучува цевководот.

Поголем дел од подрачјето на планскиот опфат претставува изградено земјиште, претежно со реализирани објекти за домување во станбени куќи. Во однос на квалитетот на изграденият градежен фонд станува збор за збиена структура на објектите, на одредени места со многу тесни пристапи на мали меѓусебни растојанија и делумна опслуженост со комунална инфраструктура. Останатиот дел од планскиот опфат го сочинуваат објекти за јавни институции, мали и комерцијални дејности, деловни простори, хотелски комплекси, спортски терени, лесна и незагадувачка индустрија, сервиси, верски институции и неизградено земјиште.

Согласно Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија од 2002 година, во селото Нов Дојран биле регистрирани вкупно **1100 жители.**

Прирастот на населението за период од 14 години (од 2002год. до денес) е податок до кој што може да се дојде преку метод на апроксимација изведен со користење на податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија од 2002 година и анализа на постоечката состојба односно сублимација на инвентаризираниот градежен фонд и претпоставениот број на домаќинства.

Во опфатот на с. Нов Дојран инвентаризирани се 558 објекти за домување. Доколку се земе како влезен податок дека во еден објект живее по едно семејство со просек од 3,5 члена се доаѓа до околу 1953 жители (558*3,5=1953).

## 5. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ЗЕЛЕНИЛОТО ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ, НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД И ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА

За целосно согледување на постојната состојба во границите на планскиот опфат направени се детални истражувања.

Истражувањата на просторот се извршени по пат на директен увид на теренот, директна комуникација со корисниците на просторот и анализа на добиените податоци.
При увид на самото место инвентаризиран е секој поединечен објект со сите негови карактеристики како и начинот на користење на земјиштето.
Со анализата извршена е обработка и класификација на добиените податоци, при што се добиени согледувања од повеќе аспекти: изграденост, функционална искористеност на просторот, диспозиција на функции во локалитетот и друго.

**Реализација и намена на просторот**
Од истражувањето на постојната состојба и увидот на терен, констатирано е дека доминира градежно изградено земјиште, додека останатиот дел од планскиот опфат го сочинуваат комунална инфраструктура и неизградено земјиште.

Покрај објекти за домување, во рамки на селото има реализирано и објекти за задоволување на основните потреби на населението, како што се основно училиште, градинка, државни институции-полициска станица, продавници, деловни објекти, лесна и незагадувачка индустрија, сервиси, објекти од култура (дом на култура), верски објект - црква, хотелски комплекси, спортски сали и игралишта, хидроцентрала, бензинска пумпа и гробишта.

Во графичкиот прилог начинот на употреба на земјиштето е обележан со следните класи на намени, односно поединечните намени на градбите:

- А1 - домување во станбени куќи
- А2 - домување во станбени згради
- А4 - времено сместување
- Б1 – мали комерцијални и деловни намени
- Б4 – деловни дејности
- Б5 – хотелски комплекси
- В1 - образование и наука (основно училиште)
- В2 – здравство и социјална заштита (детска градинка)
- В3 – култура (дом на култура)
- В4 – државни институции (полицикса станица)
- В5 – верски институции (црква)
- Г2 - лесна и незагадувачка индустрија
- Г3 – сервиси;
- Д1 - парковско зеленило
- Д3 – спорт и рекреација;
- Д4 - меморијални простори (гробишта)
- Е2 – комунална супраструктура (бензинска пумпа)
- Е2 – комунална супраструктура (хидроцентрала)
- Е3 – некомпатибилна инфраструктура (трафостаници над 20кв) и
- Н3 - неизградено земјиште.

Во однос на катноста, објектите се претежно приземни, а највисоките се до П+2+Пк (приземје, два ката и поткровје). Инвентаризирани се 558 објекти за домување, од кои дел се за времено сместување.
Во планскиот опфат егзистира Основно училиште „Кочо Рацин" од прво до деветто одделение. Во графичките прилози инвентаризиран е и срушен објект кој не е во функција и кој порано бил училиште.
Во планскиот опфат постои уреден парк, спортски игралишта, гробишта и зеленило во дворните места. Вкупната површина на намената зеленило и рекреација изнесува 2,24ха.
Добиените податоци од извршените детални истражувања на просторот се прикажани табеларно како и на графички прилози.

## 6. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ПОСТОЕЧКИ СПОМЕНИЧКИ ЦЕЛИНИ И ГРАДБИ ОД КУЛТУРНО - ИСТОРИСКО ЗНАЧЕЊЕ

Според доставените податоци од Министерството за култура на РМ - Управа за заштита на културното наследство (17-770/2 од 05.03.2018год.), во рамките на планскиот опфат на УПС Нов Дојран се наоѓа добро за кое основано се претпоставува дека претставува културно наследство:

- Археолошки комплекс (населба и некропола) "Топлец" (4-806-019/006);
- Црква „Св. Ѓорѓи" (4-804-018/044 Е-НД).

За подрачјето на планскиот опфат на Урбанистички план на село Нов Дојран, НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Струмица има изработени Заштитно конзерваторски основи од 2019 година.

### 6.1 Мерки на заштита

#### 6.1.1. Валоризација

Во рамките на подрачјето на опфатот постои археолошки локалитет кој поседува карактеристики по своите градби од различни временски периоди и е означен како археолошки локалитет ,,Манастир,, со културно-историски вредности кој има доволно елементи врз основа на кои може да биде анализиран и валоризиран ,со цел да биде ставен под заштита како културно наследство.

Археолошкиот локалитет ,,Манастир,, се состои под повеќе откриени локации кои ги добиле имињата согласно местото каде е вршено откривањето на културното добро.Тие локации се евидентирани со евидентни броеви и тоа:

- училиште 4-806-018/133 ЕНД
- караула 4-806-018/6 ЕНД
- манастир 4-806-018/131 ЕНД
- еднокорабна црква 4-806-018/193 ЕНД
- црква 4-806-018/195 ЕНД
- нов Дојран 4-806-018/9 ЕНД
- школо 2 4-806-018/194 ЕНД

Валоризација за археолошки локалитет манастир кој заслужува да биде ставен под заштита:

**Валоризација за археолошки локалитет „Манастир„ кој заслужува да биде ставен под заштита:**

| | | |
|---|---|---|
| **2.** | | • **училиште 4-806-018/133 ЕНД**<br>• **караула 4-806-018/6 ЕНД**<br>• **манастир 4-806-018/131 ЕНД**<br>• **еднокорабна црква 4-806-018/193 ЕНД**<br>• **црква 4-806-018/195 ЕНД**<br>• **нов Дојран 4-806-018/9 ЕНД**<br>• **школо 2 4-806-018/194 ЕНД** |
| **назив** | **Археолошки локалитет Манастир** | |

| | | |
|---|---|---|
| **локација** | **Нов Дојран** | |
| **адреса** | | |
| **Катастарска парцела** | | Бидејќи археолошкиот локалитет опфаќа поголема површина од селото Нов Дојран во која има премногу парцели кои се со изградени објекти, како и парцели кои се обработливо и необработливо земјиште, а поради неможност сите да се избројат,сите катастарски парцели кои се наоѓаат внатре во оцртаната зона на археолошкиот локалитет „Манастир„ припаѓаат на него. |
| опис на содржиние | Населба и некропола од римско,доцноантичко и ранохристијанско време | |
| граници | Границите на археолошкиот локалитет „Манастир„ се во границите на следните блокови: дел од блок 3, блок 4, дел од блок 7,блок 8, блок 9, блок 10, блок 11 и дел од блок 12. | |
| контакти зони | Контактната зона на археолошкиот локалитет„Манастир„ ја сочинуваат следните блокови: дел од блок 3,дел од блок 2,дел од блок 5,дел од блок 6,дел од блок 7 и дел од блок 12.<br><br>Во таа зона се наоѓаат следните катастарски парцели:<br>КП 1197/2,1197/1,1198/2,1197/3,1198/1,1199/5,1199/6,1199/4,<br>1199/3,1199/1,1199/2,1203/6,1202,1204,1203/5,1334,1203/1,<br>1203/3,1203/8,1203/2,1338,1337,1335,1336,1333,1341,1344,<br>1343/1,1343/2,1342,1388,1381,1382,1384,1389,1347/2,1347/1,<br>1357/2,1361/2,1357/1,1361/1,1359,1360,1358,1387/2,1388,1393,<br>1394,1401,1402,1400,1403,1415,1414,1418,1419,1412,1413, | |

| | |
|---|---|
| | 1421/2,1421,1404,1399,1398,1395,1396,1397,1406,1405,1410, 1411,1413,1421,1423,1485/2,1485/1,1422/2,1477,1407,1422/3, 1422/1,1466,1465,1485/1,1485/2,1491/1,1491/2,1492,1493, 1500/1,1500/2,1501,1507,1510/1,1510/2, 1509/1,1509/2,1523, 1522,1524,1525,1532,1538/3,1538/1,1538/4,1537,1542,1541,1539,1540/1 ,1543,1545,1547/1,1547/2,1544,1778,1777,1775,1757,1774,1773/1, 1760,1770,1765,1762,1746,1745,1744,1743/1,1743/2,1766,1764,1741, 1742,1705,1706,1598,1599/2,1599/1,1599/3,1823,1824,1831,1832/1, 1832/2,1833,1836,1837,1843,1844,1847,1846,дел од 1878/1,1850, 1848,1842,1785/3,1785/2,1785/1,1840/1,1840/2,1768,1764,1829, 1766,1765/1,1745,1744,1826,1601,1830,1825,1827,1798,1796,1794, 1786,1795,1787/2,1787/1,1789,1788,1780/1,1780/2,1779/3,1779/1, 1779/2,1781,1770,1782,1783,1760,1773/1,1759,1753,1761,1772, 1773/2,1777,1852/2,1835/2,1834/3,1819/2,1606/2,1586/2,1569/1, 1569/2,1267(пат),1248,1250,1240/2 (пат),1252, 1200 и 1201 (пат) |
| површина на доброто | 602342 м2 |
| вкупна површина на заштитеното добро | Околу 122 529,9 м2<br>Арх лок со контак зона |
| автор | - |
| време на настанување | 3 ти, 4ти, 5 ти, 9 ти и 10 век в.н.е |
| намена | Археолошки локалитет |
| Вредности и значење | Истражуваниот простор во делот на населбата Нов Дојран е дефиниран како археолошки локалитет под името,,Манастир,,поради тоа што истражувањата се вршени парцијално во разни временски периоди,интервентно во одредени парцели ,така да дадени се посебни имиња на парцелите во кои се пронајдени остатоци од градби и гробни конструкции.<br>Така во непосредна близина на **училиштето** откриени се остатоци на еднокорабна црква околу која се наоѓаат гробови со камени плочи. Тој простор е истражуван кон крајот на 50-тите години од XX век од страна на археологот Блага Алексова.<br>**Локацијата Манастир** е наречена месноста во подножјето на активната црква „Св.Горгиј“, со ископувањата на Археолошки Музеј од Скопје во 1958 година од страна на археологот Блага Алексова, кога се |

| | | |
|---|---|---|
| | откриени остатоци на сакрален објект-црква и истражени се 20 гробови од X-XI век.<br><br>**Локацијата Црквиште** е наречена месноста во дворните места на Г.Поп-Коцев, Р.Џиков и Р.Кацаниев, јужно од современиот пат кој води кон Стар Дојран, во централниот дел на градот, каде се откриени остатоци од луксузна, трокорабна, ранохристијанска базилика, со нартекс и широка полукружна апсида. Подот и презвитериумот бил изведен со бели мермерни плочки, организирани во полиња што оформуваат крст. Најдена е богата архитектонска пластика од бел мермер датирана во IV-V век.<br><br>**Локацијата Манастир и Караула** е наречена месноста во центарот на градот, при поставувањето на нова водоводна мрежа и канализација, каде се откриени остатоци од неколку доцноантички и римски гробови со богати наоди составени од ќерамички садови, ламби, накит и монети. Кај еден од гробовите, надгробната мермерна плоча е богато украсена со флорална и антропоморфна декорација.<br><br>Сите овие дефинирани локации со наоди од археолошка ,културна и уметничка важност укажуваат на претпоставка дека се работи за остатоци од античката населба Тауријана,или веројатно античкиот град Добер.<br><br>Овие антички населби ,особено богатите и луксузни градби, како и гробници се од голема важност за науката. | |
| **состојба** | **Средна** | |

**Археолошки локалитет Манастир**

Според Археолошката карта на Р.Македонија целиот простор на современата населба Нов Дојран е назначен како населба и некропола од римското, доцноантичкото и ранохристијанското време, а особено просторот вдолж патот кој поминува низ Нов Дојран и води кон месноста Стар Дојран. Овде се констатирани остатоци од темели на градби, базилика, архитектонска пластика, гробови со конструкција од типот „на две води" и многубројни археолошки остатоци (керамика, монети, накит), како и скулптурална пластика.

Се претпоставува дека се работи за остатоци од античката населба Tauriana.

Сите дефинирани локациина овој археолошки локалитет со наоди од археолошка ,културна и уметничка важност укажуваат на претпоставка дека се работи за остатоци од античката населба Тауријана или античкиот град Добер.

Локалитетот поседува доволно елементи како населба и некропола да се изврши негова валоризација.

Напомена:

Во согласност со законот за заштита на културното наследство, за предложениот локалитет во рок од една година потребно е да биде изработен Елаборат за валоризација.

- Категоризација

Напомена: Конечната категоризација за локалитетот да биде дадена при изработка на елаборатот за валоризација.

Археолошки локалитет „Манастир"

Согласно чл.3 од Правилникот за валоризација, категоризација и ревалоризација, согласно категоризација според значење, се одредува како **значајно културно наследство.**

На овој археолошки локалитет констатирани се остатоци од темели на градби, базилика, архитектонска пластика, гробови со конструкција од типот „на две води" и многубројни археолошки остатоци (керамика, монети, накит), како и скулптурална пластика.
Сите дефинирани локации na овој археолошки локалитет со наоди од археолошка ,културна и уметничка важност укажуваат на претпоставка дека се работи за остатоци од античката населба Тауријана или античкиот град Добер.

Критериумот за ова категоризација е тоа што претставува населба и некропола од римското доцноантичко и ранохристијанско време.
Исто така критериум за ова категоризација е културно историското, но и општественото значење на овој локалитет.
Археолошкиот локалитет „Манастир", согласно категоризацијата според загрозеност, се одредува како незагрозено културно-наследство.

### 6.2 Режим на заштита

#### 6.2.1 Режим на заштита на археолошки локалитет
Археолошкиот локалитет „Манастир" е со режим на заштита од втор степен, а неговата контактна зона е со режим на заштита од трет степен.

За овој археолошки локалитет се одредува режим на заштита од втор степен, што подразбира дека археолошкиот локалитет во рамките на своите граници претставува заштитена целина која има контактна зона.

#### 6. 2. 1. Зони на заштита
Контактната зона на археолошкиот локалитет „Манастир" се наоѓа во блоковите: дел од блок 3, дел од блок 2, дел од блок 5, дел од блок 6, дел од блок 7 и дел од бклок 12.
Во таа зона се наоѓаат следните катастарски парцели:

КП 1197/2,1197/1,1198/2,1197/3,1198/1,1199/5,1199/6,1199/4,
1199/3,1199/1,1199/2,1203/6,1202,1204,1203/5,1334,1203/1,
1203/3,1203/8,1203/2,1338,1337,1335,1336,1333,1341,1344,
1343/1,1343/2,1342,1388,1381,1382,1384,1389,1347/2,1347/1,
1357/2,1361/2,1357/1,1361/1,1359,1360,1358,1387/2,1388,1393,
1394,1401,1402,1400,1403,1415,1414,1418,1419,1412,1413,
1421/2,1421,1404,1399,1398,1395,1396,1397,1406,1405,1410,
1411,1413,1421,1423,1485/2,1485/1,1422/2,1477,1407,1422/3,
1422/1,1466,1465,1485/1,1485/2,1491/1,1491/2,1492,1493,
1500/1,1500/2,1501,1507,1510/1,1510/2, 1509/1,1509/2,1523,
1522,1524,1525,1532,1538/3,1538/1,1538/4,1537,1542,1541,1539,1540/1,1543,1545,1547/1,1547/2,1544,1778,1777,1775,1757,1774,1773/1,
1760,1770,1765,1762,1746,1745,1744,1743/1,1743/2,1766,1764,1741,
1742,1705,1706,1598,1599/2,1599/1,1599/3,1823,1824,1831,1832/1,
1832/2,1833,1836,1837,1843,1844,1847,1846,del od 1878/1,1850,
1848,1842,1785/3,1785/2,1785/1,1840/1,1840/2,1768,1764,1829,
1766,1765/1,1745,1744,1826,1601,1830,1825,1827,1798,1796,1794,
1786,1795,1787/2,1787/1,1789,1788,1780/1,1780/2,1779/3,1779/1,

1779/2,1781,1770,1782,1783,1760,1773/1,1759,1753,1761,1772,
1773/2,1777,1852/2,1835/2,1834/3,1819/2,1606/2,1586/2,1569/1.

Во заштитената зона и во контактната зона не се дозволени никакви интервенции без конзерваторско одобрение и мислење издадено од надлежниот орган за заштита на културното наследство, во согласност со Законот за заштита на културното наследство.

### 6. 2. 2. Степени на заштита за подрачјето на опфатот на УП за село Нов Дојран

За археолошкиот локалитет „Манастир" согласно Извештаите за одредување на режим на заштита од Зоран Рујак и Душко Цветанов (бр. 09-146/2 од 10.04.2019г) се предлага режим на заштита од втор степен кој согласно закон ги опфаќа следните ограничувања:

- Забрана за градење секаков вид градби со темелни ископи подлабоки од 30 см што можат да влијаат врз состојбата на остатоците од културното наследство, па динамиката, видот и обемот на археолошките истражувања или спроведувањето на мерките на заштита на односниот дел од заштитеното подрачје.
- Изведба на електрични водови, водоводна и канализациона инсталација на длабочина поголема од 30 см што можат да влијаат врз состојбата на остатоците од културното наследство или спроведувањето на мерките на заштита на односниот дел од заштитеното подрачје.
- Партерно уредување на блоковите со изведба на одни патеки и други придружни структури за кои се потребни површински ископи подлабоки од 30 см што можат да влијаат врз состојбата на остатоците од културното наследство, динамиката, видот и обемот на археолошките истражувања или спроведувањето на мерките на заштита на односниот дел од заштитеното подрачје
- Поставување урбана опрема за која е потребно спроведување на инсталации со површински ископ подлабок од 30 см што можат да влијаат врз состојбата на остатоците од културното наследство
- Забрана за садење повеќегодишни земјоделски култури на длабочина поголема од 30 см што можат да влијаат врз состојбата на остатоците од културното наследство и значително да го оштетат заштитеното подрачје.

Сите горенаведени интервенции може да се изведат доколку претходно се извршат заштитни археолошки истражувања со кои ќе се потврдат или негираат остатоците од културното наследство. Археолошките истражувања се спроведуваат на товар на инвеститорот.

Во рамките на заштитената зона, режимот на заштита вклучува и дозволени дејства на посегање по интегритетот на заштитената зона, што се преземаат согласно закон, а се однесуваат на:

- археолошки ископувања (систематски, заштитни, сондажни) и примена на недеструктивни методи на археолошки истражувања;
- редовно одржување на откриените објекти и другите содржини на заштитеното подрачје од страна на имателот, односно, субјектот којшто управува со заштитеното добро, со благовремено преземање на технички мерки и други оперативни дејства и активности што не спаѓаат во доменот на непосредната заштита, како и одржување на чистотата во границите на доброто;
- чување на остатоците од културно наследство од страна на имателот, односно субјектот којшто управува со заштитеното добро, преку преземање мерки за физичко и техничко обезбедување од неповикан пристап, неовластено користење, недозволено ископување, узурпација, присвојување, намерно оштетување и уништување или други незаконски дејства против заштитеното добро или кој било негов составен дел;
- презентирање на доброто како археолошко наследство, соодветно уредување на истражениот простор и обезбедување достапност на јавноста до откриените археолошки содржини, заради задоволување на културните, научните, едукативните, туристичките и другите потреби на граѓаните и општеството;
- користење на неистражените делови во границите на доброто според нивната постојна намена како земјоделски површини, исклучувајќи длабоко орање над 30 цм и одгледување култури или пренамена на земјиштето, што можат да влијаат врз динамиката, видот и обемот на археолошките истражувања или спроведувањето на мерките на заштита на односниот дел од заштитената зона

### 6.2.3 Контактна зона – зона на ограничена заштита

**За контактните зони,** кои ги вклучуваат катастарските парцели во дел од блоковите 1 и 3 од месноста „Топлец" како и блоковите: дел од блок 3, дел од блок 2, дел од блок 5, дел од блок 6, дел од блок 7 и дел од блок 12, од археолошкиот локалитет Манастир согласно Извештаите за одредување на режим на заштита од трет степен кој опфаќа вршене на археолошки надзор при било каква интервенција на наведените парцели.

Режимот на заштита, согласно закон, ги опфаќа следните ограничувања:

- да се врши ископ на темели или подруми ниту да се изведуваат кој било друг вид земјани или градежни работи без претходно спроведување заштитни археолошки истражувања;
- да се градат какви било објекти на локации на кои со археолошки истражувања ќе се откријат особено вредни остатоци на недвижно археолошко наследство што заслужуваат да бидат зачувани поради нивното значење;
- да се градат или внесуваат индустриски или слични капацитети и да се воведуваат намени што придонесуваат за присуство на разни форми на загадување или предизвикуваат бучава и вибрации;
- да се изведуваат интервенции кои можат да го загрозат интегритетот на локалитетот и на самата контактна зона, особено на нејзините делови околу границите на археолошкиот локалитет на растојание од најмалку 50 метри,

Во контактната зона режимот на заштита вклучува и дозволени дејства на посегање во интегритетот на контактната зона што се преземаат согласно со закон, а се однесуваат на:

- контрола на градењето и на изведбата на кои било други работи во границите на контактната зона, особено ако со тоа се попречува истражувањето, заштитата или достапноста локалитетот или се нарушува интегритетот на заштитеното подрачје;
- задржување на постојната намена на објектите вклучени во границите на контактната зона;
- обликување на отворените простори вклучени во границите на контактната зона на начин што обезбедува да не се наруши интегритетот на односниот дел од заштитеното подрачје;
- контрола на урбаната инфраструктура на односните делови од контактната зона каде со несоодветно планирање и/или изведба би се попречило функционирањето на заштитеното добро

### 6.3. Посебни мерки за заштита

За археолошкиот локалитет „Манастир" потребни се дополнителни истражувања, конзерваторски и историски, но кога ќе се створат услови за тоа. Потребно е документирање на добрата, изработка на посебни студии за нив, елаборати, подготвителни мерки во случај на природни непогоди.

Потребно е да се предвидат мерки за заштита од последиците од загадување, мерки за унапредување на квалитетот на животната средина во заштитеното подрачје, потребно е позначување на добрата кои се наоѓаат на точно одредените локации во Нов Дојран, како и одредување на мерки за нивно спасување во непредвидени ситуации.

## 7. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

### 7.1. Сообраќај

Според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

– Е-75 кој се поклопува со магистралниот пат М-1 : (СР-Табановце- Куманово-Велес-Богородица-ГР) - Коридор за патен сообраќај во насока север-југ

– М-1 - (СР-Табановце-Куманово-Велес-Богородица-ГР)

Врз основа на Одлуката за категоризација на државните патишта („Службен весник на Република Македонија" број 133/11, 150/11 и 20/12) овој магистрален патен правец се преименува со ознаката:

– А1 - (Граница со Србија-ГП Табановци-Куманово-Велес-Неготино-Демир Капија-Гевгелија-граница со Грција-ГП Богородица и делница Градско- Прилеп-врска со А3).
Во идната патна мрежа на Р. Македонија, основните патни коридори ќе ги следат веќе традиционалните правци во насока север-југ (коридор 10), односно исток-запад (коридор 8), што се вкрстосуваат во просторот помеѓу градовите: Скопје, Куманово и Велес. На тој начин дел од магистралните патишта во Република Македонија ќе формираат три основни патни коридори, што треба да се изградат со технички и експлоатациони карактеристики компатибилни со системот на европските автопатишта (ТЕМ):
– север-југ: М-1 (Србија - Куманово - Велес - Гевгелија - Грција)
– исток-запад: М-2 и М-4 (Бугарија-Крива Паланка-Куманово-Скопје- Тетово-Струга-Албанија и крак Скопје - Србија)
– исток-запад: М-5 (Бугарија - Делчево - Кочани - Штип - Велес -Прилеп - Битола - Ресен - Охрид- Требеништа- М4 (крак Битола -граница со Грција)
Релевантниот регионален патен правец за предметната локација според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) влегува во групата на регионални патишта "Р1" и е со ознака:
– Р1105 - (Врска со А1-Миравци-Давидово-Удово-врска со Р1102- Валандово-Дојран-гр. со Р. Грција-Сретеново и делница Стар Дојран-гр. со Р. Грција-Николиќ.

До подрачјето на планскиот опфат на село Нов Дојран може да стигне од следните правци:

- од југ - преку преку регионалниот пат со кој село Нов Дојран е поврзано со Стар Дојран
- од северозапад - преку регионалниот пат со кој село Нов Дојран е поврзано со град Валандово
- од североисток - преку локален пат со кој село Нов Дојран е поврзано со село Николиќ

Во рамки на подрачјето на планскиот опфат во деловите каде што постои изграден градежен фонд, реализирана е улична мрежа. Во голем дел станува збор за улици со променливи профили, но постојат мал број на улици кои се асфалтирани.

### 7.2. Хидротехничка инфраструктура

Водоснабдувањето во Општина Дојран се врши преку користење на неколку бунарски подрачја – Топлец, Деребаш, Две чешми и бунарско подрачје во с.Црничани, со кои се обезбедува вода за Нов Дојран, Стар Дојран, Сретеново, Фурка и Црничани, со потисни цевководи до резервоари од кои се дистрибуира преку гравитациски систем кој е застарен и не е поделен на зони на притисок. Резервоарот Топлец е лоциран западно од селото и од него се обезбедува вода за Нов Дојран.
За постоечката водоводна инфраструктура не се доставени графички податоци од страна на надлежното јавно претпријатие.

Во Нов Дојран е изведена главна – колекторска канализациона линија и делумно секундарна улична мрежа. Колекторот ги собира отпадните води и ги носи до постоечка пречистителна станица која се наоѓа на околу 200м североисточно од Нов Дојран. Системот е изведен пред повеќе од триесет години, целосно застарен и не работи со полн капацитет. Отпадните води во пречистителната станица се третираат на примарно и секундарно ниво и процесот завршува со бактериолошки третман, затоа што заради поставеноста на станицата, реципиент на отпадните води е Дојранското Езеро.
За постоечката канализациона инфраструктура не се доставени графички податоци од страна на надлежното јавно претпријатие.

За надополнување на Езерото со потребните количини на вода во функција е системот „Ѓавато - Дојран" преку кој подземните води од алувиумот на реката Вардар (кај селото Ѓавато) се зафаќаат и се испуштаат во Дојранското Езеро. Цевководот навлегува во дел од планскиот опфат и на истиот е изградена мала хидроелектрична централа „Топлец".

На граница на планскиот опфат минува отворен канал за атмосферски води Топлец на кој се приклучува цевководот.

### 7.3. Електро-енергетска инфраструктура

Согласно добиените податоци и информации од ЕВН (допис бр. 10-55/3-260од 08.10.2021 година) во рамки на планскиот опфат евидентирана е:

- Нисконапонска подземна мрежа
- Нисконапонска надземна мрежа
- 10кв надземна мрежа за која во планската документација согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична елнергија предвиден е заштитен појас од 10м лево / десно.
- 10кв подземна мрежа за која во планската документација согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична елнергија предвиден е заштитен појас од 1м лево / десно.
- 35кв надземна мрежа за која во планската документација согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична елнергија предвиден е заштитен појас од 15м лево / десно.
- 110кв надземна мрежа за дистрибуција на електрична елнергија која во планската документација согласно Мрежните правила за предвиден е заштитен појас од 20м лево / десно.
- 10(20)/0.4кв трафостаници
- 110(35)кв трафостаница

Трасите на евидентиранта електро – енергетска инфраструктура се прикажани на графички прилог од Документационата основа.

### 7.4. Електронска комуникациска инфраструктура

Според податоците добиени од Македонски Телеком АД - Скопје и Агенцијата за електронски комуникации во рамки на планскиот опфат поминуваат траси на телефонски инсталации: бакарни кабли и оптички кабли.

Трасите на евидентиранта електронска комуникациска инфраструктура се прикажани на графички прилог од Документационата основа.

### 7.5. Гасоводна мрежа и објекти

Согласно податоците во рамки на планскиот опфат на УПС Нов Дојран нема изведена и проектирана гасоводна мрежа и објекти.

## 8. АНАЛИЗА НА СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВАЖЕЧКИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

За предметниот плански опфат релевантен плански документ кој ги дава основните влезни параметри и смерници при планирање на просторот претставуваат Условите за планирање на просторот.

Од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање издадено е Решение за Услови за планирање на просторот (бр. УП1-15701/2017 од 30.05.2017 година). Условите за планирање на просторот, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех. бр.Y07317 се составен дел на Решението и содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повиоко ниво и графички прилози кои претставуваат извод од Просторниот план на Република Македонија.

За планскиот опфат на УПС Нов Дојран, Општина Дојран релевантна е и следната урбанистичко планска документација:

ГУП за Стар Дојран и Нов Дојран(Одлука бр. 1868/99 од 1999 година), според кој е реализиран најголем процент од градбите.

ДУП за Туристичка – викенд населба „Калдрма" – Нов Дојран (Одлука бр. 07-126/4 од 06.06.2005 година)

ЛУПД за изградба на објекти за времено сместување на КП бр. 1178, 1188/1, 1189, 1368, 1375, 1379/2, 1379/3, 1739/4, КО Нов Дојран
(Решение бр. УП1Бр. 11-270 од 11.11.2016 година)

ЛУПД за изградба на мала хидроелектрична централа Топлец на постоечкиот цевковод за надополнување на вода во Дојранското Езеро, КО Нов Дојран, Општина Дојран
(Решение бр. УП1Бр. 11-563 од 12.09.2017 година)

Општ акт за населено место Нов Дојран, КО Нов Дојран, Општина Дојран
(Одлука бр. 08-975/3 од 29.12.2017 година)

Проект за инфраструктура за пешачка и велосипедска патека Стар Дојран – Нов Дојран, Општина Дојран (Решение бр. 10-33/14 од 13.02.2014 година)

Проект за инфраструктура за изградба на објект со намена Е1- комунална инфраструктура, изградба на улица „Едвард Кардељ", Нов Дојран, Општина Дојран
(Потврда бр. УП1Бр.11-551 од 27.10.2016 година)

## 9. АНАЛИЗА НА МОЖНОСТИ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ

Според заклучоците од анализата на постојната состојба, Планската програма и поставките и насоките дадени со Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на РМ, можностите за просторен развој треба да се движат во следните насоки:

• Усогласување на УПС со поставките на Просторниот план на РМ дефинирани во Условите за планирање на просторот;
• Рационално искористување на градежното земјиште;
• Дефинирање на единици на градежно земјиште со урбанистички параметри во согласност со намената, просторните можности на теренот и планскиот концепт;
• Дефинирање на сообраќајната мрежа и нејзино оптимизирање, како и на сообраќајот во мирување (паркирање и гаражирање);
• Оптимално димензионирање и доизградба на водоводна инфраструктра;
• Оптимално димензионирање и изградба на канализациона фекална и атмосферска инфраструктура;
• Оптимално димензионирање и изградба на електро-енергетската инфраструктура;
• Оптимално димензионирање и изградба на телекомуникациската инфраструктура;
• Дефинирање на заштитни коридори на инфраструктурните водови;
• Рационално користење на земјиштето и градбите со имплементација на услови за заштита и спасување и заштита на животната средина.

Евидентираните состојби на теренот и начинот на реализација на постоечкиот градежен фонд укажуваат на густа изграденост на градежниот фонд и пристапите кои не се во целост вклопени во правилничките нормативи согласно важечката законска регулатива, па инкорпорирањето на постоечките состојби претставува дополнителен предизвик во планирањето и детерминирањето на условите за просторен развој на предметниот плански опфат.

Проекцијата на потребниот станбен простор во планскиот период треба да се засонова на нормативите зацртани во ППРМ и тоа: 20-25м²/жител станбена површина, 40-80м²/стан (оптимална големина), 100% опременост на станот со инсталации и потполно елминирање, односно замена на субстандарниот станбен фонд.

При организација на јавните функции за село Нов Дојран, појдовен елемент претставува постојната мрежа на јавни функции под претпоставка дека идниот развој на овие функции ќе биде во согласност со економските, институционалните и други промени кои се во тек. Битна алатка во креирањето на развојните насоки на селото Нов Дојран претставуваат и демографските показатели, односно, планираниот број на жители и минималните површини кои треба да се обезбедат за непречено одвивање на животот и работата на сите корисници на просторот во планскиот период.

Урбанистичкиот план со доследна примена на актуелната законска и подзаконска регулатива, треба да предложи развој што ќе овозможи подобар степен на искористеност на градежното земјиште и подобра комунална инфраструктура, како и непречена реализација на планските одредби.

## 10. ДРУГИ ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ЗА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Согласно член 32 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 64/18 и 168/18), пристигнати се информации и податоци од релевантни државни и јавни институции и стручни служби на јавни претпријатија, кои се приложени како дел од оваа точка.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. УП1-15 701/2017 од 30. 05. 2017 година
Скопје 30. 05. 2017

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 25, став 8 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 199/44, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на општина Дојран, се издаваат Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Нов Дојран, Општина Дојран.

Површината на планскиот опфат на селото изнесува 124,64ha.

Површината на планскиот опфат за која се издаваат условите за планирање на просторот изнесува 122,25 ha. За останатиот дел од планскиот опфат се издадени Услови за планирање на просторот за кои е донесена планска документација/истата е во фаза на донесување, и тоа:

- со техн. бр. Y21413 - Локална урбанистичка планска документација за изградба на мала хидроелектрична централа „Топлец" на постоечки цевковод за надополнување на вода на Дојранско Езеро, на дел од КП 468, КО Нов Дојран, Општина Дојран, со површина од 0,492 ha и за истите издадено Решение под бр. 15-5342/2 од 30.05.2014 год.;
- со техн. бр. Y22915 - Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со класа на намена А4 времено сместување, КО Нов Дојран, Општина Дојран, на барање на "Дизајн Центар Инженеринг-Трајче" ДООЕЛ, Кавадарци, со површина од 0,499 ha и за истите издадено Решение под бр. 15-36/2 од 11.01.2016 год. и
- со техн. бр. Y00416 - Урбанистички план вон населено место со класа на намена Е2-комунална супраструктура, бензинска пумпна станица со придружни содржини, КО Нов Дојран, Општина Дојран, на барање на "Дизајн Центар Инженеринг-Трајче" ДООЕЛ, Кавадарци, со површина од 1,394 ha и за истите издадено Решение под бр. 15-2719/2 од 20.04.2016 год.

При изработка на планската документација за Урбанистички план за село Нов Дојран, Општина Дојран, се задолжува Општината да ги земе во предвид намените во просторот за кои се издадени Услови за планирање.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех.бр. 07317 се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Нов Дојран, Општина Дојран, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште и ограничување на трансформација на земјиштето во неземјоделско земјиште.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на Урбанистички план за село Нов Дојран, Општина Дојран потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

6. Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, просторот кој е предмет на разработка на Урбанистички план за село Нов Дојран, Општина Дојран, делумно навлегува во границите на заштитениот споменик на природата Дојранско Езеро и во границите на предложениот за заштита предел со посебни природни карактеристики Дојран.

При изработката на Урбанистичкиот план за село, потребно е да се утврди влијанието од изградбата на новопредвидените содржини во просторот врз евидентираното и регистрираното природно наследство и да се внимава да не дојде до нарушување на нивните вредности. Доколку се утврди дека урбанизацијата на просторот може да предизвика нарушување на биолошката и пределската разновидност на подрачјето, да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија" број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 и 63/16), Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро („Службен весник на Република Македонија" број 45/77, 8/80, 51/88, 10/90, 62/93), Законот за прогласување на Дојранското Езеро за споменик на природата ("Службен весник на РМ", број 51/11), како и заштитната категорија и режимите на заштита, согласно валоризацијата дадена во Просторниот план на РМ (2004 год.) - Студијата за заштита на природното наследство.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Дојран, врз основа на член 25 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), со постапка бр. 9487 од 09.03.2017 год. до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Нов Дојран, Општина Дојран.

Согласно член 25 став 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Нов Дојран, Општина Дојран и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 701/2017 од 12.05.2017 година.

Условите за планирање на просторот се издаваат за изработка на Урбанистички план за село Нов Дојран, Општина Дојран, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија, претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение за Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Нов Дојран, Општина Дојран и одлучи како во диспозитивот.

Упаство за правно средство: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ СКОПЈЕ

МИНИСТЕР
Bashkim Ameti

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ СКОПЈЕ

Изготвил: Дајана Марковска Ристеска

Одобрил: Неби Рецепи

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

SPATIAL PLANNING AGENCY

# УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

## ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО НОВ ДОЈРАН ОПШТИНА ДОЈРАН

### КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Тех. бр. Y07317

Скопје, Мај 2017

# УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

## ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО НОВ ДОЈРАН ОПШТИНА ДОЈРАН

### КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Барател: Општина Дојран

Тех.бр. Y07317

Раководител на задачата:
- Потребата од оформување на системот на евиденција и анализа на технолошките акциденти, компатибилен на системот MAPC на Европската унија, како база за евиденција на опасни материјали, присутни во технолошките постројки и можни причини на катастрофи.
- Потребата од предвидување на превентивни мерки од страна на стопанските субјекти за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки.
- Изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

### *Усогласување на планската документација со Просторниот план*

Сите активности во просторот треба **да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата,** а особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- енергетските системи, енерговоди и поголеми водостопански системи;
- градежните објекти важни за Државата;
- капацитетите за користење на природните ресурси;
- намената и користењето на површините;
- основите на долгорочната политика на урбанизација;
- мрежата на големата инфраструктура;
- **мрежата на населби**;
- определбите за заштита на животната средина, природното и културното наследство.

Во однос на намената на површините, определбите се следните:

- При изработка на урбанистичките планови на населбите, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво во рамките на постојните урбани опфати, а надвор од овие рамки за исклучително оправдани цели и потреби, на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија);
- Изградбата на викенд зони, стопаски зони, земјоделски и други објекти со специфични намени да се насочува кон подрачја кои со планови и програми на општините ќе бидат определени за тие цели;
- Просторите во близина на пороите да се исклучуваат од зони за изградба на објекти и истите да се заштитуваат од можните излевања и наноси со предвидување на заштитни зелени површини.

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

- Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој.
- Рационално користење на подрачјата за градба и нивно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација.
- Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.
- Создавање на услови за лоцирање на мали стопански единици.

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Условите за планирање на просторот се наменети за изработка на Урбанистички план за **село Нов Дојран, Општина Дојран**. Во граници на планскиот опфат се предвидуваат намени на земјиштето согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање. Планскиот опфат на селото изнесува 124,64 ha.

**Површината на планскиот опфат за која се издаваат условите за планирање на просторот изнесува 122,25 ha**. За останатиот дел од планскиот опфат се издадени услови за планирање на просторот за кои е донесена планска документација/истата е во фаза на донесување:

- Y00416 - Урбанистички план вон населено место со класа на намена Е2-комунална супраструктура, бензинска пумпна станица со придружни содржини, КО Нов Дојран, Општина Дојран, на барање на "Дизајн Центар Инженеринг-Трајче" ДООЕЛ, Кавадарци, со површина од 1,394 ha,
- Y21413 - Локална урбанистичка планска документација за изградба на мала хидроелектрична централа „Топлец" на постоечки цевковод за надополнување на вода на Дојранско Езеро, на дел од КП 468, КО Нов Дојран, Општина Дојран, со површина од 0,492 ha и
- Y22915 - Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со класа на намена А4 времено сместување, КО Нов Дојран, Општина Дојран, на барање на "Дизајн Центар Инженеринг-Трајче" ДООЕЛ, Кавадарци, со површина од 0,499 ha.

При изработка на планската документација за Урбанистички план за село Нов Дојран, Општина Дојран, се задолжува Општината да ги земе во предвид намените во просторот за кои се издадени Услови за планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот на населбата и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со **Просторниот план на Република Македонија**.

**При изработката на Урбанистички план за село Нов Дојран, Општина Дојран, треба да се земат во предвид горенаведените забелешки и следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.**

***Економски основи на просторниот развој***

- При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за производни и услужни дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на објективните фактори на развојот.
- **Реализацијата на Урбанистичкиот план за селото согласно определбите на "Просторниот план на Република Македонија", треба да базира на принципите и стандардите за заштита на животната средина и одржлив економски развој, особено превенција и спречување на негативните влијанија на постојните и планирани производни и услужни дејности применувајќи ја релевантната законска регулатива.**
- **Појдовна поставка за просторниот и регионалниот развој е дека за просторното и урбанистичкото планирање не се доволни**

**сознанијата за развојот на стопанството во земјата, туку треба да се согледаат и да се предвидат и последиците од тој развиток врз неговото разместување во просторот.**

- **Една од планските определби утврдени со "Просторниот план на Република Македонија" е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за зафаќање на предложената површина на планскиот опфат на селото.**

***Користење и заштита на земјоделско земјиште***

- Согласно просторниот план на Република Македонија просторот на РМ е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони**. **Предметната локација припаѓа на Медитерански или Повардарски земјоделско стопански реон поделен на Јужно медитерански со 2 микрореони и Централно-медитерански со 10 микрореони.**
- При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

***Шуми и шумско земјиште***

- Со цел да се отпочне реверзибилен процес, на враќање на шумата во терените каде таа некогаш постоела, и да се остварат оптимални користи од земјиштето и биолошките капацитети во шумарството, неопходно е: навремено изведување на одгледувачките и обновителните зафати со однапред одреден годишен изведбен план и програма; апсолутна предност да се дава на површините со изразена ерозија и терените во непосредните сливови на вештачките акумулации; пошумувањето на голините со автохтони видови на дрвја, особено околу изворите на вода предвидени за каптирање и да се врши пошумување на голините и земјоделските површини, покрај фреквентните патишта, заради заштита од зголемениот степен на загаденост.

***Водостопанство и водостопанска инфраструктура***

- Планскиот опфат на селото Нов Дојран наоѓаат во сливот на Дојранско Езеро. Заради значењето и важноста на Езерото, регистрирано како споменик на природата, секој субјект е должен во текот на своите активности да се однесува внимателно и рационално во користењето на водите, да го спречува нивното загадување и да избегнува активности кои може да предизвикаат негативни последици и ризици за животната средина.
- Отпадните води од населените места Нов Дојран и Стар Дојран се прифаќаат во канализациска мрежа и се третираат во пречистителна станица од каде се испуштаат во реципиентот. Со планската документација за селото да се предвиди приклучување на ново изградената канализациска мрежа во постоечката пречистителна станица. Квалитетот на пречистените отпадни води мора да биде во

согласност со "Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води".

- За надополнување на Езерото со потребните количини на вода во функција е системот „Ѓавато - Дојран" преку кој подземните води од алувиумот на реката Вардар (кај селото Ѓавато) се зафаќаат и се испуштаат во Дојранското Езеро. Преку овој систем може да се обезбеди и вода за населбите Богданци, Стар и Нов Дојран. Доколку дел од системот (цевковод или канал) влегува во границите на планскиот опфат на селото да се предвиди заштитен појас согласно позитивната законска регулатива;

***Енергетика и енергетска инфраструктура***

- Планскиот опфат за село Нов Дојран, Општина Дојран нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови.
- За селото потребно е да обезбеди сигурно и непрекинато снабдување со електрична енергија со напон кој ќе биде во дозволените граници.

***Урбанизација и мрежа на населби***

- Неопходно е почитување на определбите на Просторниот план во однос на дестимулација на проширување на градежното земјиште од една и поефикасно и порационално искористување на постојната ангажирана површина од друга страна;
- При изработка на урбанистичките планови на населбите, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво во рамките на постојните урбани опфати, а надвор од овие рамки за исклучително оправдани цели и потреби, на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија);
- Изградбата на викенд населби, стопански зони, земјоделски и други објекти со специфични намени да се насочува кон подрачја кои со планови и програми на општините ќе бидат определени за тие цели;
- Усогласување на густините на населеност, изграденост и спратност, со принципите на хумано живеење и рационално искористување на просторот и урбаните содржини согласно со сите видови на заштита.

***Домување***

- Основна определба на станбената изградба во областа на домувањето за **Урбанистички план за село Нов Дојран, Општина Дојран**, во планираниот период треба да биде реализација на зацртаните цели на концепцијата на домувањето во зависност од потребите и економските можности;
- Стандардите за овозможување на потребен и квалитетен станбен простор согласно ППРМ за селото треба да се заснова на нормативите зацртани во ППРМ и тоа: 20 - 25 $m^2$/жител станбена површина, 40 - 80 $m^2$/стан (оптимална големина), 100 % опременост на станот со инсталации и потполно елиминирање, односно замена на субстандардниот станбен фонд.

***Јавни функции***

- Организација на јавните функции, согласно планираната мрежа на населби, да поаѓа од постојната мрежа на јавните функции со запазување на пропишаните стандарди и нормативи согласно ППРМ а под претпоставка дека идниот развој на овие функции ќе се развива во

согласност со економските, институционални и други промени кои се во тек.

***Индустрија***

- **Развојот на индустријата во одделните општини, особено помалите, се очекува да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети и поголема застапеност меѓу другото и на агроиндустрискиот сектор.**
- Концепцијата за развој и разместеност на индустријата утврдена со "Просторниот план на Република Македонија" е поставена врз основа на повеќе цели и плански определби кои треба да се имаат во предвид доколку со Урбанистичкиот план за селото се предвиди простор за локација на индустриски капацитети.
- **Индустријата која е двигател на развојот на вкупната економија има значајно влијание врз квалитетот на животната средина. Во услови на усвоената развојна парадигма на "одржлив" развој, напорите треба да се насочат кон суштествени промени во стратегијата и политиката за развој и просторна алокација на индустриски гранки засновани на принципите на еколошка заштита. Според филозофијата на одржлив развој, економскиот односно индустрискиот развој и заштитата на животната средина прават единствен систем. Одржливиот развој претставува алтернатива за загрозените природни и создадени вредности и за создавање на хумано општество и окружување. Разрешувањето на конфликтите во овој систем треба да почива на интеракција на релацијата простор и социо-економската компоненета на развојот.**

***Сообраќајна инфраструктура***

- Според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) **автопатската и магистрална патна мрежа** релевантна за предметниот простор е:

  **А1** - (Граница со Србија-ГП Табановци-Куманово-Велес-Неготино-Демир Капија-Гевгелија-граница со Грција-ГП Богородица и делница Градско-Прилеп-врска со А3).
- Релевантниот регионален патен правец за предметната локација велгува во групата на **регионални патишта "Р1"** и е со ознака:

  **Р1105** - (Врска со А1-Миравци-Давидово-Удово-врска со Р1102-Валандово-Дојран-гр. со Р. Грција-Сретеново и делница Стар Дојран-гр. со Р. Грција-Николиќ.
- **При планирање да се почитува Законот за јавни патишта** („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16).

***Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа:***

- Планскиот опфат за село Нов Дојран, Општина Дојран нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени

општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

***Заштита на животна средина***

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Урбанистички план за село Нов Дојран, Општина Дојран, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Потенцијалната ерозија на земјиштето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјените активности, покривање на околниот терен со вегетација и оградувања на нагибите.
- Да се уредат зелените површини во границите на планскиот опфат, со видови (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет за евентуално присутните загадувачки материи во воздухот и почвата.
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.
- Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена.
- Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.
- Да се избегне губење, модификација и фрагментација на живеалишта и прекумерно искористување на природните богатства, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на екосистемите.
- Да се изведуваат енергетски ефикасни објекти и да се применуваат најдобри достапни технологии во процесот на производство.

***Заштита на природно наследство***

- **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, просторот кој е предмет на разработка на Урбанистички план за село Нов Дојран, Општина Дојран, делумно навлегува во границите на заштитениот споменик на природата Дојранско Езеро и во границите на предложениот за заштита предел со посебни природни карактеристики Дојран.**
- При изработката на Урбанистичкиот план за село, потребно е да се утврди влијанието од изградбата на новопредвидените содржини во просторот врз евидентираното и регистрираното природно наследство и да се внимава да не дојде до нарушување на нивните вредности. Доколку се утврди дека урбанизацијата на просторот може да предизвика нарушување на биолошката и пределската разновидност на подрачјето, да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија" број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 и 63/16), Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро („Службен весник на Република Македонија" број 45/77, 8/80, 51/88, 10/90, 62/93), Законот за прогласување на Дојранското Езеро за споменик на природата ("Службен весник на РМ", број 51/11), како и заштитната категорија и режимите на заштита, согласно валоризацијата дадена во Просторниот план на РМ (2004 год.) - Студијата за заштита на природното наследство.
- Доколку при изработка на урбанистичкиот план за село или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

***Заштита на културно наследство***

- Доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива, односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

***Туризам и организација на туристички простори***

- Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа на **Средно - Вардарски туристички регион со 6 туристички зони и 24 туристички локалитети и е дел од простори коишто имаат национално туристичко значење.**
- **Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.**

***Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи***

- **Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Нов Дојран, Општина Дојран, се наоѓа во индиректно загрозени простори од воени дејства.** Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- **Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII и IX степени по МКС**, што наметнува задолжителна примена на нормативно- правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore

Бр/Nr. 10-9819/2

Скопје/Shkup 14 -10- 2022 година/viti

ДО **Општина Дојран**
ул.„ Кеј 5-ти Ноември“ бб

**Предмет: Мислење**

Почитувани,

Врз основа на Вашиот допис број УП1Бр.12-27 од 12.08.2022 год. кој се однесува за добивање мислење за Урбанистички план за село Нов Дојран, општина Дојран, Ве известуваме:

Стручната служба при Јавното претпријатие за државни патишта, го разгледа пристигнатиот прилог, заверен со евиденциски број на Јавното претпријатие 10-4995/1 од 17.05.2022 година:

- Комплет УПС.

По однос на Урбанистички план за Нов Дојран, општина Дојран, Јавното претпријатие за државни патишта нема забелешки и дава позитивно мислење, бидејќи ширината на заштитниот појас на регионалниот пат Р1105 (Р-604) е превземена и е во согласност со Општиот акт за населено место Ново Дојран, донесен со одлука бр.08-975/3 од 29.12.2017г.

Со почит,

Директор
Ejup Rustemi

Изработил: Драгица Гашпарова
Контролирал: Зоран Велков
Одобрил: d-r Ejup Latifi

Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore

ул.Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
пт. “Dame Gruev” nr.14
Republika e Maqedonisë së Veriut

Тел/Tel:02 3118-044,
Факс/Fax 02 3220-535; 02/3116-385
e-mail: contact@roads.org.mk
Web: www.roads.org.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ЗА ВОДИ - DEPARTMENTI I UJËRAVE
УП1/РА 1-11/5-1347/2020
Дата/Data: 28-01-2021 год/viti

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДОЈРАН
ГРАДОНАЧАЛНИК

| Примено: | | | |
|---|---|---|---|
| Сп. број: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| | | | |

ДО/DERI TE: Општина Дојран
ул."Раде Кратовче" бр. 1
Ул. "5-ти ноември" бб
1487 Дојран

ПРЕДМЕТ/LËNDA: Доставување на Решение за давање на согласност

Почитувани,
Të nderuar,

Во прилог на овој допис Ви го доставуваме Решението за давање на согласност на Предлог одлуката за определување на ширината на крајбрежен појас на суводолици во село Нов Дојран опфатени со Урбанистички план за село Нов Дојран, општина Дојран

Со почит,
Me respekt,

МИНИСТЕР/MINISTËR
Naser Nuredini

Изработил/Përpiloi: Билјана Апостолова
Контролирал/Kontrolloi: Љупка Л. Зајков
Согласен/Miratoi:Илбер Мирта
Одобрил/Aprovoi: Hisen Xhemaili
в.д. Директор на Управата за животна средина
u.d. Drejtor i Drejtorisë për mjedis jetësor

Во прилог: Синтезен план бр. 0801-03-02/17 од јануари 2021 година

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ЗА ВОДИ - DEPARTAMENTI I UJËRAVE
УП1/РА 1-11/5-1347/2020
Дата/Data: 28-01-2021 год./viti

Врз основа на член 131 став 2, точка 3 од Законот за води ("Службен весник на Република Македонија" бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16) постапувајќи по барањето на Општина Дојран УП1-11/5-1347/2020 од 07.09.2020 година, Министерството за животна средина и просторно планирање донесе:

# РЕШЕНИЕ

**за давање на согласност на предлог одлуката за определување на ширината на крајбрежниот појас на суводолици во село Нов Дојран, општина Дојран за донесување на Урбанистички план за село Нов Дојран, општина Дојран**

Со ова Решение, Министерството за животна средина и просторно планирање дава СОГЛАСНОСТ на предлог одлуката за определување на ширината на крајбрежен појас на суводолици во село Нов Дојран опфатени со Урбанистички план за село Нов Дојран, општина Дојран и тоа:

- Суводолица 1 од стационажа 0+000 до 0+132 дефинирана со почетни координати X=4 565 565,3085 и Y=7 642 606,7961 и крајни координати X=4 565 612,5969 и Y= 7 642 720,3674;
- Суводолица 2 од стационажа 0+000 до 0+968 дефинирана со почетни координати X=4 565 561,0012 и Y= 7 642 615,5204; и крајни координати X=4 565 931,9066 и Y= 7 643 490,1129;

Ширината на крајбрежниот појас на Суводолица 1 ќе изнесува најмалку 3 метри од крајната линија на регулацијата од левата и десната страна на коритото додека ширината на крајбрежниот појас на Суводолица 2 ќе изнесува најмалку 3 метри од крајната линија на регулацијата од двете страни на коритото а дел од коритото е со заштитен појас од 3 метри од едната страна и улица од другата страна на коритото.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Министерството за животна средина и просторно планирање од страна на Општина Дојран доставено е барање заведено под број 09-876/4 од 28.12.2020 година со следната документација: Хидролошка студија за суводолиците во плански опфат на УПС Нов Дојран, општина Дојран со тех.бр. 0801_03_09/20 од 26.01.2021 година изработена од ДПИ "Иванов Инженеринг" ДООЕЛ Битола, два примерока во хартиена форма од графичкиот прилог - Синтезен план бр. 0801-03-02/17 од јануари 2021 година како и Предлог одлука за определување на ширина на крајбрежен појас на суводолици во село Нов Дојран, опфатени со Урбанистички план за село Нов Дојран, општина Дојран .

По увидот во доставената техничка документација, Министерството за животна средина и просторно планирање утврди дека истата ги содржи потребните хидролошки анализи и пресметки за усвојување на меродавните големи води како и соодветна хидрауличка анализа, врз основа на што е предложен попречниот профил на регулираното корито на Суводолица 1 и Суводолица 2 и е определена ширината на крајбрежниот појас од најмалку по 3 метри од крајната линија на регулацијата од левата и десната страна на коритото на Суводолица 1 и ширината на крајбрежниот појас на Суводолица 2 која ќе изнесува најмалку 3 метри од крајната линија на регулацијата од двете страни на коритото а дел од коритото е со заштитен појас од 3 метри од едната страна и улица од другата страна на коритото.

Согласно дадените хидраулички пресметки на водотеците во Хидролошка студија усвоени се следните димензии на регулирано корито кои ќе овозможат евакуација на вода со веројатност на појава на 50 години и тоа:
- Усвоен е правоаголен профил на корито на Суводолица 1 со димензии: ширина на светол профил од 3 m и висина на корито од 1,40 m кое овозможува безбедно пропуштање на $Q_{50}=8,9m^3/s$;
- Усвоен е правоаголен профил на корито на Суводолица 2 со димензии: ширина на светол профил од 3 m и висина на корито од 1,40 m за делница 1 и ширина на светол профил од 4,5 m и висина на корито од 1,40 m за делница 2 кои овозможуваат безбедно пропуштање на $Q_{50}=8,9m^3/s$;

Согласно горенаведеното Миинстерството за животна средина и просторно планирање одлучи како во диспозитивот на ова Решение.


**Правна поука:** Против ова решение може да поднесе жалба во рок од **15 дена** од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Со почит,

МИНИСТЕР/MINISTËR

Naser Nuredini

Изработил/Përpiloi: Билјана Апостолова
Контролирал/Kontrolloi: Љупка Д. Зајков
Согласен/Miratoi:Илбер Мирта
Одобрил/Aprovoi: Hisen Xhemaili
в.д. Директор на Управата за животна средина
u.d. Drejtor i Drejtorisë për mjedis jetësor




| | НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ | површина (ха) | | процент |
|---|---|---|---|---|
| БЛОК 1 | А - домување | | 1.93 | 16.51% |
| | А1 - домување во станбени куќи | | | |
| | Б - комерцијални и деловни намени | | 2.09 | 17.87% |
| | Б5 - хотелски комплекси | | | |
| | Г - Производство, дистрибуција и сервиси | | | 16.53% |
| | Г2 -лесна и незагадувачка индустрија | 1.41 | 1.93 | |
| | Г3 - сервиси | 0.52 | | |
| | Д - Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори | | 3.55 | 30.35% |
| | Д3 - спорт и рекреација | | | |
| | Е - инфраструктура | | | 18.74% |
| | Е1 - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | 1.08 | 2.19 | |
| | Е2 - комунална супраструктура (бензинска пумпна станица) | 0.27 | | |
| | Е2 - комунална супраструктура (хидроцентрала) | 0.84 | | |
| | ВКУПНО | | 11.69 | 100.00% |

| | НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ | површина (ха) | | процент |
|---|---|---|---|---|
| БЛОК 2 | А - домување | | 5.51 | 58.84% |
| | А1 - домување во станбени куќи | | | |
| | Б - комерцијални и деловни намени | | 0.27 | 2.85% |
| | Б5 - хотелски комплекси | | | |
| | Д - Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори | | 1.69 | 18.01% |
| | Д3 - спорт и рекреација | | | |
| | Е - инфраструктура | | | 20.31% |
| | Е1 - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | 1.56 | 1.90 | |
| | Е2 - комунална супраструктура ( бензиска пумпна станица ) | 0.34 | | |
| | ВКУПНО | | 9.37 | 100.00% |

| | НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ | површина (ха) | | процент |
|---|---|---|---|---|
| БЛОК 3 | А - домување | | | 31.69% |
| | А1 - домување во станбени куќи | 2.46 | 2.94 | |
| | А2 - домување во станбени згради | 0.48 | | |
| | Б - комерцијални и деловни намени | | 1.67 | 17.95% |
| | Б5 - хотелски комплекси | | | |
| | В - јавни институции | | 1.35 | 14.57% |
| | В1- образование и наука | | | |
| | Г - Производство, дистрибуција и сервиси | | 2.41 | 25.94% |
| | Г2 -лесна и незагадувачка индустрија | | | |
| | Е - инфраструктура | | 0.91 | 9.84% |
| | Е1 - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | | | |
| | ВКУПНО | | 9.28 | 100.00% |

| | НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ | површина (ха) | | процент |
|---|---|---|---|---|
| БЛОК 4 | Б - комерцијални и деловни намени | | 4.15 | 95.09% |
| | Б5 - хотелски комплекси | | | |
| | Е - инфраструктура | | 0.21 | 4.91% |
| | Е1 - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | | | |
| | ВКУПНО | | 4.36 | 100.00% |

| | НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ | површина (ха) | | процент |
|---|---|---|---|---|
| БЛОК 5 | А - домување | | 1.60 | 23.84% |
| | А1 - домување во станбени куќи | | | |
| | Д - Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори | | 4.06 | 60.50% |
| | Д4 - меморијални простори (гробишта) | | | |
| | Е - инфраструктура | | | 15.66% |
| | Е1 - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | 0.28 | 1.05 | |
| | Е3- некомпатибилна инфраструктура ( трафостраница над 20кв) | 0.77 | | |
| ВКУПНО | | | 6.71 | 100.00% |

| | НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ | површина (ха) | | процент |
|---|---|---|---|---|
| БЛОК 6 | А - домување | | 12.91 | 93.83% |
| | А1 - домување во станбени куќи | | | |
| | Е - инфраструктура | | 0.85 | 6.17% |
| | Е1 - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | | | |
| | ВКУПНО | | 13.76 | 100.00% |

| | НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ | површина (ха) | | процент |
|---|---|---|---|---|
| БЛОК 7 | А - домување | | | 77.06% |
| | А1 - домување во станбени куќи | 10.24 | 10.58 | |
| | А3 - групно домување | 0.34 | | |
| | Б - комерцијални и деловни намени | | 0.21 | 1.52% |
| | Б1 - мали и комерцијални единици | | | |
| | В - јавни институции | | | 3.58% |
| | В2 - здравство и социјална заштита | 0.19 | 0.49 | |
| | В4 - државни институции | 0.30 | | |
| | Г - Производство, дистрибуција и сервиси | | 0.03 | 0.24% |
| | Г3 -сервиси | | | |
| | Д - Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори | | 0.97 | 7.08% |
| | Д4 - меморијални простори (гробишта) | | | |
| | Е - инфраструктура | | 1.44 | 10.51% |
| | Е1 - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | | | |
| | ВКУПНО | | 13.73 | 100.00% |

| | НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ | површина (ха) | | процент |
|---|---|---|---|---|
| БЛОК 8 | А - домување | | 3.08 | 81.31% |
| | А1 - домување во станбени куќи | | | |
| | Е - инфраструктура | | 0.71 | 18.69% |
| | Е1 - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | | | |
| | ВКУПНО | | 3.79 | 100.00% |

| | НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ | површина (ха) | | процент |
|---|---|---|---|---|
| БЛОК 9 | А - домување | | 1.71 | 38.63% |
| | А1 - домување во станбени куќи | | | |
| | Б - комерцијални и деловни намени | | 2.26 | 51.11% |
| | Б5 - хотелски комплекси | | | |
| | Е - инфраструктура | | 0.45 | 10.26% |
| | Е1 - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | | | |
| | ВКУПНО | | 4.42 | 100.00% |

| | НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ | површина (ха) | | процент |
|---|---|---|---|---|
| БЛОК 10 | А - домување | | 2.88 | 70.92% |
| | А1 - домување во станбени куќи | | | |
| | Б - комерцијални и деловни намени | | | 13.60% |
| | Б1 - мали и комерцијални единици | 0.04 | 0.55 | |
| | Б3 - големи угостителски единици | 0.51 | | |
| | В - јавни институции | | 0.17 | 4.18% |
| | В3 - култура | | | |
| | Е - инфраструктура | | 0.46 | 11.30% |
| | Е1 - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | | | |
| | ВКУПНО | | 4.06 | 100.00% |

| | НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ | површина (ха) | | процент |
|---|---|---|---|---|
| БЛОК 11 | А - домување | | 4.13 | 41.04% |
| | А1 - домување во станбени куќи | | | |
| | Б - комерцијални и деловни намени | | 3.84 | 38.24% |
| | Б5 - хотелски комплекси | | | |
| | В - јавни институции | | 0.26 | 2.62% |
| | В5- верски институции (црква) | | | |
| | Г - Производство, дистрибуција и сервиси | | 1.12 | 11.17% |
| | Г2 -лесна и незагадувачка индустрија | | | |
| | Е - инфраструктура | | 0.70 | 6.93% |
| | Е1 - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | | | |
| | ВКУПНО | | 10.05 | 100.00% |

| | НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ | површина (ха) | | процент |
|---|---|---|---|---|
| БЛОК 12 | А - домување | | | 84.99% |
| | А1 - домување во станбени куќи | 7.30 | 7.34 | |
| | А2 - домување во станбени згради | 0.04 | | |
| | Д - Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори | | 0.14 | 1.61% |
| | Д1 - парковско зеленило | | | |
| | Е - инфраструктура | | 1.16 | 13.41% |
| | Е1 - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | | | |
| | ВКУПНО | | 8.64 | 100.00% |

| | НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ | површина (ха) | | процент |
|---|---|---|---|---|
| БЛОК 13 | А - домување | | 7.96 | 94.53% |
| | А1 - домување во станбени куќи | | | |
| | Е - инфраструктура | | 0.46 | 5.47% |
| | Е1 - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | | | |
| | ВКУПНО | | 8.42 | 100.00% |

| | НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ | површина (ха) | | процент |
|---|---|---|---|---|
| БЛОК 14 | А - домување | | 6.64 | 93.21% |
| | А1 - домување во станбени куќи | | | |
| | Е - инфраструктура | | 0.48 | 6.79% |
| | Е1 - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | | | |
| | ВКУПНО | | 7.13 | 100.00% |

| | НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ | површина (ха) | | процент |
|---|---|---|---|---|
| БЛОК 15 | А - домување | | | 50.62% |
| | А1 - домување во станбени куќи | 4.49 | 4.67 | |
| | А4 - времено сместување | 0.18 | | |
| | Б - комерцијални и деловни намени | | 0.97 | 10.55% |
| | Б1 - мали и комерцијални единици | | | |
| | Д - Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори | | 1.83 | 19.78% |
| | Д2- заштитно зеленило | | | |
| | Е - инфраструктура | | 1.76 | 19.06% |
| | Е1 - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | | | |
| | ВКУПНО | | 9.23 | 100.00% |

| | НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ | површина (ха) | | процент |
|---|---|---|---|---|
| УПС Нов Дојран | А - домување | | | |
| | А1 - домување во станбени куќи | 72.83 | 73.84 | 59.24% |
| | А2 - домување во станбени згради | 0.48 | | |
| | А3 - групно домување | 0.34 | | |
| | А4 - времено сместување | 0.18 | | |
| | Б - комерцијални и деловни намени | | | |
| | Б1 - мали комерцијални и деловни намени | 1.22 | 12.43 | 9.97% |
| | Б3 - големи угостителски единици | 0.51 | | |
| | Б5 - хотелски комплекси | 10.69 | | |
| | В - јавни институции | | | |
| | В1 - образование и наука | 1.35 | 2.28 | 1.83% |
| | В2 - здравство и социјална заштита | 0.19 | | |
| | В3 - култура | 0.17 | | |
| | В4 - државни институции | 0.30 | | |
| | В5 - црква | 0.26 | | |
| | Г - производство, дистрибуција и сервиси | | | 4.41% |
| | Г2 - лесна и незагадувачка индустрија | 4.94 | 5.50 | |
| | Г3 - ссервиси | 0.55 | | |
| | Д - зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори | | | |
| | Д1 -парковско зеленило | 0.14 | 12.23 | 9.81% |
| | Д2 - заштитно зеленило | 1.83 | | |
| | Д3 - спорт и рекреација | 5.24 | | |
| | Д4 - меморијални простори | 5.03 | | |
| | Е - инфраструктура | | | |
| | Е1 - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | 16.14 | 18.37 | 14.74% |
| | Е2 - комунална супраструктура (градби за производство на енергија - хидроцентрала) | 0.84 | | |
| | Е2 - комунална супраструктура (бензинска пумпна станица) | 0.62 | | |
| | Е3 - некомпатибилна инфраструктура (трафостаници над 20кв) | 0.77 | | |
| | ВКУПНО (плански опфат) | | 124.64 | 100.00% |

ПРИМАРНА УЛИЧНА МРЕЖА

МАГИСТРАЛНА УЛИЦА НИЗ НАСЕЛЕНО МЕСТО - СЕЛО

УЛ.„1"

коловоз TP 2 7 2 11

СЕКУНДАРНА УЛИЧНА МРЕЖА

СЕРВИСНИ УЛИЦИ

УЛ.„3";УЛ.„36";

коловоз TP 1.5 6 1.5 9

ИНДУСТРИСКИ УЛИЦИ

УЛ.„4"; УЛ.„35";

коловоз TP 1.5 7 1.5 10

СТАНБЕНИ УЛИЦИ

УЛ.„2";;УЛ.„8";УЛ.„9" ;УЛ.„14";УЛ.„26";УЛ.„27";УЛ.„28"; УЛ.„29";УЛ.„30";УЛ.„31";УЛ.„32";УЛ.„33"; УЛ.„34;

коловоз TP 1.5 5.5 1.5 8.5

ПРИСТАПНИ УЛИЦИ

УЛ.„5";УЛ.„6"; УЛ.„7"; УЛ.„10"; УЛ.„12"; УЛ.„13"; УЛ.„15"; УЛ.„16"; УЛ.„17"; УЛ.„18"; УЛ.„19"; УЛ.„20"; УЛ.„21"; УЛ.„22"; УЛ.„23"; УЛ.„24"; УЛ.„25";УЛ.„37"; УЛ.„38"; УЛ.„39";УЛ.„40"; УЛ.„41"; УЛ.„42";УЛ.„43"; УЛ.„44"; УЛ.„45";УЛ.„46"; УЛ.„47"; УЛ.„48"УЛ.„49"; УЛ.„50"; УЛ.„51";УЛ.„52";

коловоз 5.5

РЕГУЛИРАНО КОРИТО НА СУВОДОЛИЦА 1
ПРЕСЕК А-А

3 3 3 1.4

РЕГУЛИРАНО КОРИТО НА СУВОДОЛИЦА 2

ДЕЛНИЦА 1 ПРЕСЕК А-А — 3 3 3 1.4

ДЕЛНИЦА 2 ПРЕСЕК Б-Б — 3 4.5 3 1.4

НИВЕЛАЦИСКИ ПЛАН - КООРДИНАТИ НА ТОЧКИ

| ТОЧКА | X | Y | Z |
|---|---|---|---|
| 1 | 4566471.373 | 7642591.112 | 162.159 |
| 2 | 4566291.218 | 7642901.781 | 166.946 |
| 3 | 4566291.233 | 7642998.981 | 163.881 |
| 4 | 4566314.242 | 7643144.83 | 153.714 |
| 5 | 4566357.749 | 7643282.926 | 151.563 |
| 6 | 4566229.84 | 7642871.704 | 181.24 |
| 7 | 4566255.336 | 7643174.73 | 151.912 |
| 8 | 4566176.511 | 7642829.309 | 180.567 |
| 9 | 4566175.477 | 7642872.67 | 180.487 |
| 10 | 4566174.457 | 7642902.075 | 180.321 |
| 11 | 4566166.96 | 7642947.367 | 162.476 |
| 12 | 4566182.297 | 7642984.69 | 157.527 |
| 13 | 4566134.922 | 7643012.034 | 154.741 |
| 14 | 4566102.563 | 7642970.938 | 160.162 |
| 15 | 4565916.335 | 7642856.805 | 173.356 |
| 16 | 4565899.079 | 7642819.335 | 175.264 |
| 17 | 4565765.837 | 7643097.332 | 159.131 |
| 18 | 4565716.497 | 7642969.901 | 163.318 |
| 19 | 4565674.972 | 7642861.824 | 164.971 |
| 20 | 4565563.02 | 7642610.14 | 177.265 |
| 21 | 4565662.587 | 7642956.61 | 162.453 |
| 22 | 4565628.022 | 7642919.478 | 165.077 |
| 23 | 4565572.161 | 7643042.997 | 163.333 |
| 24 | 4565598.821 | 7643159.394 | 157.933 |
| 25 | 4565622.924 | 7643232.391 | 155.661 |
| 26 | 4565651.833 | 7643300.511 | 153.803 |
| 27 | 4565674.495 | 7643346.748 | 153.131 |
| 28 | 4565452.039 | 7643363.111 | 153.596 |
| 29 | 4565351.103 | 7643142.339 | 177.57 |
| 30 | 4565355.905 | 7643358.169 | 157.707 |
| 31 | 4565372.361 | 7643447.185 | 155.086 |
| 32 | 4565418.542 | 7643538.374 | 149.762 |
| 33 | 4565354.353 | 7643510.375 | 153.68 |
| 34 | 4565326.948 | 7643578.881 | 149.397 |
| 35 | 4565319.338 | 7643400.503 | 158.471 |
| 36 | 4565300.871 | 7643328.898 | 161.228 |
| 37 | 4565271.922 | 7643359.524 | 162.453 |
| 38 | 4565232.834 | 7643259.5 | 171.1 |
| 39 | 4565206.758 | 7643224.95 | 172.079 |
| 40 | 4565022.27 | 7643055.637 | 180.16 |
| 41 | 4565219.895 | 7643424.074 | 162.211 |
| 42 | 4565263.631 | 7643462.967 | 158.169 |
| 43 | 4565131.765 | 7643580.09 | 166.111 |
| 44 | 4565101.852 | 7643478.214 | 173.388 |
| 45 | 4565041.655 | 7643429.619 | 178.538 |
| 46 | 4564770.071 | 7643298.512 | 195.878 |
| 47 | 4564791.63 | 7643534.865 | 196.727 |
| 48 | 4564819.462 | 7643673.396 | 176.85 |
| 49 | 4564732.584 | 7643614.53 | 179.543 |
| 50 | 4564605.639 | 7643603.004 | 195.237 |
| 51 | 4565223.783 | 7643516.394 | 159.853 |
| 52 | 4565399.543 | 7643341.935 | 156.347 |
| 53 | 4565360.374 | 7643426.731 | 156.892 |
| 54 | 4565309.511 | 7643494.902 | 155.019 |
| 55 | 4564257.455 | 7643758.731 | 152.678 |
| 56 | 4564217.036 | 7643761.083 | 152.234 |

| усвоено решение | координати на почетна и крајна точка на суводолица 1 во опфат | | |
|---|---|---|---|
| регулирано корито на суводолица 1 со ширина од 3 метри, заштитен појас од 3 метри лево / десно | точка | X | Y |
| | X1 | 4565565,3085 | 7642606,7961 |
| | X2 | 4565612,5969 | 7642720,3674 |
| усвоено решение | координати на почетна и крајна точка на суводолица 2 во опфат | | |
| регулирано корито на суводолица 2 со ширина од 3 метри (делница 1), и 4.5 метри (делница 2) дел од коритото е со заштитен појас од 3 метри лево / десно, а дел од коритото е со заштитен појас од 3м и улица од другата страна на коритото | точка | X | Y |
| | X1 | 4565561,0012 | 7642615,5204 |
| | X2 | 4565931,9066 | 7643490,1129 |

ГЕОДЕТСКИ ЕЛАБОРАТ ЗА АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА

Инвеститор: Иванов Инжекеринг

Проект: Урбанистички план за село Нов Дојран, Општина Дојран

Изработил: Горан Гошевски дипл.геод.инж.

Деловоден број: 0802-375-3 | Размер: 1:1000 | Лист број: 4

# УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО НОВ ДОЈРАН ОПШТИНА ДОЈРАН

| | |
|---|---|
| ДЕЛ | |
| РАЗМЕР | ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА — ПЛАНСКИ ПЕРИОД : 2017-2027 |
| ЛЕГЕНДА | 1 : 2500 — ПОВРШИНА 124.64 ха |

ЛЕГЕНДА:
- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
- ГРАНИЦА НА БЛОК
- ОЗНАКА НА БЛОК
- РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- ГРАНИЦА НА НАМЕНСКА ЗОНА
- ГЛАВНИ ПРАВЦИ ВО СЕЛОТО ЗА ВЛЕЗ/ИЗЛЕЗ; ПЕШАЧКА УЛИЦА
- Е1 КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА
- ПОСТОЕЧКА ПЕШАЧКА ПАТЕКА
- РЕГУЛИРАНО КОРИТО НА СУВОДОЛИЦА СО ЗАШТИТЕН ПОЈАС
- X1, X2 ПОЧЕТНА И КРАЈНА ТОЧКА НА РЕГУЛИРАНО КОРИТО НА СУВОДОЛИЦА ВО ОПФАТ
- ЗАШТИТЕН ПОЈАС НА ЕЗЕРО (50м)
- ЛИНИЈА НА МАКСИМАЛНА КОТА НА ДОЈРАНСКО ЕЗЕРО 147.34мнв
- ДОЈРАНСКО ЕЗЕРО
- ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА: ПЛАНИРАНА МРЕЖА; ПОСТОЕЧКА МРЕЖА
- А1 ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ
- А2 ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ
- А3 ГРУПНО ДОМУВАЊЕ
- А4 ВРЕМЕНО ДОМУВАЊЕ
- Б1 МАЛИ КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ
- Б3 ГОЛЕМИ УГОСТИТЕЛСКИ ЕДИНИЦИ
- Б5 ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ
- В1 ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
- В2 ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА
- В3 КУЛТУРА
- В4 ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ
- В5 ВЕРСКИ ИНСТИТУЦИИ
- Г2 ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА
- Г3 СЕРВИСИ
- Д1 ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО
- Д2 ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО
- ХИДРОТЕХНИЧКА МРЕЖА: ВОДОВОД: ПЛАНИРАНА МРЕЖА; РЕГУЛИРАНО КОРИТО НА СУВОДОЛИЦА СО ЗАШТИТЕН ПОЈАСИЗАЦИЈА; АТМОСФЕРСКА: ПЛАНИРАНА МРЕЖА; РЕГУЛИРАНО КОРИТО НА СУВОДОЛИЦА СО ЗАШТИТЕН ПОЈАСИЗАЦИЈА; ПЛАНИРАНА МРЕЖА
- ГРАНИЦА НА ЗАШТИТЕНО ПОДРАЧЈЕ
- ГРАНИЦА НА КОНТАКТНА ЗОНА
- ГРАНИЦА НА ЗАШТИТЕНО ДОБРО
- КОНТАКТНА ЗОНА РЕЖИМ НА ЗАШТИТА ОД 2 СТЕПЕН
- РЕЖИМ НА ЗАШТИТА ОД 3 СТЕПЕН
- АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТ КОЈ ЗАСЛУЖУВА ДА БИДЕ ЗАШТИТЕН
- ЗАШТИТЕН АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТ
- ЗАШТИТЕН ПОЈАС НА МАГИСТРАЛЕН ПАТ НИЗ НАСЕЛЕНО МЕСТО - СЕЛО (5м/20м)
- Д3 СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА
- Д4 МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ
- ЕЛЕКТРО- ЕНЕРГЕТСКА МРЕЖА И ОБЈЕКТИ: 10KV ДАЛНОВОД; 35 KV ДАЛНОВОД; ЗАШТИТЕН ПОЈАС (10м)/(6м); ПОСТОЕЧКА ТРАФОСТАНИЦА

| | | |
|---|---|---|
| ИЗРАБОТУВАЧ | ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ, БОРИС КИДРИЧ 12/16, БИТОЛА | УПРАВИТЕЛ: САШКО ИВАНОВ диа |
| НАРАЧАТЕЛ | ОПШТИНА ДОЈРАН | |
| ОВЛАСТЕНИ ПЛАНЕРИ | САШКО ИВАНОВ диа ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0095 | НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГУЛЕВСКА диа ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0094 |
| СОРАБОТНИЦИ | СТЕФАНИЈА ИВАНОВ диа ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0591; АНДРИЈАН ИВАНОВ диа | ЦВЕТАНКА ДОНЧЕВА дна ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0622 |
| ПРИЛОГ | СИНТЕЗЕН ПЛАН | |
| ТЕХ. БРОЈ 0801-03-02/17 | ДАТУМ 01.2021 | ЛИСТ 7 |

26.01.2021

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА -DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ЗА ПРИРОДА - SEKTORI I NATYRËS

ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ
1 БР 0504 - 06/22
20.02.2022 год
СКОПЈЕ

Арх. Бр./Nr.Arh. 11-1167/2
Дата/Data: 21-02-2022 год./viti

**До/Deri te:** **"ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ" ДООЕЛ Битола**
**ул. "Св. Кирил и Методиј (М.Х.Јасмин)" бр.36-2/7**
**1000 Скопје**

**Предмет/Lenda:** **Стручно мислење**

**Врска/Lidhja:** **Ваш број: 0302-82/09 од 29.09.2021**
**0302-18/02 од 15.02.2022**
**Наш број: 11-4340/3 од 29.09.2021**
**11-1167/1 од 15.02.2022**

Почитувани,
Të nderuar,

Во врска со вашето барање, допис Бр. 11-1167/1 од 15.02.2022 година за доставување на стручно мислење по корегиранот Предлог на Урбанистички план за село Нов Дојран, општина Дојран (2017-2027,) изготвен од "ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ" ДООЕЛ - Битола со тех,бр. 0801-03-02/17 од Февруар 2022 година, Секторот за природа при Управата за животна средина како орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање, од аспект на своите надлежности во областа на заштита на природата, го дава следното мислење:

По разгледувањето на приложената техничка документација - Предлог на Урбанистички план за село Нов Дојран, општина Дојран (2017-2027), констатирано е дека истиот е изготвен согласно укажувањата на Секторот за природа наведени во дописот Бр. 11-4340/6 од 25.10.2021 година.

Имено во текстуалниот дел од предметниот плански документ во точките 4.41 и 4.42 од Општите услови за изградба и точките 7.4 и 7.5 од Посебните услови за изградба дефинирани се плански одредби за заштита на Дојранското Езеро и неговиот крајбрежен појас согласно којшто "не се дозволува градба на нови објекти ниту доградба и надградба на веке постоечките објекти односно се забранува изградба на објекти од тарен карактер во широчина од 50 метри од котата на највисокиот утврден водостој на Езерото" ( 147.33 м.н.в).


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Земајќи го во предвид изнесеното со посебен акцент на фактот дека предвидените плански одредби заедно со режимот на заштита утврден во член 8 од Законот за прогласување на Дојранското Езеро за споменик на природата ("Сл. весник на РМ", бр.51/11) целосно кореспондираат со планското решение од корегираниот графички прилог - Синтезен план лист бр.7, Секторот за природа од аспект на своите надлежности во во областа на заштита на природата, дава позитивно мислење по предметниот Нацрт на Урбанистичкиот план за село Нов Дојран, општина Дојран (2017-2027).

Со почит,
Me respect,

Управа за животна средина / Drejtoria për mjedis jetësor
в.д. Директор / u.d. Drejtor
**Hisen Xhemaili**

Изготвил/Përpiloi: Валентина Чавдарова
Раководител на Одделение

Контролирал/Kontrolloi: Влатко Трпески
Раководител на Сектор

Доставено до: Општина Дојран


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

EVN Group

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
**Бр.** 10-26/4 – 85 **од** 26.04.2022
Скопје

Одговорно лице: Марко Бирачоски
Контакт телефон: +389 72 933 219

**Предмет: Издавање на мислење за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје**

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис број 0302-18/04 од 20.04.2021 година, со кој барате да дадеме мислење за УПС Нов Дојран, Општина Дојран, ве известуваме дека **немаме** забелешки за постојните и новопланираните електроенергетски објекти и инфраструктура и Ви даваме **ПОЗИТИВНО** мислење.

При планирање, согласно пресметките за потребната едновремена моќност на планираните објекти, според вид, намена и сл. препорачуваме да се предвидат нови маркици за трафостаници со определена, дефинирана градежна парцела.

Услов е кај сите вкрстувања и приближувања до електроенергетски објекти и инфраструктура, да се запазуваат законските прописи и работни норми.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Доколку во опфатот е потребна промена или дислокација на електроенергетските објекти и инфраструктура, потребно е да се предвиди локација/траса за дислокација на објектите и инфраструктурата и инвеститорот е должен да ги надомести трошоците за дислокација.

Со почит,

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

Marko Birachoski

Digitally signed by Marko Birachoski
DN: c=MK, 2.5.4.97=VATMK-4080016560608, o=ELEKTRODISTRIBUCIJA DOOEL SKOPJE, ou=ELEKTRODISTRIBUCIJA DOOEL SKOPJE:4080016560608, givenName=Marko, sn=Birachoski, serialNumber=CRT3599921, cn=Marko Birachoski
Date: 2022.04.26 08:06:07 +02'00'

СПОДЕЛИ ДОЖИВУВАЊА

Бр. 14266

Датум: 04.04.2022

До
ОПШТИНА ДОЈРАН

Предмет: доставување на позитивно мислење

Согласно Вашето Барање за мислење поднесено преку информацискиот систем е-урбанизам за Урбанистички план за село Нов Дојран, општина Дојран, Ви доставуваме ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ.

Лице за контакт: Николче Тасевски, тел. 070/200-176.

Со почит,

Македонски Телеком АД Скопје

По овластување на

Директор на сектор за пристапни мрежи

Васко Најков

NIKOLChE TASEVSKI Digitally signed by NIKOLCHE TASEVSKI Date: 2022.04.05 15:02:11 +02'00'

Македонски Телеком АД - Скопје
Адреса Кеј 13 Ноември бр. 6, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ;Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171 e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

Република Северна Македонија

**Министерство за култура**

УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДОЈРАН ДО
ГРАДОНАЧАЛНИК

| Примено: 18.09.2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| УП1 | 12-27 | | |

**Општина Дојран**

Бр. 17-1947/4
03.09.2020 година
Скопје

Предмет: Мислење
Врска: Ваше барање бр. УП1 бе. 12-27 од 20.08.2020 година

Вон планскиот опфат, односно до дел од неговата северна граница има заштитено добро, а тоа е археолошки локалитет (населба и некропола),,Топлец,,(ц.р.107) решение бр.217 од 19.11.1957 година и евидентиран со 4-806-018/6 РНД Во дел од планскиот опфат на Нов Дојран влегуваат парцели од контактната зона на археолошкиот локалитет „Топлец,,

| | | |
|---|---|---|
| **2.** | | 4-806-018/6 РНД |
| **назив** | **Археолошки локалитет Топлец**  | |
| **локација** | **Нов Дојран** | |
| **адреса** | | |
| **Катастарска парцела** | Границите на овој археолошки локалитет целосно не се утврдени , но во овој сегашен плански опфат врз основ на стариот ГУП за Нов Дојран од 1999 год, означени се некои граници на Локалитетот „Топлец, кои археолозите ги | |


| | | |
|---|---|---|
| | дефинираа со следните катастарски парцел:<br>КП 1137/1,1137,1145,1233,1146,1190, 1193,1241,1242,1238,1234,1230,1229/1, Дел од 1231/3 од Т2 до Т3,1223,дел од 1227 од Т2 до Т1, и 1219/1 | |

| | |
|---|---|
| опис на содржините | Археолошки локалитет- терми од римско време. На 4км северно од Нов Дојран, на северозападниот брег од Езерото, во зоната на термалните извори се откриени остатоци од архитектонска пластика од мермер (колони и капители).По површината се среќаваат фрагменти од ќерамички садови и градежен материјал. Наодите се однесени во Музеј на Македонија (археолошка карта на Македонија стр. 102) |
| граници | Границите на овој археолошки локалитет целосно не се утврдени бидејќи е вон планскиот опфат, односно се наоѓа на североисточната страна до границата на планскиот опфат на населбата Нов Дојран .На западна страна од границата на планскиот опфат која која граничи со археолошкиот локалитет Топлец,се наоѓаат и се обележани контактните парцели кои влегуваат во планскиот опфат,а тоа се парцелите кои влегуваат во блоковите со број 1 и дел од блокот со број 3. |
| контактни зони | КП 465/1,465/2,467/6, 466/1, 466/2, 466/3, 467/4, 467/1,467/2, 468, 469/1, 1135(пат),1138, 1139,1140, 1144, 1136, 1141, 1143, 265/2, 265/1, 268/1(пат),1196, 1191, 1192(пат),1157, 1195, 1158, 1194/1, 1194/3,1194/2, 1161, и 1168 |
| површина на доброто | Површина на археолошки локалитет 390654 м2 |
| вкупна површина на заштитеното добро | Површина на контактна зона 211588 м2<br>Вкупна површина на заштитено добро 602242 м2 |
| автор | - |
| време на настанување | Од 1 -3 в.н.е |

| | |
|---|---|
| намена | Археолошки локалитет |
| Вредности и значење | Согласно Извештаите Бр. 09-271/3 од 20.06.2018,Бр 09-146/1 од 28.03.2019 и 09-146/2 од 10.04.2019 год, согласно извршениот увид на теренот на планскиот опфат Нов Дојран , од страна на стручна екипа од НУ Завод и Музеј -Струмица, археолошкиот локалитет Топлец е спомнат |

| | |
|---|---|
| | како заштитен археолошки локалитет (населба и некропола),односно археолошки локалитет- терми од римско време. Називот Топлец веројатно е добиен по изворите на термалните води кои се наоѓаат на овој дел кој е на 4км северно од Нов Дојран, на северозападниот брег од Езерото. Во оваа зона на термалните извори се откриени остатоци од архитектонска пластика од мермер (колони и капители).По површината се среќаваат фрагменти од ќерамички садови и градежен материјал. Археолошки истражувања имаат вршено Блага Алексова во 1960 година,Живоин Винчич и Милан Ивановски.Наодите се однесени во Музеј на Македонија. За овој археолошки локалитет има текст и опис во археолошка карта на Македонија на стр. 102. |
| **состојба** | Со изготвувањето на Археолошката карта на С.О. Гевгелија во 1978 год. од страна на Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата - Скопје е констатирано дека локалитетот претставува заштитен археолошки локалитет (населба и некропола),односно археолошки локалитет- терми од римско време. Во моментот е ниви ,но локалитетот не е откриен во целост и со овозможување на услови за континуирано продолжување на истражувањата, локалитетот ќе се доистражи и ќе се дефинира во целост. |

## 4.2 Инвентар на незаштитени добра што заслужуваат да бидат ставени под заштита

| | |
|---|---|
| 1. **археолошки локалитет „Манастир„**<br>• **училиште 4-806-018/133 ЕНД**<br>• **караула 4-806-018/6 ЕНД**<br>• **манастир 4-806-018/131 ЕНД**<br>• **еднокорабна црква 4-806-018/193 ЕНД**<br>• **црква 4-806-018/195 ЕНД**<br>• **нов Дојран 4-806-018/9 ЕНД**<br>• **школо 2 4-806-018/194 ЕНД** |  |

| | |
|---|---|
| **назив** | **археолошки локалитет „Манастир„** |
| **локација** | Нов Дојран |
| **адреса** | - |
| **катастарска парцела** | Бидејќи археолошкиот локалитет опфаќа поголема површина од селото Нов Дојран во која има премногу парцели кои се со изградени објекти, како и парцели кои се обработливо и необработливо земјиште, а поради неможност сите да се избројат,сите катастарски парцели кои се наоѓаат внатре во оцртаната зона на археолошкиот локалитет „Манастир„ припаѓаат на него.<br>Границите на археолошкиот локалитет „Манастир„ се во границите на следните блокови: дел од блок 3, блок 4, дел од блок 7,блок 8, блок 9, блок 10, блок 11 и дел од блок 12, со сите катастарски парцели кои се наоѓаат во овие блокови.<br>(Во графичките прилози се дадени и се оцртани границите на археолошкиот локалитет „Манастир„) |
| **опис на содрж** | Според Археолошката карта на Р.Македонија скоро целиот простор на современата населба Нов Дојран е назначен како населба и некропола од |


| | |
|---|---|
| **ините** | римското, доцноантичкото и ранохристијанското време, а особено патот кој поминува низ Нов Дојран и води кон месноста Стар Дојран. Овде се констатирани остатоци од темели на градби, базилика, архитектонска пластика, гробови со конструкција од типот „на две води“ и многубројни археолошки остатоци (керамика, монети, накит), како и скулптурална пластика.<br>Се претпоставува дека се работи за остатоци од античката населба Tauriana,или античкиот град Добер. |
| **Година на градба - датација** | **3 ти, 4 ти, 5 ти век, 9 ти и 10 век** |
| **намена** | **Населба и некропола од римско,доцноантичко и ранохристијанско време** |
| **Граници на заштитеното добро** | Границите на археолошкиот локалитет „Манастир„ се во границите на следните блокови: дел од блок 3, блок 4, дел од блок 7,блок 8, блок 9, блок 10, блок 11 и дел од блок 12, со сите катастарски парцели кои се наоѓаат во овие блокови.и во границите на катастарските парцели кои влегуваат во опфатот на границите на археолошкиот локалитет |
| **Контактни зони** | Контактната зона на археолошкиот локалитет„Манастир„ се наоѓа во блоковите: дел од блок 3,дел од блок 2,дел од блок 5,дел од блок 6,дел од блок 7 и дел од блок 12.<br><br>Во таа зона се наоѓаат следните катастарски парцели:<br>КП 1197/2,1197/1,1198/2,1197/3,1198/1,1199/5,1199/6,1199/4,<br>1199/3,1199/1,1199/2,1203/6,1202,1204,1203/5,1334,1203/1,<br>1203/3,1203/8,1203/2,1338,1337,1335,1336,1333,1341,1344,<br>1343/1,1343/2,1342,1388,1381,1382,1384,1389,1347/2,1347/1,<br>1357/2,1361/2,1357/1,1361/1,1359,1360,1358,1387/2,1388,1393,<br>1394,1401,1402,1400,1403,1415,1414,1418,1419,1412,1413,<br>1421/2,1421,1404,1399,1398,1395,1396,1397,1406,1405,1410,<br>1411,1413,1421,1423,1485/2,1485/1,1422/2,1477,1407,1422/3,<br>1422/1,1466,1465,1485/1,1485/2,1491/1,1491/2,1492,1493,<br>1500/1,1500/2,1501,1507,1510/1,1510/2, 1509/1,1509/2,1523,<br>1522,1524,1525,1532,1538/3,1538/1,1538/4,1537,1542,1541,1539,1540/1,<br>1543,1545,1547/1,1547/2,1544,1778,1777,1775,1757,1774,1773/1,<br>1760,1770,1765,1762,1746,1745,1744,1743/1,1743/2,1766,1764,1741,<br>1742,1705,1706,1598,1599/2,1599/1,1599/3,1823,1824,1831,1832/1,<br>1832/2,1833,1836,1837,1843,1844,1847,1846,дел од 1878/1,1850,<br>1848,1842,1785/3,1785/2,1785/1,1840/1,1840/2,1768,1764,1829,<br>1766,1765/1,1745,1744,1826,1601,1830,1825,1827,1798,1796,1794, |

| | |
|---|---|
| | 1786,1795,1787/2,1787/1,1789,1788,1780/1,1780/2,1779/3,1779/1, 1779/2,1781,1770,1782,1783,1760,1773/1,1759,1753,1761,1772, 1773/2,1777,1852/2,1835/2,1834/3,1819/2,1606/2,1586/2,1569/1, 1569/2,1267(пат),1248,1250,1240/2 (пат),1252, 1200 и 1201 (пат) |
| **Површина на доброто** | Вкупна површина на заштитено добро е 602242 м2 |
| **Вредности и значење** | Истражуваниот простор во делот на населбата Нов Дојран е дефиниран како археолошки локалитет под името,,Манастир,,поради тоа што истражувањата се вршени парцијално во разни временски периоди,интервентно во одредени парцели ,така да дадени се посебни имиња на парцелите во кои се пронајдени остатоци од градби и гробни конструкции.<br><br>Така во непосредна близина на **училиштето** интересни остатоците на еднокорабна црква околу која се наоѓаат гробови со камени плочи. Тој простор е истражуван кон крајот на 50-тите години од XX век од страна на археологот Блага Алексова.<br><br>**Локацијата Манастир** е наречена месноста во подножјето на активната црква „Св.Георгиј", со ископувањата на Археолошки Музеј од Скопје во 1958 година од страна на археологот Блага Алексова, кога се откриени остатоци на сакрален објект-црква и истражени се 20 гробови од X-XI век.<br><br>**Локацијата Црквиште** е наречена месноста во дворните места на Г.Поп-Коцев, Р.Џиков и Р.Кацаниев, јужно од современиот пат кој води кон Стар Дојран, во централниот дел на градот, каде се откриени остатоци од луксузна, трокорабна, ранохристијанска базилика, со нартекс и широка полукружна апсида. Подот и презвитериумот бил изведен со бели мермерни плочки, организирани во полиња што оформуваат крст. Најдена е богата архитектонска пластика од бел мермер датирана во IV-V век.<br><br>**Локацијата Манастир и Караула** е наречена месноста во центарот на градот, при поставувањето на нова водоводна мрежа и канализација, каде се откриј остатоци од неколку доцноантички и римски гробови со богати наоди составени од керамички садови, ламби, накит и монети. Кај еден од гробовите, надгробната мермерна плоча е богато украсена со флорална и |

| | |
|---|---|
| | антропоморфна декорација.<br>Сите овие дефинирани локации со наоди од археолошка ,културна и уметничка важност укажуваат на претпоставка дека се работи за остатоци од античката населба Тауријана,или веројатно античкиот град Добер.<br>Овие антички населби се од голема важност за науката, особено богатите и луксузни градби, како и гробници. |
| **состојба** | Сите откриени градби, гробови и артефакти се наоѓаат во парцели каде веќе на нив делумно или целосно се изградени со објекти или урбано се дефинирани со други структури. Локалитетот не е откриен во целост и со овозможување на услови за континуирано продолжување на истражувањата,локалитетот ќе се доистражи и ќе се дефинира во целост. |

## 4.3 Инвентар на споменици и спомен бисти во с. Нов Дојран

Во Нов Дојран има споменик на паднатите борци од НОБ кој е поставен наплатото на плоштадот ,во централното подрачје .
Споменикот е подигнат во чест на паднатите борци:
Качаков Димитар,Калов Ристо,Асанлиски Славчо



*Споменик на платото од плоштадот*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Управа за заштита на културното наследство
СКОПЈЕ

## 5. Оценка на состојбата

### 5.1 Анализа на просторниот развој

За просторниот развој на селото Нов Дојран и неговата општина придонеле многу фактори и историски прилики.

Нов Дојран е сместен по должината на брегот на Езерото Дојран и на височинка која се надвишува западно од Езерото.По должина Нов Дојран е околу 2 км и е концепиран како населба од збиен тип со две паралелни улици поврзани меѓусебно со споредни улички и е најголемата населба сместена на брегот на Дојранското Езеро после Стар Дојран .

Нов Дојран е рибарско село кое се наоѓа на западниот брег на Дојранското Езеро.Низ него минува патот Р 1150 кој се простира до граничниот премин кон Р.Грција.

На југ од Нов Дојран по должина на Езерото е Стар Дојран кој е оддалечен околу 3 км.На север од Нов Дојран по должина на Дојранското Езеро е селото Николич кое е на оддалеченост од околу 4 км.

Од Скопје Нов Дојран е оддалечен на 166 км,од Гевгелија на 38 км, од Струмица на 45 км, од Солун во република Грција на 81 км. Најблискиот аеродром е солунскиот оддалечен 100 км,додека скопскиот аеродром е на 141 км. Најблиското пристаниште е Солунското пристаниште во Грција кое е оддалечено 81 км. Оддалеченоста од најблиската железница изнесува 38 км и се наоѓа во Гевгелија.

Подрачјето е претежно ритчесто.На западниот брег од Езерото се наоѓа височинката Калатепе, со надморска височина од 691 метар. На северозападниот дел благо се издигнува Асанлиско Поле, кое преку селото Николич се прелева во плодна котлина.На северозапад над Асанлиско поле се издигнува ридот Боска со надморска височина од 720 метри, на исток се падините на планината Круша кои многу благо се спуштаат кон Езерото при што се создаваат многу плодни површини.

Територијата на Нов Дојран поради отвореноста на долината кон југ се наоѓа под климатските влијанија од Солунскиот залив,кои доаѓаат по долината на реката Вардар и каналот Ѓолај.Генерално климата се карактеризира со топли и суви лета изразена со високи температури и благи и влажни зими.


Со изградбата на Хидросистемот .каналот Ѓавато -Дојран за доведување на дополнителни количини вода во Дојранското Езеро во 2002 година направен е најголем чекор за спас на Езерото и за враќање на животот на овие простори.

Нов Дојран според последниот попис од 2002 година имал 1100 жители, односно околу 300 домаќинства.

Локалното население е со православна вероисповест.


Селото во основа има функција на рибарско село, но се одгледуваат и рано градинарски култури и насади од маслинови дрвја.

Во селото Нов Дојран видливи остатоци од постарите откриени објекти со археолошките истражувања не постојат,се е под земја, било да е истражено или не, освен црквата Св. Георгиј која е скоро на сред село и која е изградена во периодот од 1920 -26 година, но е возобновена во 1982-84 година, а камбанаријата е наново изградена во 2017 година.
Јадрото на селото веројатно настанало околу црквата, а потоа селото се развивало околу езерскиот брег.


Црква Св. Георгиј

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА * Државен завод за заштита на културното наследство СКОПЈЕ






Црква Св. Георгиј-ентериер

Денес, селото Нов Дојран е ново и мало населено место со белези на руралност, но сепак може да се истакне дека селото е урбанизирано, со основно училиште, маркети, пошта, амбуланта, црква, плоштад ,аптека како и други погодности кои се потребни на денешниот човек, особено во селска средина.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА СКОПЈЕ Управа за заштита на културното наследство



Центарот на Нив Дојран



*Амбулантата*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Управа за заштита на културното наследство
СКОПЈЕ





*Зграда во центарот на Нов Дојран*


Локалната внатрешна патна мрежа ја сочинуваат делумно асфалтирани патишта со недефиниран профил и селски неасфалтирани патишта кои овозможуваат движење на патнички возила, товарни возила и земјоделски машини.



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Сектор за заштита на културното наследство
СКОПЈЕ



*Локални асфалтирани и неасфалтирани патишта*




РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА * Управа за заштита на културното наследство 2 СКОПЈЕ



*Локални асфалтирани и неасфалтирани патишта*



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА * Управа за заштита на културното наследство СКОПЈЕ



Паркче во центарот на Нов Дојран

**а) Приказ на историскиот развој на селото**

Населбата Нов Дојран настанала за време на Првата светска војна кога мештаните од Дојран кои биле мобилизирани заради бомбардирањето во 1916 г., бегале кон најблиските релации до Дојран со надеж дека пак ќе се вратат на старите огништа. Дојран бил скоро срамнет со земјата од исфрлените гранати на него, така да мештаните се раселиле и населиле насекаде во блиската околина..Гевгелија, Струмица и околните села на Дојран.

Но најблизу било местото до Дојран и тоа на 4 км северно од него,каде можеле да се населат и да оформат мала рибарска населба каде претежно сите ловеле риба и на тој начин преживувале.

Така настанала населбата која ја крстиле Нов Дојран.Подоцна по завршување на војната дел од мештаните повторно се вратиле во Дојран,кој го нарекле Стар Дојран и тука некои од нив ги обновиле своите пеплосани огништа почнувајќи од корен да формираат нов живот.

Веројатно, првично мештаните на Дојран се населиле околу топлите извори на термална вода(археолошкиот локалитет Топлец), кои се наоѓаат на север од денешната населба Нов Дојран, незнаејќи дека на тоа место постоеле постари населби.Но поради далечината на куќите од езерскиот брег тие се повлекле на југ и тука ја оформиле населбата Нов Дојран каде ги граделе своите мали рибарски куќички, кои денес се обновени во модерни куќи за живеење.



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА * Управа за заштита на културното наследство СКОПЈЕ

Во книгата „Град Дојран „од Б. Јанишлив, издадена во Софија март 1934 година се спомнува дека луѓето во 1916 година од Дојран се иселиле зад Топлец, што значи на денешната локација каде е Нов Дојран.

Постојат археолошки остатоци од археолошкиот локалитет Топлец, кој е на север од населбата Нов Дојран,како и повеќе археолошки остатоци од месноста Манастир и тоа римски, доцноантички и ранохристијански градби кои се наоѓаат на самото место каде денес се наоѓа населбата Нов Дојран,но целосни истражувања нема така да населбата Тауријана или градот Добер за кои се претпоставува дека е можно да бидат тука,но не може со сигурност да се потврди и е неможно да се воспостават релации за врски помеѓу таа населба и денешната.

[1]За археолошките остатоци кои се наоѓаат под денешната населба Нов Дојран ,а ги има истражувано Блага Алексова има пишани аргументи во книгата Уметничко богатство на Македонија ,поднаслов „ранохристијански период„ од Б. Алексова ,Скопје 1984г. Стр 119.

[2]Исто така пишани аргументи за тој период на Нов Дојран има пишувано и Христо Андонов Полјански.
Димитар Ќорнаков и Костадин Кајдамов имат пишувано за Нов Дојран и неговата историја[3]

Во книгата „Енциклопедија на селата во Република Македонија„ од Митко Панов[4] даден е опис за Нов Дојран и неговите карактеристики, како и за популацијата со вкупен број на жители, кој во 1961 година броел 1116 жител од кои 1052 биле Македонци,52 Срби, и 6 Албанци.А во 1994 година населбата забележува пораст на населението до 1199 жители.
[5]Во книгата Македонија-етнографија и статистика од Васил Кнчов, Нов Дојран не е спомнат, затоа што во тој период не била формирана населбата.Спомнат е само Дојран (Пулин).
Најнови податоци за ископувањата во Нов Дојран има објавено Емил Сламков и Горги Гушев –Римски гробови од Дојранско во Македонија Акта Археологика бр. 16 стр. 189[6] ,каде описно и графички се изнесени наодите од археолошките ископувања на поедини делови од Нов Дојран лоцирани како археолошки локалитети Караула и Манастир .

---

[1] Уметничко богатство на Македонија ,поднаслов „Ранохристијански период„ од Б. Алексова ,Скопје 1984 г. Стр. 119.

[2] Христо Андонов Полјански,Од Македонската историја,Скопје,1981 г, поднаслов „Дојран во минатото. Стр. 49

[3] Димитар Ќорнаков и Костадин Кајдамов „Црквите и манастирите во јужновардарската долина„ 1991г, стр. 32

[4] М. Панов,Енциклопедија на селата во Република Македонија,стр 211

[5] Македонија-етнографија и статистика од Васил Кнчов, Софија –крај на 19 век

[6] Емил Сламков и Горги Гушев – Римски гробови од Дојранско во Македонија Акта Археологика бр. 16, 2005г, стр. 189

Од сите овие изданија се заклучува дека скоро целото подрачје на кое денес се простира населбата Нов Дојран е со голема историја, со остатоци како сведоштва за постоење на старите градови Добер или Тауријана. За жал остатоците од овие древни градови се затрупани во земјените слоеви и само делумно се откриени со археолошките истражувања, за повторно да бидат затрупани и врз нив бидат изградени куќи и други објекти од инфраструктурата на Нов Дојран.

Добро е што имаме сознанија за местоположбата на откриени делови од остатоците од древните градби, со што можноста за некои понатамошни истражувања сеуште постои.

Богатата историја под земјиштето на Нов Дојран укажува на добра местоположба, богато и плодно земјиште кое во минатото условило развој на градови со висок културен дострел.

**б)Урбан развој**

Главно, селото Нов Дојран е од збиен тип и е концепирано од две паралелно поставени улици, од кои едната е патот Р1105 кој води до граничниот премин кон Р.Грција.Помеѓу тие улици има споредни улички кои формираат неправилни блокови.
Целата населба е поставена вдолж Дојранското Езеро со неколку реда на куќи поставени по изохипси.

Во близина на централното подрачје на селото сместена е црквата Св. Георгиј, која е изградена во 1920-26 година,под која во текот на нејзината градба се пронајдени остатоци од древен храм.Таа е изградена во близина на Езерото и околу неа се изградени куќи со тесни сокаци помеѓу нив, кои се спуштаат до Езерото.



*Црква Св. Георгиј*

Во понов период во Нов Дојран има поинтензивна градба, така да има изградено плоштад и новоизградени куќи , под некои од куќите има самопослуги, кафеани,како и јавни установи: амбуланта, полициска станица, школо и друго. Веројатно развојот на селото првично бил концепиран околу црквата и постепено се ширел вдолж Езерото и на височинката западно од Езерото.

Просторот кој го опфаќа селото денес е ангажиран претежно со домување во станбени куќи со приземје и поретко кат, со пропратни содржини во функција на истите. Куќите кои се наоѓаат до брегот на Езерото се со големи дворови ориентирани кон Езерото со цел да се укотвуваат чамците со кои мештаните ловат риби од Езерото.



*Сокак кон Езерото*

Карактеристично за Нов Дојран е архитектурата на постојните куќи, кои денес се со современа градба, така да скоро и да не постои стара селска архитектура. После седумдесетите години на 20 век доаѓа до скоро целосна изградба на нови современи станбени објекти, со што во целост е изгубена старата селска архитектура.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Управа за заштита на културното наследство
2
СКОПЈЕ



*Новоизградени објекти*


Во последните неколку години Нов Дојран прераснува во туристичка населба , така да се градат и хотели со сместувачки капацитети и тоа во северниот дел од селото (хотел Истатов,Дар Мар хотел и други)



*Хотел Истатов*




РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА * Единица за заштита на културното наследство СКОПЈЕ



*Сместувачки капацитети*

Во северниот дел на Нов Дојран во 2002 година за спас на Дојранското Езеро на кое му претстоеше еколошка катастрофа од исушување се изгради и пушти во употреба доводен канал „Хидро систем„ по кој се доведува вода од други водни системи и на тој начин езерото се полни и се враќа во живот.Хидросистемот сеуште функционира со доток на свежа вода во големи количини во Дојранското Езеро.



***Хидросистем***

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Сектор за заштита на културното наследство
Одделение за водење 2
СКОПЈЕ

**в) Релации со одделни центри на влијание:**


Поволната геопрометна положба на селото Нов Дојран, погодните природни услови за развој на рибарство и земјоделство,туризам и други услови и потенцијали за развој, овозможуваат населеното место да се развие во поголема и позначајна населба во опкружувањето.

Општината има мошне добра географска положба. Од Стар Дојран, селото е на мала оддалеченост и двете населби се поврзани со асфалтиран тротоар кој се движи покрај Езерото. Селото Нов Дојран е покрај Езерскиот брег ,низ селото минува патот Р 1105,кој води кон граничниот премин за Р. Грција,така да видлив е уделот на воспоставените релации со соседните градови од другите држави (Р. Грција) што допринело за развој на општествениот животот воопшто во Нов Дојран, што пак е еден од битните услови за развојот на урбанистичката карта на селото.

## 5.2. Анализа на постојната состојба

Селото Нов Дојран е со современи градби на станбени објекти, но нема традиционална архитектура и во селото не постојат објекти кои можат да бидат евидентирани.

Единствено објектот-црква Св. Георгиј е евидентирана и е во добра физичка зачуваност , но без карактеристична архитектура.



*црква Св. Георгиј*

Црквата е евидентирано недвижно културно добро со ЕНД 4-806-018/044 .

Црквата се наоѓа на едно возвишение,во источниот дел од Нов Дојран во непосредна близина на Дојранското Езеро.

Нејзината градба е отпочната во 1923 година и при копањето на темелите, во длабочина од два метри, откриени се големи столбови од бел мермер и две добро сочувани мермерни плочи на кои во релјеф имало претстави на шест глави на богови. Тука постоел антички храм од кој биле откриени остатоци. На дното на стариот храм биле откриени и еден голем питос како и сочувани коски и мноштво монети. (Запис во книгата „Црквите и манастирите во јужноварда рската долина„ од Д. Ќорнаков и К.Кајдамов )

Изградбата на денешната црква била потпомогната со прилози од месното население, за што сведочи мермерна плоча вградена до јужниот влез од црквата на која се запишани имињата на дарителите со вредноста на дадениот прилог. Црквата е предадена во употреба во 1926 година.Таа е тип на тробродна базилика со мала полукружна апсида на источниот зид и со двоводен кров. На јужниот зид има влез со три прозорци. Пред влезот има поставени делови од мермерни столбови, архитрав,плоча....веројатно извадени од античкиот храм кој се спомнува дека се наоѓа под денешната црква.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА * Агенција за заштита на културното наследство СКОПЈЕ

На западниот зид од црквата има дограден дел, како простор за свеќи. На северниот зид нема прозорци. Над апсидата има еден мал прозорец.

Црквата веројатно била доста оштетена, така да во периодот од 1982 до 1984 година е целосно реновирана, за што постои фреска во јужниот зид на едниот прозорец , на која е со текст опишано времето на реновирањето на црквата, кој бил свештеник во тоа време и кои биле мајсторите кои го извршиле реновирањето. На југоисточната страна од црквата до нејзина непосредна близина постоела стара камбанарија, која била дотраена и е реновирана во 1965 година, но сега е срушена и на нејзино место во 2017 година е изградена нова камбанарија.

Со реновирањето на црквата употребени се столбови и трегери од армиран бетон, како и малтерисување на внатрешните зидови, со што изгубена е нејзината автентична градба и внатрешен изглед. Фреските на зидовите се нови, без уметничка вредност. Во средината на централниот брод е насликан Исус Христос Седржител. Постои иконостас со нови икони.

Габаритот на црквата е сочуван, но изведен е нов кров со нови ќерамиди. Црквата е целосно малтерисана со продолжен малтер на сите фасади.

Поставени се нови прозорци кои се метални, нова метална влезна врата, надстрешница над вратата, клима уреди на јужната фасада.Изведено е цокле од терацо на јужниот зид, поставени се хоризонтален и вертикални олуци на црквата.

Каков бил поранешниот изглед на црквата не е истражувано,но денешната состојба со употребата на нови материјали и опрема целосно и го има изменето ликот.

Према кажувањето на свештеникот кој служи во црквата и кој живее во ново изградената куќа во непосредна близина на западната страна од црквата, таа порано била манастир со конаци, кои биле поставени на западната страна од црквата(на нивни темели има изградено куќа на свештеникот). Последниот монах Вартоломеј, кој служел тука починал во 1950 година и постои неговиот гроб со надгробна плоча и крст на 10 метри западно од црквата.

Овде имало монаси кои од овој манастир ги испраќале преку планианата на служење во Света Гора. Манастирот имал шест декари ниви кои биле на источната страна под црквата покрај Езерото. Нивите биле посеани со ореви, смокви и разни други овошни дрвја кои ги одгледувале и користеле монасите. Исто така монасите од езерото ловеле риби со кои се хранеле.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Управа за заштита на културното наследство
СКОПЈЕ

Има кажувања од мештаните дека покрај северната страна од црквата има ходник кој води накај езерото.

До сега не се вршени археолошки истражувања на просторот околу и под црквата, но сите наоди поставени пред и околу неа укажуваат на постоење на постар објект од античко време. Со истражувањата би се потврдиле сите постојни елементи кои ќе ја дефинираат состојбата и статусот на евентуалните сочувани откритија.

Црката Св. Георгиј ја има изгубено својата автентичност со реновирањата кои и се направени. Нема уметничка вредност ни според икони, ни според фрески, ни според архитектура, но нејзината историја, нејзината местоположба укажува на нешто досега неоткриено, можеби вредно, кое допрва треба да се докажува со археолошки истражувања.

Затоа парцелата на која е изградена денешната црква е вградена во овие заштитно конзерваторски основи .Црквата и земјиштето под неа потребно е да биде предмет на идни истражувања од секаков вид.



*Иконостасот во црквата и видливи АБ греди од кровната конструкција на црквата*


РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Управа за културното наследство
Скопје



*Дел од ново насликаните фрески на ѕидот*



*Остатоци на мермерна пластика од ранохристијански сакрални објекти во дворот на црквата Св.Георгиј*



- **Анализа на постојната состојба на археолошкиот локалитет „Манастир „**

Степенот на зачуваност на археолошкиот локалитет „Манастир,,го дефинираме како **средна** зачуваност, односно по извршеното археолошко истражување на еден негов дел каде се откриени гробни и архитектонски структури,истите се затрупани со земја, теренот е израмнет и на него се изградени објекти или еменети од инфраструктура,така да се нема целосен увид во сегашната состојба на откриените елементи.

Според извештајот од извршениот Увид од страна на стручна екипа од НУ Завод и Музеј –Струмица во состав : С. Тасева,З. Рујак и Д. Цветанов (бр. 09-271/3 од 20.06.2018г,) и според површинската проспекција, како и документацијата приберена со досегашните археолошки истражувања и наоди, археолошкиот тим од НУ Завод и Музеј Струмица констатира дека

планскиот опфат на блоковите бр.11, 14, 17, 18 и 26,(по старата нумерација) кои се наоѓаат на локацијата наречена „Манастир“, веќе опфатени со Генералниот урбанистички план за Нов Дојран донесен 1999 година, со тех.бр. 1868/99, претставува археолошки локалитет.

Со оглед на збогатувањето на сознанијата и информациите прибирани во текот на изминатите десетина години, оправдано се сомневаме дека античката и населбата од среден век се протега на целото подрачје од месноста „Манастир“ во Нов Дојран.

Од таа причина, покрај парцелите кои се наоѓаат во наведените блокови 11, 14, 17, 18 и 26, во планскиот опфат даден во планската документација, во археолошкиот локалитет „Манастир„ влегуваат и парцелите наведени во блоковите: 8, 9, 10, 12, 13, 15, 16, 27, 28, 29. (броевите на блоковите се по стара нумерација)

Овој археолошки локалитет е насловен под името„Манастир„и во него истражувањата се вршени парцијално во разни временски периоди,интервентно во одредени парцели ,така да дадени се посебни имиња на парцелите во кои се пронајдени остатоци од градби и гробни конструкции.

Сите овие остатоци од гробни и гробни конструкции се затрупани под земја и делумно над нив се изведени урбани структури.

Во непосредна близина на **училиштето** постојат остатоци на еднокорабна црква околу која се наоѓаат гробови со камени плочи. Тој простор е истражуван кон крајот на 50-тите години од XX век од страна на археологот Блага Алексова.

**Локацијата Манастир** е наречена месноста во подножјето на активната црква „Св.Георгиј“. Со ископувањата на Археолошки Музеј од Скопје во 1958 година од страна на археологот Блага Алексова, откриени се остатоци на сакрален објект-црква и истражени се 20 гробови од X-XI век.

**Локацијата Црквиште** е наречена месноста во дворните места на Г.Поп-Коцев, Р.Циков и Р.Кацаниев, јужно од современиот пат кој води кон Стар Дојран, во централниот дел на градот, каде се откриени остатоци од луксузна, трокорабна ранохристијанска базилика, со нартекс и широка полукружна апсида. Подот и презвитериумот бил изведен со бели мермерни

плочки, организирани во полиња што оформуваат крст. Најдена е богата архитектонска пластика од бел мермер датирана во IV-V век.

**Локацијата Манастир и Караула** е наречена месноста во центарот на градот, при поставувањето на нова водоводна мрежа и канализација, каде се откријa остатоци од неколку доцноантички и римски гробови со богати наоди составени од ќерамички садови, ламби, накит и монети. Кај еден од гробовите, надгробната мермерна плоча е богато украсена со флорална и антропоморфна декорација.

Сите овие дефинирани локации со наоди од археолошка ,културна и уметничка важност укажуваат на претпоставка дека се работи за остатоци од античката населба Тауријана или античкиот град Добер.

Овие антички населби се од голема важност за науката особено богатите и луксузни градби, како и откриените гробници и гробни наоди.

Со увидот во планската документација, се констатира дека одбележаниот **археолошки локалитет „Топлец„** во месноста „Топлец“, кој е вцртан во Генералниот урбанистички план за Нов Дојран со тех.бр. 1868/99 донесен 1999 година, не е во опфатот на новиот Урбанистички план за Нов Дојран, Општина Дојран.

Археолошкиот локалитет Топлец е од римско време.На 4 км северно од Нов Дојран на северозападниот брег од Езерото во зоната на термалните извори се откриени остатоци од архитектонска пластика од мермер (колони и капители).По површината се среќаваат фрагменти од садова ќерамика и градежен материјал.Наодите се наоѓаат во Музеј на Македонија. Истражувања има вршено Б. Алексова и Ж. Винчич во 1960 г.[7]

Степенот на сочуваност на овој археолошки локалитет го дефинираме како **добра зачуваност**, затоа што тоа се ниви кои делумно се обработуваат со рано градинарски култури и тоа не претставува опасност за уништување на артефакти и делови од локалитетот.

[7] Археолошка карта на Македонија стр. 102

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА Управа за културното наследство СКОПЈЕ

Во планскиот опфат влегуваат парцели од контактната зона на овој археолошки локалитет Топлец.

Останатите објекти во планскиот опфат се станбени куќи без карактеристични архитектонско-стилски карактеристики.

Постојат и неколку јавни објекти како: школо, пошта, амбуланта, полициска станица, хотели, кои се во добра состојба и функционираат.

**а) Причини за (оштетување) пропаѓањето**

Истражените сегменти и делови од архитектурата, како и гробните конструкции од **Археолошкиот локалитет„Манастир„** веројатно се во состојба како што се пронајдени со археолошките истражувања, затоа што веднаш се затрупани со земја и над нив се изградени објекти или е поставена инфраструктура.Неможеме во целост да кажеме денес дека нивната состојба е добра и дали се пропаднати или уништени,затоа што објектите делумно се откриени.

Денес состојбата е иста во однос на изградбата на објектите и инфраструктурата, нема промена и кога ќе се создадат услови ќе се продолжи со археолошкото истражување за дефинирање на целиот предвиден опфат како археолошки локалитет.

Причина за (оштетување)пропаѓањето на доброто може да се класифицира во **групата Г** - причини поврзани со деструктивни активности на човекот, како неконтролирана и противправна градба на објекти и инфраструктура во населеното место со недоволен увид на надлежни служби за заштитан а културно наследство.

**б)Претходни градежни интервенции**

На откриените делови од архитектурата од археолошкиот локалитет Манастир нема вршено конзерваторски интервенции.

**в) Уредување на селото по урбани блокови, пристапни патишта и друга урбана структура до споменичкото наследство**

Во урбанистичката документација за село Нов Дојран има извршено блоковска поделба. Постои нумерација на блокови од 1 до 14.

Во **археолошкиот локалитет „Манастир„** влегуваат парцелите во блоковите нумерирани со броевите: дел од блок 3, блок 4, блок 8, блок 9, блок 10, блок 11, дел од блок 7 и дел од блок 12.

Пристапните патишта од другите села до селото Нов Дојран се асфалтирани, додека споредните патишта внатре во селото делумно се земјени, делумно асфалтирани.

Во центарот на селото има уреден парк-плоштад со споменик на паднатите борци од НОБ.



Споменик на паднатите борци од НОБ

**г) Надлежни субјекти за заштита и управување со споменичкото наследство**

Надлежни субјекти за управување со споменичкото наследство се: НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Струмица, НУ Музеј Гевгелија, Управа за заштита на културното наследство – како стручни служби од областа на заштитата на кутурното наследство, општина Дојран – како надлежен субјект во однос на планирањето и уредувањето на просторот, како и сопствениците и корисниците на изграденият и неизграденият простор во рамки на опфатот на планот.

**д) Други потребни податоци**

Анализа на сите релевантни аспекти на уредување на просторот

**ѓ)Историско уметнички анализи : анализа на структуралните карактеристики на јадрото**

- Урбаната текстура се состои од неправилна конфигурација на блоковите, оформени од парцели со различна форма.
- Архитектонскиот концепт на објектите е прилагоден према формата на парцелите.
- Поединечните градби кои ги регистрираме во опфатот создавани во подолг временски период, поседуваат различни архитектонски карактеристики,но без некоја особена архитектонска карактеристика.
- Објектите се градени во 20 - от век и се во добра состојба, но постојат и оштетени и напуштени објекти.
- Во целиот опфат постојат објекти со различна намена и тоа како станбени, така и објекти од јавен карактер, но постајат и простори како обработливи и необработливи површини.

**е)Архитектонско-технички анализи : катност, типови на кровови, кровен покривач, конструктивен систем, градежен материјал, ритам на отвори и карактеристични елементи на фасадите**

- Катноста на објектите во границата на опфатот е различна и варира од приземни објекти до приземје со еден или два ката .Објектите изградени во поново време се со поголема катна висина до П+3 +По, но нивниот број не е голем и битно не влијаат на силуетата на градскиот центар.
- Крововите се различни, најчесто двоводни, прилагодена кон формата на објектот и типот на изведбата.
- Кровниот покривач најчесто е изведен со ќерамида од различен тип.
- Конструктивниот систем на објектите е најчесто масивен од полна тула. Кај поновите објекти конструктивниот систем е армирано бетонски.
- Ритамот на отворите се дефинирани од различните концепции според кои се градени објектите.

**ж)Станбен фонд**

Станбената функција на предметниот простор се одвива во градби за колективно домување кои се во мал број и индивидуални објекти.

**з)Јавни објекти**

Објекти со јавен карактер во границите на опфатот се среќаваат без одреден концепт и тоа во функција на административни објекти, хотели, амбуланта, полициска станица и др.

**s) Урбоморфолошка анализа**

На планот на опфатот може да се идентификуваат главните правци на движење и пристапност, при што може да се издвојат следните улични типови:

- главни улици што го овозможуваат одвивањето на сообраќајот во правците север-југ и споредни улици кои го овозможуваат сообраќајниот пристап до објектите во планскиот опфат

По форма парцелите се најразлични, крајно неправилни, со различна големина. Постои голема разновидност во содржината и организацијата на просторот на парцелите.

Според позицијата на главниот објект (куќите) во блоковите, може да се издвојат два случаја:

Тип А - објекти кои излегуваат на уличен фронт и кои се се различна катност и намена

Тип Б - објекти сместени во внатрешноста на блоковите, различно поставени во однос на парцелата за кои е карактеристично постоење на дворно место,особено оние објекти кои се поставени до езерото и на кои дворните места и се до самото езеро во кои ги укотвуваат чамците со кои ловат риба од езерото

## 5.3 Анализа на развојните потреби , потенцијали и можности

Археолошкиот локалитет „Манастир„ допринесува за развој на научни истражувања, археолошки истражувања и развој на културниот туризам, едукација и слично.

## 5.4 Проценка на влијанија

Негативните влијанија на спомеичкото добро се предизвикани од вршење на градежни интервенции без навремено вклучување на стручни лица од областа на заштитата на културното наследство, што можеби довело до делумно оштетување на културното наследство и негово нецелосно истражување поради немање стратегија при вршењето на градежните активности во Нов Дојран.

Постапувањето според насоките во заштитно конзерваторските основи обезбедува донесување на плански решенија кои нема да бидат во спротивност со законските акти од доменот на наследството, што ќе овозможи услови за нивна соодветна имплементација. На тој начин ќе се избегнат негативните импликации од несоодветна и забрзаната урбанизација и ќе се овозможи вклучување на културното наследство во современиот урбан развој.

# 6. Мерки на заштита

## 6.1. Валоризација

Во рамките на подрачјето на опфатот постои археолошки локалитет кој поседува карактеристики по своите градби од различни временски периоди и е означен како археолошки локалитет ,,Манастир,, со културно-историски вредности кој има доволно елементи врз основа на кои може да биде анализиран и валоризиран ,со цел да биде ставен под заштита како културно наследство.

**Археолошкиот локалитет „Манастир„ се состои под повеќе откриени локации кои ги добиле имињата согласно местото каде е вршено откривањето на културното добро.Тие локации се евидентирани со евидентни броеви и тоа:**

- **училиште 4-806-018/133 ЕНД**
- **караула 4-806-018/6 ЕНД**
- **манастир 4-806-018/131 ЕНД**
- **еднокорабна црква 4-806-018/193 ЕНД**
- **црква 4-806-018/195 ЕНД**
- **нов Дојран 4-806-018/9 ЕНД**
- **школо 2 4-806-018/194 ЕНД**

**Валоризација за археолошки локалитет „Манастир„ кој заслужува да биде ставен под заштита:**

| | | |
|---|---|---|
| **2.** | | • **училиште 4-806-018/133 ЕНД**<br>• **караула 4-806-018/6 ЕНД**<br>• **манастир 4-806-018/131 ЕНД**<br>• **еднокорабна црква 4-806-018/193 ЕНД**<br>• **црква 4-806-018/195 ЕНД**<br>• **нов Дојран 4-806-018/9 ЕНД**<br>• **школо 2 4-806-018/194 ЕНД** |
| **назив** | **Археолошки локалитет Манастир** | |

| | | |
|---|---|---|
| **локација** | **Нов Дојран** | |
| **адреса** | | |
| **Катастарска парцела** | | Бидејќи археолошкиот локалитет опфаќа поголема површина од селото Нов Дојран во која има премногу парцели кои се со изградени објекти, како и парцели кои се обработливо и необработливо земјиште, а поради неможност сите да се избројат,сите катастарски парцели кои се наоѓаат внатре во оцртаната зона на археолошкиот локалитет „Манастир„ припаѓаат на него. |
| опис на содржиние | Населба и некропола од римско,доцноантичко и ранохристијанско време | |
| граници | Границите на археолошкиот локалитет „Манастир„ се во границите на следните блокови: дел од блок 3, блок 4, дел од блок 7,блок 8, блок 9, блок 10, блок 11 и дел од блок 12. | |
| контакти зони | Контактната зона на археолошкиот локалитет„Манастир„ ја сочинуваат следните блокови: дел од блок 3,дел од блок 2,дел од блок 5,дел од блок 6,дел од блок 7 и дел од блок 12.<br><br>Во таа зона се наоѓаат следните катастарски парцели:<br>КП 1197/2,1197/1,1198/2,1197/3,1198/1,1199/5,1199/6,1199/4,<br>1199/3,1199/1,1199/2,1203/6,1202,1204,1203/5,1334,1203/1,<br>1203/3,1203/8,1203/2,1338,1337,1335,1336,1333,1341,1344,<br>1343/1,1343/2,1342,1388,1381,1382,1384,1389,1347/2,1347/1,<br>1357/2,1361/2,1357/1,1361/1,1359,1360,1358,1387/2,1388,1393,<br>1394,1401,1402,1400,1403,1415,1414,1418,1419,1412,1413, | |

| | |
|---|---|
| | 1421/2,1421,1404,1399,1398,1395,1396,1397,1406,1405,1410, 1411,1413,1421,1423,1485/2,1485/1,1422/2,1477,1407,1422/3, 1422/1,1466,1465,1485/1,1485/2,1491/1,1491/2,1492,1493, 1500/1,1500/2,1501,1507,1510/1,1510/2, 1509/1,1509/2,1523, 1522,1524,1525,1532,1538/3,1538/1,1538/4,1537,1542,1541,1539,1540/1 ,1543,1545,1547/1,1547/2,1544,1778,1777,1775,1757,1774,1773/1, 1760,1770,1765,1762,1746,1745,1744,1743/1,1743/2,1766,1764,1741, 1742,1705,1706,1598,1599/2,1599/1,1599/3,1823,1824,1831,1832/1, 1832/2,1833,1836,1837,1843,1844,1847,1846,дел од 1878/1,1850, 1848,1842,1785/3,1785/2,1785/1,1840/1,1840/2,1768,1764,1829, 1766,1765/1,1745,1744,1826,1601,1830,1825,1827,1798,1796,1794, 1786,1795,1787/2,1787/1,1789,1788,1780/1,1780/2,1779/3,1779/1, 1779/2,1781,1770,1782,1783,1760,1773/1,1759,1753,1761,1772, 1773/2,1777,1852/2,1835/2,1834/3,1819/2,1606/2,1586/2,1569/1, 1569/2,1267(пат),1248,1250,1240/2 (пат),1252, 1200 и 1201 (пат) |
| површина на доброто | 602242 м2 |
| вкупна површина на заштитеното добро | Околу 122 529,9 м2<br>Арх лок со контак зона |
| автор | - |
| време на настанување | 3 ти, 4ти, 5 ти, 9 ти и 10 век в.н.е |
| намена | Археолошки локалитет |
| Вредности и значење | Истражуваниот простор во делот на населбата Нов Дојран е дефиниран како археолошки локалитет под името,,Манастир,,поради тоа што истражувањата се вршени парцијално во разни временски периоди,интервентно во одредени парцели ,така да дадени се посебни имиња на парцелите во кои се пронајдени остатоци од градби и гробни конструкции.<br>Така во непосредна близина на **училиштето** откриени се остатоци на еднокорабна црква околу која се наоѓаат гробови со камени плочи. Тој простор е истражуван кон крајот на 50-тите години од XX век од страна на археологот Блага Алексова.<br>**Локацијата Манастир** е наречена месноста во подножјето на активната црква „Св.Горгиј“, со ископувањата на Археолошки Музеј од Скопје во 1958 година од страна на археологот Блага Алексова, кога се |

| | |
|---|---|
| | откриени остатоци на сакрален објект-црква и истражени се 20 гробови од X-XI век.<br><br>**Локацијата Црквиште** е наречена месноста во дворните места на Г.Поп-Коцев, Р.Џиков и Р.Кацаниев, јужно од современиот пат кој води кон Стар Дојран, во централниот дел на градот, каде се откриени остатоци од луксузна, трокорабна, ранохристијанска базилика, со нартекс и широка полукружна апсида. Подот и презвитериумот бил изведен со бели мермерни плочки, организирани во полиња што оформуваат крст. Најдена е богата архитектонска пластика од бел мермер датирана во IV-V век.<br><br>**Локацијата Манастир и Караула** е наречена месноста во центарот на градот, при поставувањето на нова водоводна мрежа и канализација, каде се откриени остатоци од неколку доцноантички и римски гробови со богати наоди составени од ќерамички садови, ламби, накит и монети. Кај еден од гробовите, надгробната мермерна плоча е богато украсена со флорална и антропоморфна декорација.<br><br>Сите овие дефинирани локации со наоди од археолошка ,културна и уметничка важност укажуваат на претпоставка дека се работи за остатоци од античката населба Тауријана,или веројатно античкиот град Добер.<br><br>Овие антички населби ,особено богатите и луксузни градби, како и гробници се од голема важност за науката. |
| **состојба** | **Средна** |

## Археолошкиот комплекс Манастир

Според Археолошката карта на Р.Македонија целиот простор на современата населба Нов Дојран е назначен како населба и некропола од римското, доцноантичкото и ранохристијанското време, а особено просторот вдолж патот кој поминува низ Нов Дојран и води кон месноста Стар Дојран. Овде се констатирани остатоци од темели на градби, базилика, архитектонска пластика, гробови со конструкција од типот „на две води“ и многубројни археолошки остатоци (керамика, монети, накит), како и скулптурална пластика.

Се претпоставува дека се работи за остатоци од античката населба Tauriana.

Сите дефинирани локации на овој археолошки локалитет со наоди од археолошка ,културна и уметничка важност укажуваат на претпоставка дека се работи за остатоци од античката населба Тауријана или античкиот град Добер. **Локалитетот поседува доволно елементи како населба и некропола да се изврши негова валоризација.**

**Напомена:**

**Во согласност со Законот за заштита на културното наследство, за предложениот археолошки локалитет, во рок од една година потребно е да биде изработен Елаборат за валоризација.**

## 6.2 Категоризација

**Напомена: Конечната категоризацијата за локалитетот ќе биде дадена при изработка на Елаборатот за валоризација.**

### Археолошкиот локалитет „Манастир„

Согласно чл.3 од Правилникот за валоризација, категоризација и ревалоризација, согласно категоризација според значење, се одредува како-**значајно културно наследство.**

На овој археолошки локалитет констатирани се остатоци од темели на градби, базилика, архитектонска пластика, гробови со конструкција од типот „на две води“ и многубројни археолошки остатоци (керамика, монети, накит), како и скулптурална пластика.

Сите дефинирани локации на овој археолошки локалитет со наоди од археолошка ,културна и уметничка важност укажуваат на претпоставка дека се работи за остатоци од античката населба Тауријана или античкиот град Добер.

Критериумот за ова категоризација е тоа што претставува населба и некропола од римското, доцноантичкото и ранохристијанското време,

Исто така критериум е културно-историското, научно и општественото значење на овој локалитет.

Археолошкиот локалитет „Манастир„ согласно категоризација според загрозеност, се одредува како- **незагрозено културно наследство.**

## 6.3 Режим на заштита

### 6.3.1 Режим на заштита на археолошки локалитет

**Археолошкиот локалитет „Манастир„ е со режим на заштита од втор степен ,а неговата контакната зона е со режим на заштита од трет степен.**

За овој археолошки локалитет, се определува режим на заштита од **втор степен**, што подразбира дека археолошкиот локалитет во рамките на своите граници претставува заштитена целина која има контактна зона.

Контактната зона на археолошкиот локалитет,,Манастир„ се наоѓа во блоковите: дел од блок 3,дел од блок 2,дел од блок 5,дел од блок 6,дел од блок 7 и дел од блок 12.

Во таа зона се наоѓаат следните катастарски парцели:

КП 1197/2,1197/1,1198/2,1197/3,1198/1,1199/5,1199/6,1199/4,
1199/3,1199/1,1199/2,1203/6,1202,1204,1203/5,1334,1203/1,
1203/3,1203/8,1203/2,1338,1337,1335,1336,1333,1341,1344,
1343/1,1343/2,1342,1388,1381,1382,1384,1389,1347/2,1347/1,
1357/2,1361/2,1357/1,1361/1,1359,1360,1358,1387/2,1388,1393,
1394,1401,1402,1400,1403,1415,1414,1418,1419,1412,1413,
| 3 | **В -** јавни институции | **В1 -** образование и наука | 1.23 | 2.14 | 1.72% |
| | | **В2 -** здравство и социјална заштита | 0.17 | | |
| | | **В3 -** култура | 0.23 | | |
| | | **В4 -** државни институции | 0.27 | | |
| | | **В5 -** верски институции | 0.24 | | |
| 4 | **Г -** производство, дистрибуција и сервиси | **Г2** - лесна и незагадувачка индустрија | 1.78 | 2.05 | 1.65% |
| | | **Г3** - сервиси | 0.27 | | |
| 5 | **Д -** зеленило и рекреација | **Д1 -** парковско зеленило | 0.13 | 2.24 | 1.80% |
| | | **Д3 -** спорт и рекреација | 1.62 | | |
| | | **Д4** - меморијални простори гробишта | 0.49 | | |
| 6 | **Е -** инфраструктура | **Е1 -** комунална инфраструктура | 5.77 | 8.16 | 6.57% |
| | | **Е2 -** комунална супраструктура (бензинска пумпа,хидроцентрала) | 1.07 | | |
| | | **Е3 -** некомпатибилна инфраструктура (трафостаници над 20кв) | 0.74 | | |
| | | површини под вода - суводолици и канал Топлец | 0.58 | | |
| 7 | **НЗ -** неизградено земјиште | | 75.84 | | 61.03% |
| | **ВКУПНО** | | **124.26** | | **100%** |

ЛЕГЕНДА

ГЕОДЕТСКИ ЕЛАБОРАТ ЗА АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА

Место за печат:

Инвеститор: Иванов Инженеринг

Проект: Урбанистички план за село Нов Дојран, Општина Дојран

Изработил: Горан Гошевски дипл.геод.инж.

Деловоден број: 0802-375-3 | Размер: 1:1000 | Лист број: 4

# УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО НОВ ДОЈРАН ОПШТИНА ДОЈРАН

ДЕЛ: ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

РАЗМЕР: 1 : 2500 | ПОВРШИНА: 124.26 ха

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
- А1 ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ
- А2 ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ
- А4 ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ
- Б1 МАЛИ КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ
- Б4 ДЕЛОВНИ ПРОСТОРИ
- Б5 ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ
- В1 ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА: ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
- В2 ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА (ГРАДИНКА)
- В3 КУЛТУРА (ДОМ НА КУЛТУРА)
- В4 ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ (ПОЛИЦИСКА СТАНИЦА)
- В5 ВЕРСКИ ИНСТИТУЦИИ (ЦРКВА)
- Г2 ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА
- Г3 СЕРВИСИ
- ГРАНИЦА НА ЗОНА СО ИСТА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО
- Е1 СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА: АСФАЛТИРАН КОЛОВОЗ
- ТРОТОАР
- ЗЕМЈЕНИ КОЛСКО/ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ
- ПОВРШИНИ ПОД ВОДА КАНАЛИ / СУВОДОЛИЦИ
- ДОЈРАНСКО ЕЗЕРО
- Д1 ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО
- Д3 СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА
- Д4 МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ: ГРОБИШТА
- Е2 КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА (БЕНЗИНСКА ПУМПА, ХИДРОЦЕНТРАЛА)
- Е3 НЕКОМПАТИБИЛНА ИНФРАСТРУКТУРА - ТРАФОСТАНИЦА НАД 20kV
- НЗ НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ
- СРУШЕН ОБЈЕКТ (СТАРО УЧИЛИШТЕ)
- ЛИНИЈА НА МАКСИМАЛНА КОТА НА ДОЈРАНСКО ЕЗЕРО 147.33mнв

РУЖА НА ВЕТРОВИ

NW=103 ‰ | N=68 ‰ | NE=35 ‰ | W=69‰ | C=308‰ | E=51 ‰ | SW=99‰ | SE=64 ‰ | S=83‰

ИЗРАБОТУВАЧ: ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ, БОРИС КИДРИЧ 12/16, БИТОЛА — УПРАВИТЕЛ: САШКО ИВАНОВ дипл

НАРАЧАТЕЛ: ОПШТИНА ДОЈРАН

ОВЛАСТЕНИ ПЛАНЕРИ:
САШКО ИВАНОВ дипл ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0095
НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГУЛЕВСКА дипл ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0094
АНДРИЈАН ИВАНОВ дипл ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0674
ЦВЕТАНКА ДОНЧЕВА дипл ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0622
СТЕФАНИЈА ИВАНОВ ГАТА дипл ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0591
ДОБРИЦА НАСЕВИЌ дипл ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0443

ПРИЛОГ: ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ЗЕЛЕНИЛОТО ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

ТЕХ. БРОЈ: 0801-03-02/17 | ДАТУМ: 04.2023 | ЛИСТ: 6

ПС

10 kV НАДЗЕМНА МРЕЖА

10 kV НАДЗЕМНА МРЕЖА

10 kV НАДЗЕМНА МРЕЖА

10 kV НАДЗЕМНА МРЕЖА

10 kV НАДЗЕМНА МРЕЖА

10 kV НАДЗЕМНА МРЕЖА

10 kV НАДЗЕМНА МРЕЖА

10 kV НАДЗЕМНА МРЕЖА

10 kV НАДЗЕМНА МРЕЖА

110 kV НАДЗЕМНА МРЕЖА

110 kV НАДЗЕМНА МРЕЖА

ОПШТИНА ДОЈРАН

ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

Р

Р

ПС

МАКСИМАЛНА КОТА НА ДОЈРАНСКО ЕЗЕРО 147.33mнв

ЛЕГЕНДА

ГЕ АПРОУЗЕЛ

| ГЕОДЕТСКИ ЕЛАБОРАТ ЗА АКУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА | | |
|---|---|---|
| Место за печат: | Инвеститор: Иванов Инжинеринг | |
| | Проект: Урбанистички план за село Нов Дојран, Општина Дојран | |
| Изработил: Горан Гошевски дипл.геод.инж. | Деловоден број: 0802-375-3 | Размер: 1:1000 |
| | | Лист број: 4 |

# УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО НОВ ДОЈРАН ОПШТИНА ДОЈРАН

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ДЕЛ | ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА | | | | |
| РАЗМЕР | 1 : 2500 | | | ПОВРШИНА | 124.26 ха |
| ЛЕГЕНДА | | | | | |
| ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ | | Е1 СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА: АСФАЛТИРАН КОЛОВОЗ | | ЛИНИЈА НА МАКСИМАЛНА КОТА НА ДОЈРАНСКО ЕЗЕРО 147.33mнв | |
| | | ТРОТОАР ЗЕМЈЕНИ КОЛСКО/ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ | | | |
| ЕЛЕКТРО- ЕНЕРГЕТСКА МРЕЖА И ОБЈЕКТИ | | | | | |
| НИСКОНАПОНСКА НАДЗЕМНА МРЕЖА | | ПОВРШИНИ ПОД ВОДА КАНАЛИ / СУВОДОЛИЦИ | | | |
| НИСКОНАПОНСКА ПОДЗЕМНА МРЕЖА | | ДОЈРАНСКО ЕЗЕРО | | | |
| 10kV НАДЗЕМНА МРЕЖА | | | | | |
| 10kV ПОДЗЕМНА МРЕЖА | | ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА | | | |
| 35kV НАДЗЕМНА МРЕЖА | | | | | |
| 110kV НАДЗЕМНА МРЕЖА | | ВОДОВОД: ПОСТОЕЧКА МРЕЖА РЕЗЕРВОАР "ТОПЛЕЦ" ЦЕВКОВОД ОД СИСТЕМ "ЃАВАТО-ДОЈРАН" | | РУЖА НА ВЕТРОВИ | |
| 0.4/10kV Е2 -ТС ПОСТОЕЧКА ТРАФОСТАНИЦА | | | | | |
| 35/110kV Е2 -ТС ПОСТОЕЧКА ТРАФОСТАНИЦА | | ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА | | | |
| ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА | | | | | |
| БАКАРЕН КАБЕЛ | | | | | |
| ОПТИЧКИ КАБЕЛ | | | | | |

| | | |
|---|---|---|
| ИЗРАБОТУВАЧ | ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ<br>БОРИС КИДРИЧ 12/16, БИТОЛА | УПРАВИТЕЛ: САШКО ИВАНОВ дипл |
| НАРАЧАТЕЛ | ОПШТИНА ДОЈРАН | |
| ОВЛАСТЕНИ ПЛАНЕРИ | САШКО ИВАНОВ дипл ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0095<br>НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГУЛЕВСКА дипл ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0094<br>АНДРИЈАН ИВАНОВ дипл ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0674 | ЦВЕТАНКА ДОНЧЕВА дипл ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0622<br>СТЕФАНИЈА ИВАНОВ ГАТА дипл ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0591<br>ДОБРИЦА НАСЕВИЌ дипл ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0443 |
| ПРИЛОГ | ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА | |
| ТЕХ. БРОЈ | 0801-03-02/17 | ДАТУМ 04.2023 ЛИСТ 7 |


МАКСИМАЛНА КОТА НА
ДОЈРАНСКО ЕЗЕРО
147.33мнв

2

3

3

2




ГЕОДЕТСКИ ЕЛАБОРАТ ЗА АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА

Место за печат:

Инвеститор:
Иванов Инженеринг


Проект:
Урбанистички план за село
Нов Дојран, Општина Дојран

Изработил:
Горан Гошевски
дипл.геод.инж.

| Деловоден број: | Размер: | Лист број: |
|---|---|---|
| 0802-375-3 | 1:1000 | 4 |

# УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО НОВ ДОЈРАН ОПШТИНА ДОЈРАН

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ДЕЛ | ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА | | | | |
| РАЗМЕР | 1 : 2500 | | | ПОВРШИНА | 124.26 ха |
| ЛЕГЕНДА | | | | | |
| | ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ | | ЛИНИЈА НА МАКСИМАЛНА КОТА НА ДОЈРАНСКО ЕЗЕРО 147.33мнв | | |
| | ГРАНИЦА НА КОНТАКТНА ЗОНА<br>ГРАНИЦА НА АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТ | | | | |
| | КОНТАКТНА ЗОНА<br>РЕЖИМ НА ЗАШТИТА ОД 2 СТЕПЕН<br>РЕЖИМ НА ЗАШТИТА ОД 3 СТЕПЕН | | | | |
| | АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТ КОЈ ЗАСЛУЖУВА ДА БИДЕ ЗАШТИТЕН (МАНАСТИР)<br>ЗАШТИТЕН АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТ (ТОПЛЕЦ) | | | | |
| | | | | РУЖА НА ВЕТРОВИ | |




| | | |
|---|---|---|
| ИЗРАБОТУВАЧ | ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ<br>БОРИС КИДРИЧ 12/16, БИТОЛА | УПРАВИТЕЛ: САШКО ИВАНОВ дипл |
| НАРАЧАТЕЛ | ОПШТИНА ДОЈРАН | |
| ОВЛАСТЕНИ ПЛАНЕРИ | САШКО ИВАНОВ дипл ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0095<br>НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГУЛЕВСКА дипл ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0094<br>АНДРИЈАН ИВАНОВ дипл ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0674 | ЦВЕТАНКА ДОНЧЕВА дипл ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0622<br>СТЕФАНИЈА ИВАНОВ ГАТА дипл ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0591<br>ДОБРИЦА НАСЕВИЌ дипл ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0443 |
| ПРИЛОГ | ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧКИ ЦЕЛИНИ, ГРАДБИ ОД КУЛТУРНО ИСТОРИСКО ЗНАЧЕЊЕ И КУЛТУРНИ ПРЕДЕЛИ (ЗАШТИТНО-КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ) | |
| ТЕХ. БРОЈ | 0801-03-02/17 | ДАТУМ 04.2023 ЛИСТ 8 |

# ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

## ВОВЕД

Изработката на планската документација Урбанистички план за село Нов Дојран, Општина Дојран, претставува континуитет на урбаниот развој во рамките на општината. Урбанизирањето односно условите за изградба и уредување на просторот од аспект на потребите за развој во рамките на планскиот опфат, претставува појдовен елемент во методолошкиот пристап при изработка на Урбанистички план за село Нов Дојран, Општина Дојран.

Со изработка на Урбанистички план за село Нов Дојран, Општина Дојран за период од 2017 до 2027 година ќе се добијат одговори на низа прашања од кои зависи добрата организираност на просторот, односно негово вклопување и активирање во можностите за функционалност, комплементарност, атрактивност, комуникативност и флекси-билност како фрагмент од урбаната структура.

## 1. ВИД НА ПЛАНОТ, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Селото Нов Дојран административно припаѓа на Општина Дојран. Согласно член 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ, бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 64/18 и 168/18), уредувањето и користењето на просторот во рамки на планскиот опфат на селото се врши со Урбанистички план за село.

Изработката на Урбанистички план за село Нов Дојран, Општина Дојран, има за цел поставување на урбанистички концепт за организација на просторот во границите на планскиот опфат, а во исто време претставува континуитет во развојот на подрачјето на планскиот опфат, усогласувајќи го планскиот документ со поставките и параметрите дадени со Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на РМ како и со одобрената Планска програма за овој план.

За изработка на овој Урбанистички план за село применувани се актуелните законски и подзаконски акти и тоа:

- Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ, бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 64/18 и 168/18);
- Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Сл.весник на РМ бр. 142/15)
- Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Истражувајќи ги можните начини за организација и поставување на плански концепт за уредување на просторот во границата на планскиот опфат, применети се неколку принципи:

- Почитување на поставките на Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на РМ;
- Имплементација на Планската програма со дефинирање на единици на градежно земјиште за организација и изградба на објекти со предложената намена;
- Почитување на постојаната планска и проектна документација и надоврзување на истата;
- Применување на стандардите и нормативите за урбанистичко планирање;
- Дефинирање на оптимален процент на изграденост и коефициент на искористеност на земјиштето;
- Дефинирање на оптимален капацитет на системите на комуналната инфраструктура и супраструктура.

Урбанистичкиот план за село Нов Дојран, Општина Дојран се изработува за плански период од 10 (десет) години односно за период од 2017 до 2027 година.

## 2. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ

### 2.1. ПЛАНСКИ КОНЦЕПТ

Предложената планска концепција на Урбанистички план за село Нов Дојран, Општина Дојран, се базира на:

- Анализа на постојната состојба и можностите за развој;
- Почитување на заклучните согледувања на Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на РМ;
- Имплементација на Планската програма и решавање на зацртаните цели и задачи;
- Рационално и економично искористување на градежното земјиште;
- Надоградување на создадените вредности;
- Доследна примена на законската регулатива.

Границата и содржината на планскиот опфат се утврдени со Планската програма за изработка на Урбанистички план за село Нов Дојран, Општина Дојран (од 10/2017) изработена и донесена од страна на Општина Дојран.
Општ акт за населено место Нов Дојран, КО Нов Дојран, Општина Дојран (Одлука бр. 08-975/3 од 29.12.2017 година), со опфат од 128.99ха, претставува документ со најнова дата, но предметниот плански опфат не ја почитува границата на Општиот акт во целост, односно планскиот опфат е намален кон северната граница и дел кон западната граница за површина од 12.7ха, заради тоа што опфаќа земјиште кое е наменето за заштитно зеленило или постоечко зеленило – шума.
Планскиот опфат е дефиниран со почитување на северната, дел од западната и дел од источната граница на претходната планска документација ГУП за Стар Дојран и Нов Дојран (Одлука бр. 1868/99 од 1999 година), останатиот дел од источната граница е дефинирана согласно податоците од геодетските елаборати и линијата на котата на највисок водостој на Дојранско Езеро, а останатиот дел од западната граница е дефиниран така што за 2.5ха е зголемен од границата на Општиот акт заради опфаќање на постоечки објекти.
Југозападната и јужната граница е дефинирана согласно претходната планска документација ДУП за Туристичка – викенд населба „Калдрма" – Нов Дојран (Одлука бр. 07-126/4 од 06.06.2005 година), која има опфат од 9.41ха, од кои овој опфат превзема 5,43ха.

Дистрибуцијата на содржините во планскиот опфат се детерминирани од повеќе зададености на просторот кои условуваат одредени сообраќајни решенија и модуси на поврзување на поедините делови од планскиот опфат: Р1105 - (Врска со А1-Миравци-Давидово-Удово-врска со Р1102- Валандово-Дојран-гр. со Р. Грција-Сретеново и делница Стар Дојран-гр. со Р. Грција-Николиќ.

Во однос на наменските зони, доминантна е класата на намени А1 - домување во станбени куќи. Тоа во значителен дел претставува потврдување на постоечката изградена структура и логично надоврзување кон постоечката состојба, а во контекст на очекувана атрактивност на подрачјето, пред се заради близината на езерото.

Планирани се содржини од јавен карактер: комерцијални и деловни намени, деловни дејности, хотелски комплекси, јавни институции - објекти за образование, здравство и социјална заштита, култура, државни институции, верски институции, зони за спорт и рекреација и меморијални простори, кои треба да одговорат на барањата на постоечките и новите корисници.

Во планскиот опфат на УПС Нов Дојран формирани се и зони за производство, дистрибуција и сервиси, односно, лесна и незагадувачка индустрија, сервиси, како и градби за производство на електрична енергија, бензиска пумпна станица и фотоволтаична централа, соодветно опслужени со сообраќајна инфраструктура и останата комунална инфраструктурна мрежа.

Од источна страна планскиот опфат на УПС Нов Дојран граничи со Дојранско Езеро.

Низ планскиот опфат на УПС Нов Дојран, Општина Дојран поминува водотек со променлива ширина. Во планската документација, согласно "Хидролошка студија за суводолиците во плански опфат на УПС Нов Дојран, Општина Дојран" со технички број 0801-03-09/20 од 26.01.2021, за која е добиено Решение од Министерство за животна средина УП1-11/5-1347/2020 од 28.01.2021 година.

Ширината на крајбрежниот појас на водотеците Суводолица 1 ќе изнесува најмалку 3 метри од крајната линија на регулацијата од левата и десната страна на коритото додека ширината на крајбрежниот појас на Суводолица 2 ќе изнесува најмалку 3 метри од крајната линија на регулацијата од двете страни на коритото а дел од коритото е со заштитен појас од 3 метри од едната страна и улица од другата страна на коритото.

- **ДЕМОГРАФСКА АНАЛИЗА**

**Согласно Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија од 2002 година, во селото Нов Дојран биле регистрирани вкупно 1100 жители од кои 66 се деца до 4 години (6% од вкупниот број на жители), а 132 се деца на возраст од 5 до 14 години (12% од вкупниот број на жители).**

Прирастот на населението за период од 14 години (од 2002год. до денес) е податок до кој што може да се дојде преку метод на апроксимација изведен со користење на податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија од 2002 година и анализа на постоечката состојба односно сублимација на инвентаризираниот градежен фонд и претпоставениот број на домаќинства.

Преку примена на демографски параметри врз апроксимативниот примерок и со метод на поставување на демографски рамки за развој во подрачјето кое за прв пат станува дел од градежната зона се доаѓа до планираниот број на жители за целото подрачје на планскиот опфат на УПС Нов Дојран.

**Во опфатот на с. Нов Дојран инвентаризирани се 558 објекти за домување. Доколку се земе како влезен податок дека во еден објект живее по едно семејство со просек од 3,5 члена се доаѓа до околу 1953 жители (558*3,5=1953).**

Прирастот на населението во новите граници на планскиот опфат на село Нов Дојран се очекува во најголем дел да се случи по механички пат со доселување на нови корисници на површините кои за прв пат се предмет на урбанизирање, како и по природен пат, со природен прираст на постоечкото население од 2‰ (согласно податоци од Државен завод за статистика).

Површината за домување во планскиот опфат се зголемува од 33,07 ха (површина на постоечка зона), на 74,57 ха.

**Вкупниот планиран број на жители во планскиот период од 2017 до 2027 година се предвидува да изнесува 2810 жители.** Планираната просечна бруто густина на населеност изнесува 22,61 ж/ха, додека планираната просечната нето густина на населеност изнесува 37,68 ж/ха.

Планираниот број на жители во планскиот период претставува влезен параметар за планирање на комуналната инфраструктура која треба да се изгради и да ја оптимизира и надогради постоечката во село Нов Дојран.

Бројот на жители е релевантен податок и при определување на намената на површините кои теба да одговорат на потребите за објекти од јавен интерес како што се основни училишта, потоа објекти за спорт и рекреација и сл., а согласно член 23 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18)

- **ЗЕЛЕНИЛО**

Во насока на обезбедување на повисок стандард на домување, квалитет на работната средина и овозможување на начелото на одржлив развој, со урбанистичкиот план за село се дадени насоки за обезбедување на минимални површини со зеленило во рамки на единиците на градежно земјиште - блокови и градежни парцели кои ќе се формираат со урбанистичко-проектни документации во следна фаза.

Површините за зеленило претставуваат обврска за реализација и во рамки на наменските зони од другите класи на намени, во дворните места на објектите, со минимален процент кој што треба да се задоволи при формирање на градежните парцели, односно, при реализација на градбите.

Согласно Законот за урбано зеленило (Службен весник на РМ бр.11/2018, Службен весник на РСМ 42/20) во градежните парцели кои ќе формираат, минималниот просечен процент на зеленило изнесува 20%.

Согласно Законот за урбано зеленило (Службен весник на РМ бр.11/2018, Службен весник на РСМ 42/20) урбаното зеленило опфаќа: јавно зеленило и останато зеленило. Под јавно зеленило спаѓа парк, парк-шума, зелен плоштад, дрворед, зелен коридор, заштитно зеленило, неуредено зеленило зеленило и друго зеленило на јавни и отворени простори.

Останато зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување кое претставува придружна содржина на други основни намени а се во сопственост на физички и правни лица или дадени на нивно користење.
Според тоа, се доаѓа до показател за 23.25 м$^2$ површина на зеленило по жител во рамки на планскиот опфат, од кои 6.55 м$^2$ јавно зеленило и 16.70 м$^2$ останато зеленило по жител.

| БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ЗЕЛЕНИЛО НА НИВО НА ПЛАНСИ ОПФАТ | | просечен процент на зеленило во рамки на наменската зона | површина на зеленило во наменската зона | | површина на зеленило по жител | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | % | м² | | м²/ж | |
| | **А - домување** | 20% | 14914 | | 5.31 | |
| | **А1** - домување во станбени куќи | | | | | |
| | **А2** - домување во станбени згради | | | | | |
| | **А3** - групно домување | | | | | |
| | **А4** - времено сместување | | | | | |
| | **Б - комерцијални и деловни намени** | 20% | 1630 | | 0.58 | |
| | **Б1** - мали комерцијални и деловни намени | | | | | |
| | Б3 - големи угостителски единици | | | | | |
| | **Б5** - хотелски комплекси | | | | | |
| | **В - јавни институции** | 20% | 456 | | 0.16 | |
| | **В1** - образование и наука | | | | | |
| | **В2** - здравство и социјална заштита | | | | | |
| | **В3 -** култура | | | | | |
| | **В4 -** државни институции | | | | | |
| | **В5** - црква | | | | | |
| | **Г - производство, дистрибуција и сервиси** | 20% | 7980 | | 2.84 | |
| | **Г2 -** лесна и незагадувачка индустрија | | | | | |
| | **Г3 -** сервиси | | | | | |
| | **Д - зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори** | | | 37000 | | 13.17 |
| | **Д1**- парковско зеленило | 100% | 7100 | | 0.11 | |
| | **Д2** - заштитно зеленило | 100% | 11300 | | 0.17 | |
| | **Д3** - спорт и рекреација | 20% | 10440 | | 3.72 | |
| | **Д4** - меморијални простори | 20% | 8160 | | 2.90 | |
| | **Е - комунална инфраструктура** | 20% | 3355 | | 1.19 | |
| | **Е2** - комунална супраструктура | | | | | |
| | **Е3** - некомпатибилна инфраструктура | | | | | |
| | ЈАВНО ЗЕЛЕНИЛО | | 18400 | | 6.55 | |
| | ОСТАНАТО ЗЕЛЕНИЛО | | 46935 | | 16.70 | |
| **ВКУПНО** | | | **65335** | | **23.25** | |
| **ПЛАНИРАН БРОЈ НА ЖИТЕЛИ ВО ПЛАНСКИОТ ПЕРИОД** | | | **2810** | | | |

## 3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА

Планскиот опфат на Урбанистички план за село Нов Дојран, Општина Дојран опфаќа земјиште кое во основа е дефинирано како:

- единици на градежно земјиште - блокови; и
- земјиште за општа употреба - примарна и секундарна улична мрежа и заштитно зеленило.

Наменската употреба на земјиштето и градбите е уредена на ниво на наменски зони.

Наменска зона е ограничена површина од градежното земјиште со иста наменска употреба на земјиштето. Уредувањето на намената на земјиштето во урбанистичкиот план за село Нов Дојран се врши со системот на класи на намени како инструмент со кој се врши класификација на дејностите и активностите во планскиот опфат.

Согласно целите дефинирани со Планската програма како и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ, бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), со оваа планска документација се врши уредување на наменските зони со следните ознаки:

**А1 -** домување во станбени куќи ;

**А2 –** домување во станбени згради;

**А3 –** групно домување;

**А4 –** времено сместување;

**Б1 -** мали комерцијални и деловни намени;

**Б3 -** големи угостителски единици;

**Б5** – хотелски комплекси

**В1 -** образование и наука – основно училиште;

**В2 –** здравство и социјална заштита – детска градина;

**В3 –** култура – дом на култура;

**В4** – државни институции – полициска станица;

**В5** – верски институции - црква;

**Г2 -** лесна и неазгадувачка индустрија;

**Г3 -** сервиси;

**Д1 -** парковско зеленило;

**Д2 -** заштитно зеленило;

**Д3 -** спорт и рекреација;

**Д4 -** меморијални простори (гробишта);

**Е1 -** комунална инфраструктра (сообраќајна инфраструктура)

**Е2 –** комунална супраструктура (бензинска пумпа, градби за производство на енергија – хидроцентрала, фотоволтаична централа) и

**Е3** – некомпатибилна инфраструктура (трафостаници над 20кв)

Целокупната површината на планскиот опфат на УПС Нов Дојран е поделена на единици на градежно земјиште - блокови. Во рамки на опфатот предвидени се 15 блока, така што секој блок е со граници кои се совпаѓаат со границата на плански опфат, и/или осовини на улици. За секој блок поединечно се дадени посебни услови систематизирани во табеларен приказ.

| | **НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ** | површина (ха) | | процент |
|---|---|---|---|---|
| **БЛОК 1** | **А - домување** | 1.64 | | 16.31% |
| | **А1** - домување во станбени куќи | | | |
| | **Б - комерцијални и деловни намени** | 2.09 | | 20.79% |
| | Б5 - хотелски комплекси | | | |
| | **Д - Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори** | | 4.22 | 41.98% |
| | Д1 - парковско зеленило | 0.57 | | |
| | Д2 - заштитно зеленило | 0.10 | | |
| | Д3 - спорт и рекреација | 3.55 | | |
| | **Е - инфраструктура** | | | 19.63% |
| | **Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | 0.93 | 1.97 | |
| | **Е2** - комунална супраструктура (бензинска пумпна станица) | 0.27 | | |
| | **Е2** - комунална супраструктура (хидроцентрала) | 0.77 | | |
| | канал Топлец | 0.13 | | 1.29% |
| **ВКУПНО** | | **10.05** | | **100.00%** |
| | **НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ** | површина (ха) | | процент |
| **БЛОК 2** | **А - домување** | 5.27 | | 56.24% |
| | **А1** - домување во станбени куќи | | | |
| | **Б - комерцијални и деловни намени** | 0.76 | | 8.11% |
| | Б5 - хотелски комплекси | | | |
| | **Д - Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори** | 1.67 | | 17.82% |
| | Д3 - спорт и рекреација | | | |
| | **Е - инфраструктура** | | | 17.83% |
| | **Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | 1.44 | 1.67 | |
| | **Е2** - комунална супраструктура ( бензиска пумпна станица ) | 0.23 | | |
| **ВКУПНО** | | **9.37** | | **100.00%** |
| | **НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ** | површина (ха) | | процент |
| **БЛОК 3** | **А** - домување | | | 39.22% |
| | **А1** - домување во станбени куќи | 3.81 | 4.28 | |
| | **А2** - домување во станбени згради | 0.47 | | |
| | **Б - комерцијални и деловни намени** | 0.22 | | 2.02% |
| | Б5 - хотелски комплекси | | | |
| | **В - јавни институции** | 1.35 | | 12.37% |
| | В1- образование и наука | | | |
| | **Г - Производство, дистрибуција и сервиси** | 3.96 | | 36.29% |
| | Г2 -лесна и незагадувачка индустрија | | | |
| | **Д - Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори** | 0.03 | | 0.27% |
| | Д2 - заштитно зеленило | | | |
| | **Е - инфраструктура** | 1.07 | | 9.82% |
| | **Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | | | |
| **ВКУПНО** | | **10.91** | | **100.00%** |

| | **НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ** | површина (ха) | | процент |
|---|---|---|---|---|
| **БЛОК 4** | **А - домување** | 3.62 | | 83.62% |
| | **А1** - домување во станбени куќи | | | |
| | **Е - инфраструктура** | 0.18 | | 4.14% |
| | **Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | | | |
| | Површина во заштитен појас од 50 метри од линија на кота на највисок утврден водостој на Дојранското Езеро (147.33 м.н.в.) во која не се дозволени нови објекти, ниту доградба и надградба на постоечките објекти | 0.53 | | 12.24% |
| **ВКУПНО** | | **4.33** | | **100.00%** |
| | **НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ** | површина (ха) | | процент |
| **БЛОК 5** | **А - домување** | 1.52 | | 22.65% |
| | **А1** - домување во станбени куќи | | | |
| | **Д - Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори** | | | |
| | Д2 - заштитно зеленило | 0.96 | 4.07 | 60.66% |
| | Д4 - меморијални простори (гробишта) | 3.11 | | |
| | **Е - инфраструктура** | | | |
| | **Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | 0.33 | 1.08 | 16.09% |
| | **Е3**- некомпатибилна инфраструктура ( трафостраница над 20кв) | 0.75 | | |
| | регулирано корито на суводолица | 0.04 | | 0.60% |
| **ВКУПНО** | | **6.71** | | **100.00%** |
| | **НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ** | површина (ха) | | процент |
| **БЛОК 6** | **А - домување** | 12.84 | | 93.46% |
| | А1 - домување во станбени куќи | | | |
| | **Д - Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори** | 0.01 | | 0.07% |
| | Д2 - заштитно зеленило | | | |
| | **Е - инфраструктура** | 0.78 | | 5.67% |
| | **Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | | | |
| | регулирано корито на суводолица | 0.11 | | 0.80% |
| **ВКУПНО** | | **13.74** | | **100.00%** |
| | **НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ** | површина (ха) | | процент |
| **БЛОК 7** | **А - домување** | | | 77.00% |
| | **А1** - домување во станбени куќи | 10.24 | 10.58 | |
| | **А3** - групно домување | 0.34 | | |
| | **Б - комерцијални и деловни намени** | 0.21 | | 1.53% |
| | Б1 - мали и комерцијални единици | | | |
| | **В - јавни институции** | | | |
| | В2 - здравство и социјална заштита - детска градинка | 0.20 | 0.50 | 3.64% |
| | В4 - државни институции | 0.30 | | |
| | **Д - Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори** | 0.97 | | 7.06% |
| | Д4 - меморијални простори (гробишта) | | | |
| | **Г - Производство, дистрибуција и сервиси** | 0.03 | | 0.22% |
| | Г3 -сервиси | | | |
| | **Е - инфраструктура** | 1.41 | | 10.26% |
| | **Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | | | |
| | регулирано корито на суводолица | 0.04 | | 0.29% |
| **ВКУПНО** | | **13.74** | | **100.00%** |
| | **НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ** | површина (ха) | | процент |
| **БЛОК 8** | **А - домување** | 2.97 | | 78.57% |
| | **А1** - домување во станбени куќи | | | |
| | **Е - инфраструктура** | 0.72 | | 19.05% |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | | | |
| | регулирано корито на суводолица | 0.09 | | 2.38% |
| **ВКУПНО** | | **3.78** | | **100.00%** |
| | **НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ** | површина (ха) | | процент |
| **БЛОК 9** | **А - домување** | 1.71 | | 38.71% |
| | **А1** - домување во станбени куќи | | | |
| | **Б - комерцијални и деловни намени** | 1.96 | | 44.37% |
| | Б5 - хотелски комплекси | | | |
| | **Е - инфраструктура** | 0.33 | | 7.41% |
| | **Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | | | |
| | регулирано корито на суводолица | 0.09 | | 2.04% |
| | Површина во заштитен појас од 50 метри од линија на кота на највисок утврден водостој на Дојранското Езеро (147.33 м.н.в.) во која не се дозволени нови објекти, ниту доградба и надградба на постоечките објекти | 0.33 | | 7.47% |
| **ВКУПНО** | | **4.42** | | **100.00%** |
| | **НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ** | површина (ха) | | процент |
| **БЛОК 10** | **А - домување** | 2.89 | | 70.85% |
| | **А1** - домување во станбени куќи | | | |
| | **Б - комерцијални и деловни намени** | | | 13.48% |
| | Б1 - мали и комерцијални единици | 0.04 | 0.55 | |
| | Б3 - големи угостителски единици | 0.51 | | |
| | **В - јавни институции** | 0.17 | | 4.17% |
| | В3 - култура | | | |
| | **Е - инфраструктура** | 0.47 | | 11.50% |
| | Е1 - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | | | |
| **ВКУПНО** | | **4.08** | | **100.00%** |
| | **НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ** | површина (ха) | | процент |
| **БЛОК 11** | **А** - домување | 4.66 | 4.82 | 48.60% |
| | **А1** - домување во станбени куќи | | | |
| | **А4** - времено сместување | 0.16 | | |
| | **Б - комерцијални и деловни намени** | 1.88 | | 18.96% |
| | Б5 - хотелски комплекси | | | |
| | **В - јавни институции** | 0.26 | | 2.62% |
| | В5- верски институции (црква) | | | |
| | **Е - инфраструктура** | 0.50 | | 5.01% |
| | **Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | | | |
| | Површина во заштитен појас од 50 метри од линија на кота на највисок утврден водостој на Дојранското Езеро (147.33 м.н.в.) во која не се дозволени нови објекти, ниту доградба и надградба на постоечките објекти | 2.46 | | 24.81% |
| **ВКУПНО** | | **9.92** | | **100.00%** |
| | **НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ** | површина (ха) | | процент |
| **БЛОК 12** | **А - домување** | | | 70.69% |
| | **А1** - домување во станбени куќи | 6.06 | 6.10 | |
| | **А2** - домување во станбени згради | 0.04 | | |
| | **Д - Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори** | 0.14 | | 1.62% |
| | Д1 - парковско зеленило | | | |
| | **Е - инфраструктура** | 1.22 | | 14.13% |
| | **Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | | | |
| | Површина во заштитен појас од 50 метри од линија на кота на највисок утврден водостој на Дојранското Езеро (147.33 м.н.в.) во која не се дозволени нови објекти, ниту доградба и надградба на постоечките објекти | 1.17 | | 13.56% |
| **ВКУПНО** | | **8.63** | | **100.00%** |
| | **НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ** | површина (ха) | | процент |
| **БЛОК 13** | **А - домување** | 5.23 | | 62.00% |
| | **А1** - домување во станбени куќи | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Д - Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори** | 0.01 | | 0.12% |
| | Д2 - заштитно зеленило | | | |
| | **Е - инфраструктура** | | | |
| | **Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | 0.48 | 3.20 | 37.88% |
| | **Е2** - комунална супраструктура (фотоволтаична централа) | 2.72 | | |
| **ВКУПНО** | | **8.44** | | **100.00%** |
| | **НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ** | површина (ха) | | процент |
| **БЛОК 14** | **А - домување** | 6.57 | | 92.23% |
| | **А1** - домување во станбени куќи | | | |
| | **Е - инфраструктура** | 0.55 | | 7.77% |
| | **Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | | | |
| **ВКУПНО** | | **7.12** | | **100.00%** |
| | **НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ** | површина (ха) | | процент |
| **БЛОК 15** | **А - домување** | 4.53 | | 50.17% |
| | **А4** - времено сместување | | | |
| | **Б - комерцијални и деловни намени** | 0.48 | | 5.32% |
| | Б1 - мали и комерцијални единици | | | |
| | **Д - Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори** | 0.02 | | 0.22% |
| | Д2- заштитно зеленило | | | |
| | **Е - инфраструктура** | 1.63 | | 18.05% |
| | **Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | | | |
| | Површина во заштитен појас од 50 метри од линија на кота на највисок утврден водостој на Дојранското Езеро (147.33 м.н.в.) во која не се дозволени нови објекти, ниту доградба и надградба на постоечките објекти | 2.37 | | 26.25% |
| **ВКУПНО** | | **9.03** | | **100.00%** |

Во следна фаза, спроведувањето на Урбанистичкиот план за село Нов Дојран ќе се врши со изработка на планска, проектна и/или урбанистичко-проектна документација согласно важечката законска и подзаконска регулатива.

**Во случај кога границата на градежната парцела се совпаѓа со границата на катастарската парцела и до неа има обезбеден пристап, истата се разработува со основен проект.**

**Кога градежната парцела се состои од две или повеќе катастарски парцели или во рамки на една катастарска парцела се формираат две или повеќе градежни парцели или кога на една катастарска парцела се предвидуваат површини за градење на две или повеќе градби, а притоа до градежната парцела има обезбеден пристап, градежната парцела и површините за градење се утврдуваат со архитектонско-урбанистички проект соглсно член 51 од Законот за просторно и урбанистичко планирање.**

За секој блок поединечно се дадени нумерички показатели со максималните вредности за површини на намени и граница на блокот.

При дефинирање на градежните парцели, ќе се утврдат следните урбанистички параметри:

- број на градежна парцела;
- граница и површина на градежна парцела (м2);
- граница и површина во која може да се гради (м2);
- максимален процент на изграденост на земјиштето (%);
- вкупна површина по катови (м2);
- максимален коефициент на искористеност на земјиштето (к);
- основна и компатибилна класа на намена на земјиштето и градбите;
- максимална висина на венец (м');
- максимален број на катови;
- потребен број на паркинг места (пресметани согласно стандарди и нормативи) кои

треба да се обезбедат во рамките на градежната парцела.

Процентот на изграденост, коефициентот на искористеност, катноста и висината на венец ќе се дефинираат согласно следната табела:

| **ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА** | | МАКСИМАЛЕН ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ | МАКСИМАЛЕН КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ | МАКСИМАЛНА КАТНОСТ | МАКСИМАЛНА ВИСИНА НА ВЕНЕЦ м' | КОМПАТИБИЛНИ КЛАСИ НА НАМЕНИ | МАКСИМАЛЕН ДОЗВОЛЕН ПРОЦЕНТ НА УЧЕСТВО НА ЗБИРОТ НА КОМПАТИБИЛНИ КЛАСИ НА НАМЕНИ ВО ОДНОС НА ОСНОВНАТА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **А1 -** домување во станбени куќи | 70% | 2.8 | П+2+Пк | 10.20 | Б1 (до 30%)<br>В1(до 30%)<br>В2(до 30%)<br>Д3 (до 30%)<br>Б5(до 5%) | 30% |
| 2 | **А2 -** домување во станбени згради | 70% | 2.8 | П+2+Пк | 10.20 | Б5 (до 15%)<br>Б1(до 20%)<br>Б2(до 30%)<br>Б4 (до 20%)<br>В3 (до 40%)<br>В4(до10%)<br>Д3 (до 40%) | 40% |
| 3 | **А3 -** групно домување | 70% | 2.8 | П+2+Пк | 10.20 | Б1(до 20%)<br>Б2(до 30%)<br>В1 (до 20%)<br>В2 (до 20%)<br>В3(до 20%)<br>Д3(до 20%) | 20% |
| 4 | **А4** - времено сместување | 70% | 2.8 | П+2+Пк | 10.20 | Б1 (до 30%)<br>Б3(до 30%)<br>В2(до 30%)<br>Д3 (до 30%) | 30% |
| 5 | **Б1 -** мали комерцијални и деловни намени | 70% | 1.4 | П+1 | 8.00 | А1(до 20%);<br>А3(до 20%);<br>Б4(до 20%); | 40% |
| 6 | **Б3 -** големи угостителски единици | 70% | 1.4 | П+1 | 8.00 | А3(до 40%);<br>Б5 (до 40%);<br>В4 (до 40%);<br>В3 (до 40%)<br>Д3 (до 40%); | 40% |
| 7 | **Б5 -** хотелски комплекси | 70% | 2.8 | П+2+Пк | 10.20 | Б1(до 40%)<br>Б2(до 40%)<br>Б3 (до 40%)<br>Б4 (до 40%)<br>Б6 (до 40%)<br>В2 (до 40%)<br>В3(до 40%)<br>Д3 (до40%) | 40% |
| 8 | **В1 -** образование и наука (основно училиште) | 70% | 1.4 | П+1 | 8.00 | Д3(до 20%) | 20% |
| 9 | **В2 -** здравство и социјална заштита (детска градинка) | 70% | 1.4 | П+1 | 8.00 | Д3 (до 20%) | 20% |
| 10 | **В3 -** култура (дом на култура) | 70% | 1.4 | П+1 | 8.00 | Б1(до 49%)<br>Б4(до 49%)<br>В1 (до 49%)<br>В4 (до 49%) | 49% |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Д3 (до 49%) | |
| 11 | **В4 -** државни институции (полициска станица) | 70% | 1.4 | П+1 | 8.00 | Б1(до 25%); Б2(до 25%); Б3(до 25%); Б4(до 25%) | 25% |
| 12 | **В5 -** верски институции **(**црква) | согласно ЗКО | | | | | |
| 13 | **Г2 -** лесна и незагадувачка индустрија | 70% | 1.4 | според технолошки процес | 15.00 | Б1(до 30%); Б2(до 30%) Б4(до 10%); В2(до 5%); Д2(до 30%); Д3(до 30%); Д4(до 30%); Г3 (до 30%); Г4(до 30%) | 49% |
| 14 | **Г3 -** сервиси | 70% | 1.4 | според технолошки процес | 15.00 | Б1(до 30%); Б2(до 30%) Б4(до 10%); Д2(до 30%); Д3(до 30%); Д4(до 30%); Г2 (до 49%); Г4(до 49%) | 49% |
| 15 | **Д1 -**парковско зеленило | 10% | 0.1 | П | 4.00 | Б1(до 10%); Д3(до10%) | 10% |
| 16 | **Д2** - заштитно зеленило | - | - | - | - | - | - |
| 17 | **Д3 -** спорт и рекреација | 70% | 1.4 | П+1 | 10.00 | Б1(до 10%); | 10% |
| 18 | **Д4 -** меморијални простори (гробишта) | 70% | 0.7 | П | 4.00 | В5 (до 40%) | 40% |
| 19 | **Е2 -** комунална супраструктура | 70% | 1.4 | П+1 | според технолошки процес | според проектна документација | 40% |
| 20 | **Е3 -** некомпатибилна инфраструктура | 70% | 0.7 | П | според технолошки процес | - | - |

Доколку при разработка на урбанистичкиот план за село се дефинираат нови наменски употреби на земјиштето кои се компатибилни на наменската зона, урбанистичките параметри ќе бидат определени така што процентот на изграденост на ниво на градежна парцела не смее да надмине 70%.

Максималната висина на венецот да се планирана во однос на тротоарот од планираната улица, односно, заштитниот тротоар на градбите, земен како нулта кота.

Планираната висина на градбите треба да биде пресметана со следните висини:

- кота на тротоар/заштитен тротоар (нулта кота): ± 0.00 м;
- кота на прво ниво (нулта плоча - е висинска кота на плочата на приземјето на објектот во однос на котата на нивелетата на заштитниот тротоар): ќе се дефинира со проектна програма за градбите и не се дозволува нејзино поместување под котата на тротоарот односно под котата на пристапната патека;
- катна висина за домување: мин. 2,90 м.
- катна висина за деловна дејност: мин. 3,40 м.

- катна висина за друга намена: ќе се дефинира со проектна програма за градбите.

Основен услов за изградба на планираната површина за градење, висина и катност е обезбедување на потребниот број на паркинг места во рамките на градежната парцела, на ниво на терен или подземно, или на јавен паркинг простор во рамки на блокот при разработка на блок со архитектонско-урбанистички проект, а во согласност со нормативите од член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

## СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА

### Сообраќаен план

Планирањето на уличната мрежа во планскиот опфат на Урбанистички план за село Нов Дојран, Општина Дојран е извршено врз основа на актуелната законска и подзаконска регулатива и постојната состојба, односно изградниот градежен фонд, изградената сообраќајна патна и железничка инфраструктура.

Сообраќајната инфраструктура во локалитетот ја сочинуваат:

### ПРИМАРНА УЛИЧНА МРЕЖА:

- магистрална улица низ населено место – село пресек 1 - 1
  (дел од регионален пат Р1105)
  ул.„1" со попречен профил од 11м (тротоар 2м+коловоз 2х3.5м+ тротоар 2м)

### СЕКУНДАРНА СООБРАЌАЈНА МРЕЖА:

- сервисни улици – пресек 2 - 2
  ул.„2",ул.„3",ул.„4" со попречен профил од 9м (тротоар 1.5м+коловоз 2х3м+ тротоар 1.5м)

- индустриски улици – пресек 3 - 3
  ул.„5"; ул.„5.1" со попречен профил од 10м (тротоар 1.5м+коловоз 2х3.5м+ тротоар 1.5м)

- станбени улици - пресек 4 - 4
  ул.„6"; ул.„7" со попречен профил од 9м (тротоар 1.5м+коловоз 2х3м+ тротоар 1.5м)

- станбени улици - пресек 5 - 5
  ул.„8"; ул.„9"; ул.„10"; ул.„11", ул.„12"; ул.„13"; ул.„14", ул.„15"; ул.„16"; ул.„17"; ул.„18", ул.„19"; ул.„20""; ул.„21" со попречен профил од 8.5м (тротоар 1.5м+коловоз 2х2.75м+ тротоар 1.5м)

- пристапни улици – пресек 6 - 6
  ул.„22"; ул.„23"; ул.„24"; ул.„25"; ул.„26"; ул.„27";ул.„28; ул.„29"; ул.„30"; ул.„31"; ул.„32"; ул.„33"; ул.„34"; ул.„35; ул.„36"; ул.„37"; ул.„38" со попречен профил од 5.5м

- пристапни улици – пресек 7 - 7
  ул.„39"; ул.„40"; ул.„41"; ул.„42"; ул.„43"; ул.„44" со попречен профил од 3.5м

- пешачки патеки П1-П6 со попречен профил 3.5-9м

Главна сообраќајна поврзаност на селото е преку регионалниот пат Р1105 - (Врска со А1-Миравци-Давидово-Удово-врска со Р1102- Валандово-Дојран-гр. со Р. Грција-Сретеново и делница Стар Дојран-гр. со Р. Грција-Николиќ.


ПРИМАРНА УЛИЧНА МРЕЖА

МАГИСТРАЛНА УЛИЦА НИЗ НАСЕЛЕНО МЕСТО – СЕЛО

(ДЕЛ ОД РЕГИОНАЛЕН ПАТ Р1105)

пресек 1 – 1

УЛ.„1“





СЕКУНДАРНА УЛИЧНА МРЕЖА

СЕРВИСНИ УЛИЦИ

пресек 2 – 2


УЛ.„2“,УЛ.„3“,УЛ.„4“




ИНДУСТРИСКИ УЛИЦИ

пресек 3 – 3


УЛ.„5“, УЛ.„5.1“




СТАНБЕНИ УЛИЦИ

пресек 4 – 4


УЛ.„6“, УЛ.„7“




СТАНБЕНИ УЛИЦИ

пресек 5 – 5


УЛ.„8“; УЛ.„9“; УЛ.„10“
;УЛ.„11“; УЛ.„12“; УЛ.„13“; УЛ.„14“; УЛ.„15“;
УЛ.„16“, УЛ.„17“, УЛ.„18“, УЛ.„19“, УЛ.„20“, УЛ.„21“




ПРИСТАПНИ УЛИЦИ

пресек 6 – 6

УЛ.„22“; УЛ.„23“; УЛ.„24“; УЛ.„25“; УЛ.„26“; УЛ.„27“;
УЛ.„28“; УЛ.„29“; УЛ.„30“; УЛ.„31“; УЛ.„32“; УЛ.„33“;
УЛ.„34“; УЛ.„35“; УЛ.„36“; УЛ.„37“; УЛ.„38“




ПРИСТАПНИ УЛИЦИ

пресек 7 – 7

УЛ.„39“; УЛ.„40“; УЛ.„41“; УЛ.„42“; УЛ.„43“; УЛ.„44“




ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ

П1,П2,П3,П4,П5,П6



**Стационарен сообраќај**

Решавањето на стационарниот сообраќај односно паркирањето на моторните возила во рамките на планскиот опфат зависи од дефинираната намена на земјиштето и се утврдува согласно нормативите од член 58 и член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ, бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

За градежните парцели паркирањето е предвидено да се решава во рамките на секоја градежна парцела поодделно, надземно или подземно. Паркирање на јавни паркинг простори е можно единствено доколку се обезбедат јавни паркинг простори на ниво на блок со претходна разработка на урбанистичкиот план за село при што ќе се утврди точниот број на паркинг места кој се обезбедува на јавните паркинзи и за чии потреби, односно, за кои градежни парцели се однесуваат.

Бројот на потребни паркинг места зависи и од изборот на компатибилните намени во градежната парцела кои треба да се земат во предвид при изработка на проектната документација за градбите, врз основа на која се издава одобрение за градење.

Основен услов за изградба на планираната површина за градење, максимална висина и катност е обезбедување на потребниот број на паркинг места.

**Нивелациски план**

Како составен дел на Урбанистички план за село Нов Дојран, Општина Дојран е изработен Нивелациски план на уличната мрежа. Со нивелацискиот план се дефинирани висинските коти и координати на осовинските точки како и надолжни нагиби на нивелетите.
Теренот во рамки на планскиот опфат во значителен дел е во пад. Таквата конфигурација на терен резултира со решение на улична мрежа со изнаоѓање на специфични технички решенија.

## ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

Планираниот развој за водоснабдување и одводнување на фекалните отпадни и атмосферски води во планскиот опфат на Урбанистички план за село Нов Дојран, Општина Дојран, се базира на насоките и заклучните согледувања од Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија и анализата на можностите и природата на теренот во рамки на планскиот опфат.

За согледување на потребите од водоснабдување и потребите за одведување на отпадните фекални и атмосферски води на планираните градби за плански период од 2017 до 2027 година направена е следната детална пресметка со проектирани вредности на потрошувачи:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Домување | 74.57 | |
| 2 | Комерцијални и деловни намени | 8.15 | |
| 3 | Јавни институции | 2.28 | |
| 4 | Производство, дистрибуција и сервиси | 3.99 | |
| 5 | Комунална инфраструктура | 16.77 | |
| 6 | Зеленило | 11.14 | |
| | вкупно (површина на опфат) | **124.26** | **ха** |

### 1 Водоснабдување

#### Водоснабдување домување

Потребни количини на санитарна вода за водоснабдување за домување

| | | | |
|---|---|---|---|
| Предвиден број на жители | N= | **2810** | |
| Водоснабдителна норма | Qo= | 200 | л/ден/жител |
| Коефициент на дневна нерамномерност | K1= | 1.5 | |
| Коефициент на часова нерамномерност | K2= | 1.3 | |
| Qср/ден=6201 x 200 | = | 562,000.00 | л/ден |
| Qмах/ден=1.5 x 1.240.000 | = | 843,000.00 | л/ден |
| Qмах/час=1.3 x1.860.000 / 24 | = | 45,662.50 | л/час |
| Секундарни проточни количини | | | |
| q ср/ден | = | 6.50 | л/сек |
| q мах/ден | = | 9.76 | л/сек |
| q мах/час | = | **12.68** | л/сек |

#### Комерцијални и деловни намени

| | | | |
|---|---|---|---|
| Водоснабдување за вработени | Nв= | 4 | |
| Водоснабдителна норма | Qв= | 25 | л/ден/враб |
| Коефициент на нерамномерност | Кв= | 2 | |
| време за водоснабдување | т | 6 | часа |
| Qмах/ден=600x 25 | = | 100.00 | л/ден/враб |
| Qмах/час=60000*2 | = | 200.00 | л/час/враб |
| Qмах/час=120000/6 | = | 33.33 | л/час |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Qмах/час=20000/3600 | = | **0.01** | л/сек |

**Образование**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Водоснабдување за ученици | Nв= | 84 | |
| Водоснабдителна норма | Qв= | 15 | л/ден/уч |
| Коефициент на нерамномерност | Кв= | 2.5 | |
| време за водоснабдување | т | 6 | часа |
| Qмах/ден=1000х 15 | = | 1,260.00 | л/ден/уч |
| Qмах/час=15.000*2.5 | = | 3,150.00 | л/час/враб |
| Qмах/час=37.500/6 | = | 525.00 | л/час |
| Qмах/час=6.250/3600 | = | **0.15** | л/сек |

| | | |
|---|---|---|
| Миење на улици и залевање на зелени површини 30м3/ден/ха (за полевање 16 часа) | 39.97 | м3/час |
| | **11.10** | л/сек |
| ПП вода | **15** | л/сек |
| **Вкупно потреба за водоснабдување** | **38.942** | **л/сек** |

## 2 Фекална канализација

Количината на отпадни фекални води од дадениот опфат е

| | | | |
|---|---|---|---|
| qotp=qmax/cas x 0.80 x 1.25 | = | 38.942 | л/сек |

Усвоено минимален пресек од ф250

## 3 Атмосферска канализација

| | | | |
|---|---|---|---|
| Интензитет на врнежи qi | = | 110.00 | л/сек/ха |
| коефициент на истекување ψsr | = | 0.40 | л/сек/ха |
| q atm= F x qi x ψsr | | | |
| q atm= 124.26 x 110 x 0.40 | = | 5,467.59 | л/сек/ха |

Усвоен минимален пресек ф300 до ф600

**Водоснабдување:**

Водоснабдувањето во Општина Дојран се врши преку користење на неколку бунарски подрачја – Топлец, Деребаш, Две чешми и бунарско подрачје во с.Црничани, со кои се обезбедува вода за Нов Дојран, Стар Дојран, Сретеново, Фурка и Црничани, со потисни цевководи до резервоари од кои се дистрибуира преку гравитациски систем кој е застарен и не е поделен на зони на притисок. Резервоарот Топлец е лоциран западно од селото и од него се обезбедува вода за Нов Дојран. За постоечката водоводна

инфраструктура не се доставени графички податоци од страна на надлежното јавно претпријатие. Заради се поголемиот развој на Нов Дојран планирана е замена на стариот водоводен систем и поставување на целосно нова водоводна инфраструктура со капацитет кој ќе ги обезбеди потребните количини на вода.

Противпожарната заштита на предметниот локалитет е предвидено да се реализира преку поставување на хидрантска водоводна мрежа во профилите на сообраќајниците со надворешни хидранти.

Количеството на вода за противпожарни потреби при едновремена работа на два противпожарни хидранти изнесува:

$q_{пожар}$ = 2*5,0 = 10,0 л/сек

Меродавниот притисок (за гаснење на пожар) на приклучниот хидрант се утврдува согласно Правилник за технички нормативи за хидрантска мрежа за гаснење пожар како величина не помала од 2,5 бари. Исто така, согласно истиот правилник, противпожарна мрежа треба да ги задоволи следните услови:

- Максималното растојание помеѓу два хидранти изнесува 80 метри;
- Најмалиот пречник во прстенестата противпожарна мрежа изнесува Ø100 мм;
- Најмалиот пречник на приклучната цевка на хидрантот изнесува Ø 80 мм.

**Одведување на отпадни и атмосферски води:**

Во Нов Дојран е изведена главна – колекторска канализациона линија и делумно секундарна улична мрежа. Колекторот ги собира отпадните води и ги носи до постоечка пречистителна станица која се наоѓа на околу 200м североисточно од Нов Дојран. Системот е изведен пред повеќе од триесет години, целосно застарен и не работи со полн капацитет. Отпадните води во пречистителната станица се третираат на примарно и секундарно ниво и процесот завршува со бактериолошки третман, затоа што заради поставеноста на станицата, реципиент на отпадните води е Дојранското Езеро.
Од тие причини, се планира нов сепарационен канализационен систем, кој ќе ги одведува отпадните фекални води до пречистителната станица која ќе се реконструира и обнови со нова технологија, а атмосферските отпадни води ќе се собираат и третираат преку прочистување со маслофаќач пред нивното испуштање во регулираните корита на постоечките суводолици.

За постоечката канализациона инфраструктура не се доставени графички податоци од страна на надлежното јавно претпријатие.

Фекалната и атмосферската канализација се со траси во коридорите на сообраќајниците и ги следат подолжните падови на планираните улици. Техничките детали ќе се решаваат во следна фаза со основни проекти и проекти за инфраструктура.

Техничкото решение за поврзување на канализационата мрежа надвор од планскиот опфат ќе биде третирано со Проекти за инфраструктура и Основни проекти.

Минималниот профил кој е усвоен за новопланираните краци на фекална канализација е Ø250- Ø400.

За атмосферската канализација усвоен е минимален пресек од Ø300.За отпадните води и водите од технолошкиот поцес во рамки на зоните за производство, дистрибуција и сервиси (наменска зона Г2 - лесна и незагадувачка индустрија, Г3 - сервиси) се предвидува систем на прочистување во рамки на сопствена парцела. Пред да се изврши поврзувањето на корисниците кон мрежата, се предвидува задолжителен третман на отпадните води од технолошкиот процес. Понатаму, отпадните води се прифатени од фекалната канализациона мрежа и се испуштаат во системот.

Притоа, квалитетот на отпадната вода мора да биде во согласност со „Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води", односно квалитетот на отпадната вода не смее да биде понизок од квалтитетот на реципиентот.

Крајниот реципиент на атмосферските и пречистените отпадните води, Дојранско Езеро ,што се наоѓа на граница со планскиот опфат на село Нов Дојран.

Поврзувањето на корисниците со инфраструктурната канализациона мрежа за одведување на отпадните води се предвидува да се изведе преку приклучна шахта (армиранобетонска, со прописен капак на отворот), поставена на пресекот со осовината на примарниот одводен канал.

Трасите на комуналната хидротехничка инфраструктура за планскиот опфат на Урбанистички план за село Нов Дојран, Општина Дојран, се планирани на земјиште за општа употреба. Во Планската документација, на графички прилог Инфраструктурен план се прикажани водоводната мрежа, атмосферската и фекалната канализација и соодветно се означени во легенда.

**Систем „Ѓавато - Дојран"**

За надополнување на Езерото со потребните количини на вода во функција е системот „Ѓавато - Дојран" преку кој подземните води од алувиумот на реката Вардар (кај селото Ѓавато) се зафаќаат и се испуштаат во Дојранското Езеро. Цевководот навлегува во дел од планскиот опфат и на истиот е изградена мала хидроелектрична централа „Топлец". На граница на планскиот опфат минува отворен канал за атмосферски води Топлец на кој се приклучува цевководот.

**Хидролошка студија за суводолици во опфат с.Нов Дојран, Општина Дојран**

Суводолица 1 – третирана во регулирано правоаголно корито, од стационажа 0+000 до 0+132м, дефинирана со следните координанти:
почетна точка на суводолица x= 4565565,3085, y= 7642606,7961,
крајна точка на суводолица x= 4565612,5969, y= 7642720,3674,
со ширината на крајбрежниот појас на суводолица 3 метри од едната страна од предвидениот профил со ширина од 3 метри и длабочина од 1.4 метри.

Суводолица 2 - третирана во регулирано правоаголно корито, од стационажа 0+000 до 0+968м, дефиниран со со следните координанти:
почетна точка на суводолица x= 4565561,0012, y= 7642615,5204,
крајна точна на суводолица x= 4565931,9066, y= 7643490,1129,
со ширината на крајбрежниот појас на суводолица 3м од двете страни на коритото и 3м заштитен појас од едната страна на коритото на делот каде постои улична мрежа, од предвидениот профил со ширина од 3м – делница 1 и 4.5м – делница 2 и длабочина од
1.4 метри.

| усвоено решение | координати на почетна и крајна точка на суводолица 1 во опфат | | |
|---|---|---|---|
| регулирано корито на суводолица 1 со ширина од 3 метри, заштитен појас од 3 метри лево / десно | точка | X | Y |
| | X1 | 4565565,3085 | 7642606,7961 |
| | X2 | 4565612,5969 | 7642720,3674 |
| усвоено решение | координати на почетна и крајна точка на суводолица 2 во опфат | | |
| регулирано корито на суводолица 2 со ширина од 3 метри (делница 1), и 4.5 метри (делница 2) дел од коритото е со заштитен појас од 3 метри лево / десно, а дел од коритото е со заштитен појас од 3м и улица од другата страна на коритото | точка | X | Y |
| | X1 | 4565561,0012 | 7642615,5204 |
| | X2 | 4565931,9066 | 7643490,1129 |

**Во однос на Дојранско Езеро, предвиден е заштитен појас од 50 метри од линија на кота на највисок утврден водостој на Дојранското Езеро во кој не се дозволува градба на нови објекти, ниту доградба и надградба на веќе постоечките објекти.**

## ЕЛЕКТРО-ЕНЕРГЕТСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Со Урбанистички план за село Нов Дојран, Општина Дојран, со површина на плански опфат од 124,64 ха, анализирана е електро-енергетската мрежа за плански период од 2017 до 2027 година.

Потребите за електрична моќност во планскиот опфат се дефинирани со користење на следните коефициенти:

- А - домување: 1kW/жител
- Б - комерцијални и деловни намени и В - јавни институции: 193 kW/ха
- Г – производство, дистрибуција и сервиси: 293 kW/ха
- Д - зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори: 15 kW/ха

| Намена на земјиште | | | коефициент | | потреби за електрична моќност (kW) |
|---|---|---|---|---|---|
| **А** - домување | 2810 | жители | 1 | kW/ха | 2810.00 |
| **Б** - комерцијални и деловни намени | 8.15 | ха | 193 | kW/ха | 1572.95 |
| **В** - јавни институции | 2.28 | ха | 193 | kW/ха | 440.04 |
| **Г**- производство, дистрибуција и сервиси | 3.99 | ха | 293 | kW/ха | 1169 |
| **Д** - зеленило и рекреација | 11.14 | ха | 15 | kW/ха | 167.10 |
| **Е** - инфраструктура | 16.77 | ха | 15 | kW/ха | 251.60 |
| | | | | **ВКУПНО** | **6410.76** |

Потребите за електрична моќност во рамки на планскиот опфат за плански период од 2017 до 2027 година изнесуваат 6410,76 kW.

Согласно добиените податоци и информации од ЕВН во рамки на планскиот опфат евидентирана е:

- Нисконапонска подземна мрежа и приклучоци
- Нисконапонска надземна мрежа

- 10кв надземна мрежа за која во планската документација согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична елнергија предвиден е заштитен појас од 10м лево / десно.
- 10кв подземна мрежа за која во планската документација согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична елнергија предвиден е заштитен појас од 1м лево / десно.
- 35кв надземна мрежа за која во планската документација согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична елнергија предвиден е заштитен појас од 15м лево / десно.
- 110кв надземна мрежа за дистрибуција на електрична елнергија која во планската документација согласно Мрежните правила за предвиден е заштитен појас од 20м лево / десно.
- 10(20)/0.4кв трафостаници
- 110(35)кв трафостаница

Точна локација и дефинирањето на градежни парцели за постоечките и новите трафостаници за потребите на блоковите ќе се утврдат при разработка на урбанистичкиот план за село.

Во зоната за производство, дистрибуција и сервиси, доколку се утврдат зголемени потреби за снабдување кај поединечните капацитети, се предвидува изградба на трансформаторски станици во рамки на градежните парцели.

Сите деталите и развојот ќе бидат дефинирани во соработка со стручна служба на ЕВН Македонија.

**Улично осветление**

Според планскиот концепт на овој урбанистички план се предвидува изградба на нови сообраќајници па согласно со тоа ќе се третира и уличното осветлување. Уличната расвета ќе се реализира со поставување на нови расветни тела.

Со изработка на основните проекти за осветлување на новопланираните сообраќајни површини, ќе се дефинира моќноста на новите светлосни тела.

## ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Според податоците добиени од Македонски Телеком АД - Скопје и Агенцијата за електронски комуникации во рамки на планскиот опфат има изведена електронска комуникациска мрежа: бакарни кабли, телефонска канализација. Во голема мера оваа мрежа ги опслужува постоечките објекти. Поврзувањето во телекомуникацискиот сообраќај е со приклучок на телефонската целтрала во Дојран.

Со цел да се опслужат и површините кои за прв пат се тема на урбанизација со овој план, планирана е нова електронска комуникациска мрежа.

Телекомуникациските коридори за новата инфраструктура се планирани да се поставуваат во површините на тротоарите и истите да се надоврзат на постоечката мрежа. Развојот на телефонската мрежа се планира да се изведе претежно како кабловска водена во земјени ровови и делумно во телефонска канализација до собирно распределителни ормани со дефиниран манипулативен простор со димензии 1,0м х 0,5м. Бројот и местоположбата на овие инфраструктурни објекти ќе биде дефинирана согласно развојните потреби на мрежата, во коридорот на тротоарот или надвор од

коридорот на тротоарот (во зависност од конкретната ситуација и услови на теренот), а во соработка со стручните служби на надлежната институција.

Приклучокот на сите телефонски претплатнички места ќе биде во најблиската автоматска дигитална централа. Бројот на потребните линии ќе биде дефиниран во наредната фаза и истиот не е лимитирачки.

## ГАСОВОДНА МРЕЖА И ОБЈЕКТИ

Согласно податоците во рамки на планскиот опфат на УПС Нов Дојран нема изведена и проектирана гасоводна мрежа и објекти.

Доколку во планскиот период развојните програми на надлежните институции укажат на потреба од приклучување на село Нов Дојран во системот за гасификација, поставувањето на трасите на гасоводите и гасоводните објекти ќе се решава со проекти за инфраструктура.

## МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

Во доменот на заштита на животната средина, регулирана со Законот за животна средина (Сл.Весник на РМ бр.53/05, 81/15, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16), Законот за заштита на природата (Сл.Весник на РМ бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 74/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 и 63/16), Законот за квалитетот на амбиентниот воздух (Сл.Весник на РМ бр.67/04, 92/07, 35/10, 47/11 и 59/12) и други законски и подзаконски акти, основната цел е преку соодветни плански поставки да се се обезбедат услови за непречен развој со истовремено чување на квалитетот на средината за живот и работа.

За остварување на наведената цел, поставките и потребите од заштита на животната средина се вградуваат во сите домени на урбанистичкото планирање преку примена на современи стандарди и нормативи.

Локалитетот ќе се развива согласно современите урбанистички принципи, а поради карактерот на предметот на планирање – населено место со доминантна намена домување и сите придружни содржини неопходни за негово функционирање: работна зона за лесна и незагадувачка индустрија, јавни институции, комерцијални и деловни намени, површини за зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори, проблемите на нарушување на квалитетот на животната средина не се очекува да бидат посебно изразени, но мора да бидат земени во предвид.

Воздухот е еден од основните елементи за чиста и здрава животна средина, па за негов квалитет неопходно е сите загадувачи, односно сите објекти кои испуштаат штетни материи да користат уреди за пречистување.

Покрај ова неопходно е да се уреди и одржува заштитното и парковското зеленило, како и зеленилото во рамки на единиците на градежното земјиште, што значи подобрување на микроклиматските влијанија во локалитетот.

Заштитата на квалитетот на атмосферата треба да се остварува преку следните мерки:
• интегрална контрола на загадувачите на атмосферата (меѓу кои и издувните гасови од моторните возила);
• примена на соодветни современи техничко-технолошки мерки секаде каде што е потребно;
• обезбедување услови за ефикасно природно проветрување и користење на доминантните воздушни струења;

• подигање и оформување (секаде каде што има услови) на заштитни зелени појаси покрај или во коридорите на сообраќајниците;
• подобрување на состојбата на зелените површини во рамките на градежните парцели и планскиот опфат и создавање (доколку е можно) на поврзан систем на зеленилото во локалитетот со зелените простори надвор од планскиот опфат.

**Заштита на водите**
Заштитата на водите се регулира со комплекс законски прописи, а во овој плански документ соодветно место треба да најдат следните поставки:

• заштита на проточните и подземните води со обезбедување на соодветни техничко-технолошки зафати (изградба на канализациони системи, соодветен третман на отпадните води, пречистителни станици и сл.);
• доследно почитување на прописите кои се однесуваат на големината и одржувањето на санитарно - заштитните зони;
• неутрализација на штетните отпадни материи пред испуштање во канализационата мрежа и реципиентот;
• континуирано следење на квалитетот на водите.

**Заштита од поплави**
Дел од планската документација се и следните критериуми за заштита, одржување и уредување на површинските води и крајбрежните земјишта :

- Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, забрането е освен со дозвола или согласност, изградба на постројки и објекти во заштитениот појас во широчина од 50 метри зад линијата на допирањето на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци, а во населените места ширината на крајбрежниот појас ја определува советот на општините и советот на град Скопје, предлог на градоначалникот на општината, по претходна согласност на органот за државната управа и надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

- Заради заштита и спречување на оштетувања на водостопански објекти и постројки. Се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи работи со кои се оштетуваат објектите и постројките.

- Изведувањето на водостопанските објекти и постројки, како и другите активности да се вржи во согласност со прифатените современи техники и стандарди, прилагодени на научно – техничкиот развој на начин на кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите врз корисниците.

- Објектите и постојките кои што се во процес на производство, преработка, полнење и складирање, користат или применуваат опасни материи и супстанци што можат да влијаат врз квалитетот на водата вклучувајки и цевководи за транспорт на такви материи и супстанци, се градат, поставуваат, работат и одржуваат на начин што исклучува секакво директно и индиректно загадување на подземните и површинските води.

- Пристапот до крајбрежниот појас на водотеците, езерата и акумулациите за спорт, рекреација и слични активности е слободен.

- Потребно е да се предвиди механички и биолошки третман на отпадните води од населени места и стопански комплекси, согласно уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води и Уредбата за класификација на водите (Сл. Весник на РМ бр. 18/99)

Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци се забранува:

- - да се градат напречни насипи, прегради, други објекти и насади нво коритата на водотеците кои го влошуваат режимот на течението на водите.
- - да се вади песок, чакал и камен од речното корито за да не дојде до влошување на постојаниот режим на водите и да се предизвика ерозија или се оневозможи користење на водите
- - да се менува правецот на водотекот без согласност на Министерството за животна средина и просторно планирање
- - да се сечат дрва и друга вегетација од коритата и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите без одобрение
- - да се копаат прокопи и канали по должината на насипот и коритото поблиску од внатрешната страна и 10 м од надворешната страна на ножницата и насипот
- - да се врши сообраќај долж или преку водостопанските објекти и постројки, освен на определени места за тоа (природни рампи)

**Заштита од бучава**

Заштитата од бучава е регулирана со законски и подзаконски акти: Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл.Весник на РМ бр.79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15); Одлука за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава (Сл.Весник на РМ бр.1/09 и 38/13).

На локалитетот се планира зона за домување со сите придружни содржини неопходни за негово функционирање: работна зона за лесна и незагадувачка индустрија, јавни институции, комерцијални и деловни намени, површини за зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори кои не претставуваат потенцијални извори на бучава.

При изградбата на објектите потребно е да се предвидат технологии и техники на градење, кои ќе придонесат за намалување на загадувањето со бука и доведување на истото во законски дозволените рамки.

Прашањето за намалување на проблемите на бучавата од сервисните и станбените сообраќајници треба да се решава со насади од растителни видови (вегетација во функција на заштитни зелени бариери) во рамките на дворните места (градежните парцели), особено во парцелите кои со лицето се на потегот покрај коридорот на железничката пруга и регионалниот пат, формирање на поврзани зелени коридори и континуитет вон границата на планскиот опфат, доколку постојат услови за тоа.

**Третман на отпад**

Законот за управување со отпадот (Сл.Весник на РМ бр.68/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16 и 63/16) го регулира неопходното и правилно решавање на проблемот со сметот, неговиот плански организиран современ третман на одложување, одвезување и уништување или депонирање, а со цел подобрување на квалитетот на условите за живот и работа односно за заштита на животната средина.

Во рамките на планскиот опфат, имајќи ја во предвид планираната намена, содржини и дејности кои ќе се одвиваат во планираните градби, потребно е обезбедување на услови за соодветно собирање, како и планско согледување и определување на соодветна локација во регионот за чување, предтретман, третман, рециклирање или уништување на различните видови отпад и создадениот комунален отпад.

Во Општина Дојран отпадот сега се депонира на општинската комунална депонија Дикилташ која е класифицирана како депонија со низок ризик по животната средина, но која треба да се затвори согласно Планот за управување со отпад на РСМ за 2021-

2031. Со развојните планови се планира изградба на регионална депонија за Југоисточниот и Вардарскиот регион, во која ќе се третира отпадот на современ начин.

**Заштита од природни и технолошки хаварии**
Од аспект на загрозеноста на планскиот опфат на Урбанистички план за село Нов Дојран, Општина Дојран, од природни катастрофи, елементарни непогоди и технички хаварии може да настане повредливост на просторот и неговата физичка структура.

Повредливоста на просторот се одразува на објектите и нивната околина.

**Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи**
Во доменот на заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ, бр.36/04; 49/04; 86/08; 124/10; 18/11, 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 106/16), Законот за пожарникарство (Сл.Весник на РМ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16) и други позитивни прописи, при планирање на просторот важни се следните критериуми за заштита од пожар:

• пристап со возило до секој дел од локалитетот односно до секоја градба;
• сообраќајните површини да се со ширина најмалку од 3,5м со што се обезбедува пристап на противпожарно возило, а просторот околу градбите да овозможува движење и интервенирање околу градбите;
• Ивичниците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0 см и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.
• Во случај на пожар, планскиот опфат ќе го опслужуваат противпожарните единици од Општина Дојран;
• За изградба на објектите да бидат користени соодветни материјали со што ќе се елиминира една од причините кои ја зголемуваат нивната повредливост од пожар.
• За сите објекти да се предвиди громобранска инсталација во согласност со законската регулатива.

**Мерки за заштита и спасување од урнатини**
За заштита на локалитетот од урнатини при урбанистичкото планирање и во понатамошната разработка со Основни и Архитектонско-урбанистички проекти, треба да се води сметка за следните мерки:

• Градежната линија на планираните површини за градење да е соодветно оддалечена од границата на градежната парцела односно од регулационата линија;
• Планираната височина на градбите да овозможува непречени услови за заштита и спасување во случај на природни и техничко-технолошки хаварии;
• При рушење, објектот зафаќа H/2 од површината околу себе, односно рушевините да се во рамките на парцелата;
• Сообраќајната мрежа во комплексот да не биде попречена со рушевини заради непречен пристап на интервентни возила во случај на пожар, потреба од медицинска и прва помош, други специјални возила, итн;
• Сите слободни простори и површини наменети за зеленило, во случај на потреба ќе се користат за евакуација на луѓе и материјални добра, укажување на прва помош, активирање на единици или опрема на специјализирани екипи за дејства и активности во функција на помош и заштита, отстранување на дефекти и друго;
• Заради заштита на теренот од можни свлечишта потребно е да се изработат елаборати со геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања врз основа на кои ќе се пропишат соодветни решенија.

**Мерки за заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи**
Во рамките на планскиот опфат, во планираните објекти за домување и за сите придружни содржини неопходни за негово функционирање: работна зона за лесна и

незагадувачка индустрија, јавни институции, комерцијални и деловни намени, површини за зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори, како и предвидената можност за организација и уредување на компатибилни намени во функција на основната намена, доколку се одвиваат процеси, дејности и активности кои не побаруваат многу енергија, или создаваат голем промет на суровини, материјали и сообраќај и каде не се очекува да предизвикаат поголеми техничко-технолошки несреќи, при планирањето и проектирањето мора доследно да се применуваат законските регулативи кои ја регулираат соодветната проблематика, односно да се почитуваат одредбите од Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ, бр.36/04; 49/04; 86/08; 124/10; 18/11, 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 106/16) и другите позитивни прописи со кои се регулира оваа проблематика.

**Заштита и спасување од радиолошка, хемиска и биолошка заштита**
Во согласност со Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ, бр.36/04; 49/04; 86/08; 124/10; 18/11, 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 106/16), да се предвидат следните мерки:
- да се предвидат мерки за заштита на луѓето, добитокот и растенијата од радиолошка, хемиска и биолошка опасност во согласност со законските прописи
- за ефикасна заштита на населението и материјалните добра, установите задолжително да обезбедат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на марките за заштита и спасување и соодветно обучен персонал.

**Мерки за заштита на културното наследство**

Вградувањето на соодветен режим за заштита на недвижното културно наследство во УПС се врши согласно Законот за заштита на културно наследство (Сл. весник на РМ,бр.20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16 ).
Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање во просториите и урбанистички планови, врз основа на документацијата на недвижносто културно наследство, задолжително да утврдат плански мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.

Според доставените податоци од Министерството за култура на РМ - Управа за заштита на културното наследство (17-770/2 од 05.03.2018год.), во рамките на планскиот опфат на УПС Нов Дојран се постои заштитено културно наследство, Археолошки комплекс (населба и некропола) "Топлец" (ц.р107) Реш број.217 од 19.11.1957год. Централен завод Скопје; Мат.бр.на објектот 4-806-019/006 РНД, како и добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство Црква Св.Ѓорѓи (4-806-018/044 Е-НД) како и повеќе археолошки локалитети.

За подрачјето на планскиот опфат на Урбанистички план на село Нов Дојран, НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Струмица има изработени Заштитно конзерваторски основи од 2019 година со Решение за одобрување на Заштитино-конзерваторски основи од Министерство за култура на РМ – Управа за заштита на културното наследство (УП 17-666 од 03.10.2019).

**Мерки на заштита**

**Валоризација**
Во рамките на подрачјето на опфатоото постои археолошки локалитет кој поседува карактеристики по своите градби од различни временски периоди и е означен како археолошки локалитет ,,Манастир,, со културно-историски вредности кој има доволно елементи врз основа на кои може да биде анализиран и валоризиран ,со цел да биде ставен под заштита како културно наследство.

Археолошки локалитет ,,Манастир,, **се состои од повеќе откриени локации кои ги добиле имињата согласно местото каде е вршено откривањето на културното добро.Тие локации се евидентирани со евидентни броеви и тоа:**

- **училиште 4-806-018/133 ЕНД**
- **караула 4-806-018/6 ЕНД**
- **манастир 4-806-018/131 ЕНД**
- **еднокорабна црква 4-806-018/193 ЕНД**
- **црква 4-806-018/195 ЕНД**
- **нов Дојран 4-806-018/9 ЕНД**
- **школо 2 4-806-018/194 ЕНД**

**Валоризација за археолошки локалитет манастир кој заслужува да биде ставен под заштита:**

**Валоризација за археолошки локалитет „Манастир„ кој заслужува да биде ставен под заштита:**

| | | |
|---|---|---|
| 2. | | • училиште 4-806-018/133 ЕНД<br>• караула 4-806-018/6 ЕНД<br>• манастир 4-806-018/131 ЕНД<br>• еднокорабна црква 4-806-018/193 ЕНД<br>• црква 4-806-018/195 ЕНД<br>• нов Дојран 4-806-018/9 ЕНД<br>• школо 2 4-806-018/194 ЕНД |
| назив | Археолошки локалитет Манастир | |

| | | |
|---|---|---|
| **локација** | **Нов Дојран** | |
| **адреса** | | |
| **Катастарска парцела** | | Бидејќи археолошкиот локалитет опфаќа поголема површина од селото Нов Дојран во која има премногу парцели кои се со изградени објекти, како и парцели кои се обработливо и необработливо земјиште, а поради неможност сите да се избројат,сите катастарски парцели кои се наоѓаат внатре во оцртаната зона на археолошкиот локалитет „Манастир„ припаѓаат на него. |
| опис на содржиние | Населба и некропола од римско,доцноантичко и ранохристијанско време | |
| граници | Границите на археолошкиот локалитет „Манастир„ се во границите на следните блокови: дел од блок 3, блок 4, дел од блок 7,блок 8, блок 9, блок 10, блок 11 и дел од блок 12. | |
| контакти зони | Контактната зона на археолошкиот локалитет„Манастир„ ја сочинуваат следните блокови: дел од блок 3,дел од блок 2,дел од блок 5,дел од блок 6,дел од блок 7 и дел од блок 12.<br><br>Во таа зона се наоѓаат следните катастарски парцели:<br>КП 1197/2,1197/1,1198/2,1197/3,1198/1,1199/5,1199/6,1199/4,<br>1199/3,1199/1,1199/2,1203/6,1202,1204,1203/5,1334,1203/1,<br>1203/3,1203/8,1203/2,1338,1337,1335,1336,1333,1341,1344,<br>1343/1,1343/2,1342,1388,1381,1382,1384,1389,1347/2,1347/1,<br>1357/2,1361/2,1357/1,1361/1,1359,1360,1358,1387/2,1388,1393,<br>1394,1401,1402,1400,1403,1415,1414,1418,1419,1412,1413, | |

| | |
|---|---|
| | 1421/2,1421,1404,1399,1398,1395,1396,1397,1406,1405,1410, 1411,1413,1421,1423,1485/2,1485/1,1422/2,1477,1407,1422/3, 1422/1,1466,1465,1485/1,1485/2,1491/1,1491/2,1492,1493, 1500/1,1500/2,1501,1507,1510/1,1510/2, 1509/1,1509/2,1523, 1522,1524,1525,1532,1538/3,1538/1,1538/4,1537,1542,1541,1539,1540/1 ,1543,1545,1547/1,1547/2,1544,1778,1777,1775,1757,1774,1773/1, 1760,1770,1765,1762,1746,1745,1744,1743/1,1743/2,1766,1764,1741, 1742,1705,1706,1598,1599/2,1599/1,1599/3,1823,1824,1831,1832/1, 1832/2,1833,1836,1837,1843,1844,1847,1846,дел од 1878/1,1850, 1848,1842,1785/3,1785/2,1785/1,1840/1,1840/2,1768,1764,1829, 1766,1765/1,1745,1744,1826,1601,1830,1825,1827,1798,1796,1794, 1786,1795,1787/2,1787/1,1789,1788,1780/1,1780/2,1779/3,1779/1, 1779/2,1781,1770,1782,1783,1760,1773/1,1759,1753,1761,1772, 1773/2,1777,1852/2,1835/2,1834/3,1819/2,1606/2,1586/2,1569/1, 1569/2,1267(пат),1248,1250,1240/2 (пат),1252, 1200 и 1201 (пат) |
| површина на доброто | 602242 м2 |
| вкупна површина на заштитеното добро | Околу 122 529,9 м2<br>Арх лок со контак зона |
| автор | - |
| време на настанување | 3 ти, 4ти, 5 ти, 9 ти и 10 век в.н.е |
| намена | Археолошки локалитет |
| Вредности и значење | Истражуваниот простор во делот на населбата Нов Дојран е дефиниран како археолошки локалитет под името„Манастир„поради тоа што истражувањата се вршени парцијално во разни временски периоди,интервентно во одредени парцели ,така да дадени се посебни имиња на парцелите во кои се пронајдени остатоци од градби и гробни конструкции.<br>Така во непосредна близина на **училиштето** откриени се остатоци на еднокорабна црква околу која се наоѓаат гробови со камени плочи. Тој простор е истражуван кон крајот на 50-тите години од XX век од страна на археологот Блага Алексова.<br>**Локацијата Манастир** е наречена месноста во подножјето на активната црква „Св.Горгиј“, со ископувањата на Археолошки Музеј од Скопје во 1958 година од страна на археологот Блага Алексова, кога се |

| | |
|---|---|
| | откриени остатоци на сакрален објект-црква и истражени се 20 гробови од X-XI век.<br>**Локацијата Црквиште** е наречена месноста во дворните места на Г.Поп-Коцев, Р.Џиков и Р.Кацаниев, јужно од современиот пат кој води кон Стар Дојран, во централниот дел на градот, каде се откриени остатоци од луксузна, трокорабна, ранохристијанска базилика, со нартекс и широка полукружна апсида. Подот и презвитериумот бил изведен со бели мермерни плочки, организирани во полиња што оформуваат крст. Најдена е богата архитектонска пластика од бел мермер датирана во IV-V век.<br>**Локацијата Манастир и Караула** е наречена месноста во центарот на градот, при поставувањето на нова водоводна мрежа и канализација, каде се откриени остатоци од неколку доцноантички и римски гробови со богати наоди составени од ќерамички садови, ламби, накит и монети. Кај еден од гробовите, надгробната мермерна плоча е богато украсена со флорална и антропоморфна декорација.<br>Сите овие дефинирани локации со наоди од археолошка ,културна и уметничка важност укажуваат на претпоставка дека се работи за остатоци од античката населба Тауријана,или веројатно античкиот град Добер.<br>Овие антички населби ,особено богатите и луксузни градби, како и гробници се од голема важност за науката. |
| **состојба** | **Средна** |

**Археолошки локалитет Манастир**

Според Археолошката карта на Р.Македонија целиот простор на современата населба Нов Дојран е назначен како населба и некропола од римското, доцноантичкото и ранохристијанското време, а особено просторот вдолж патот кој поминува низ Нов Дојран и води кон месноста Стар Дојран. Овде се констатирани остатоци од темели на градби, базилика, архитектонска пластика, гробови со конструкција од типот „на две води" и многубројни археолошки остатоци (керамика, монети, накит), како и скулптурална пластика.

Се претпоставува дека се работи за остатоци од античката населба Tauriana.

Сите дефинирани локации на овој археолошки локалитет со наоди од археолошка ,културна и уметничка важност укажуваат на претпоставка дека се работи за остатоци од античката населба Тауријана или античкиот град Добер.

Локалитетот поседува доволно елементи како населба и некропола да се изврши негова валоризација.

Напомена:

Во согласност со законот за заштита на културното наследство, за предложениот локалитет во рок од една година потребно е да биде изработен Елаборат за валоризација.

- Категоризација

Напомена: Конечната категоризација за локалитетот да биде дадена при изработка на елаборатот за валоризација.

Археолошки локалитет „Манастир"

Согласно чл.3 од Правилникот за валоризација, категоризација и ревалоризација, согласно категоризација според значење, се одредува како **значајно културно наследство.**

На овој археолошки локалитет констатирани се остатоци од темели на градби, базилика, архитектонска пластика, гробови со конструкција од типот „на две води" и многубројни археолошки остатоци (керамика, монети, накит), како и скулптурална пластика.
Сите дефинирани локации na овој археолошки локалитет со наоди од археолошка ,културна и уметничка важност укажуваат на претпоставка дека се работи за остатоци од античката населба Тауријана или античкиот град Добер.

Критериумот за ова категоризација е тоа што претставува населба и некропола од римското доцноантичко и ранохристијанско време.
Исто така критериум за ова категоризација е културно историското, но и општественото значење на овој локалитет.
Археолошкиот локалитет „Манастир", согласно категоризацијата според загрозеност, се одредува како незагрозено културно-наследство.

**Режим на заштита**

**Режим на заштита на археолошки локалитет**
Археолошкиот локалитет „Манастир" е со режим на заштита од втор степен, а неговата контактна зона е со режим на заштита од трет степен.

За овој археолошки локалитет се одредува режим на заштита од втор степен, што подразбира дека археолошкиот локалитет во рамките на своите граници претставува заштитена целина која има контактна зона.

**Зони на заштита**
Контактната зона на археолошкиот локалитет „Манастир" се наоѓа во блоковите: дел од блок 3, дел од блок 2, дел од блок 5, дел од блок 6, дел од блок 7 и дел од блок 12.
Во таа зона се наоѓаат следните катастарски парцели:

КП 1197/2,1197/1,1198/2,1197/3,1198/1,1199/5,1199/6,1199/4,
1199/3,1199/1,1199/2,1203/6,1202,1204,1203/5,1334,1203/1,
1203/3,1203/8,1203/2,1338,1337,1335,1336,1333,1341,1344,
1343/1,1343/2,1342,1388,1381,1382,1384,1389,1347/2,1347/1,
1357/2,1361/2,1357/1,1361/1,1359,1360,1358,1387/2,1388,1393,
1394,1401,1402,1400,1403,1415,1414,1418,1419,1412,1413,
1421/2,1421,1404,1399,1398,1395,1396,1397.1706,1405,1410,
1411,1413,1421,1423,1485/2,1485/1,1422/2,1477.1707.1722/3,
1422/1,1466,1465,1485/1,1485/2,1491/1,1491/2,1492,1493,
1500/1,1500/2,1501,1507,1510/1,1510/2, 1509/1,1509/2,1523,

1522,1524,1525,1532,1538/3,1538/1,1538/4,1537,1542,1541,1539,1540/1,1543,1545,1547/1,1547/2,1544,1778,1777,1775,1757,1774,1773/1,
1760,1770,1765,1762,1746,1745,1744,1743/1,1743/2,1766,1764,1741,
1742,1705,1706,1598,1599/2,1599/1,1599/3,1823,1824,1831,1832/1,
1832/2,1833,1836,1837,1843,1844,1847,1846,del od 1878/1,1850,
1848,1842,1785/3,1785/2,1785/1,1840/1,1840/2,1768,1764,1829,
1766,1765/1,1745,1744,1826,1601,1830,1825,1827,1798,1796,1794,
1786,1795,1787/2,1787/1,1789,1788,1780/1,1780/2,1779/3,1779/1,
1779/2,1781,1770,1782,1783,1760,1773/1,1759,1753,1761,1772,
1773/2,1777,1852/2,1835/2,1834/3,1819/2,1606/2,1586/2,1569/1.

Во заштитената зона и во контактната зона не се дозволени никакви интервенции без конзерваторско одобрение и мислење издадено од надлежниот орган за заштита на културното наследство, во согласност со Законот за заштита на културното наследство.

**Степени на заштита за подрачјето на опфатот на УП за село Нов Дојран**

За археолошкиот локалитет „Манастир" согласно Извештаите за одредување на режим на заштита од Зоран Рујак и Душко Цветанов (бр. 09-146/2 od 10.04.2019г) се предлага режим на заштита од втор степен кој согласно закон ги опфаќа следните ограничувања:

- Забрана за градење секаков вид градби со темелни ископи подлабоки од 30 см што можат да влијаат врз состојбата на остатоците од културното наследство, па динамиката, видот и обемот на археолошките истражувања или спроведувањето на мерките на заштита на односниот дел од заштитеното подрачје.
- Изведба на електрични водови, водоводна и канализациона инсталација на длабочина поголема од 30 см што можат да влијаат врз состојбата на остатоците од културното наследство или спроведувањето на мерките на заштита на односниот дел од заштитеното подрачје.

- Партерно уредување на блоковите со изведба на одни патеки и други придружни структури за кои се потребни површински ископи подлабоки од 30 см што можат да влијаат врз состојбата на остатоците од културното наследство, динамиката, видот и обемот на археолошките истражувања или спроведувањето на мерките на заштита на односниот дел од заштитеното подрачје
- Поставување урбана опрема за која е потребно спроведување на инсталации со површински ископ подлабок од 30 см што можат да влијаат врз состојбата на остатоците од културното наследство
- Забрана за садење повеќегодишни земјоделски култури на длабочина поголема од 30 см што можат да влијаат врз состојбата на остатоците од културното наследство и значително да го оштетат заштитеното подрачје.

Сите горенаведени интервенции може да се изведат доколку претходно се извршат заштитни археолошки истражувања со кои ќе се потврдат или негираат остатоците од културното наследство. Археолошките истражувања се спроведуваат на товар на инвеститорот.

Во рамките на заштитената зона, режимот на заштита вклучува и дозволени дејства на посегање по интегритетот на заштитената зона, што се преземаат согласно закон, а се однесуваат на:

- археолошки ископувања (систематски, заштитни, сондажни) и примена на недеструктивни методи на археолошки истражувања;
- редовно одржување на откриените објекти и другите содржини на заштитеното подрачје од страна на имателот, односно, субјектот којшто управува со заштитеното добро, со благовремено преземање на технички мерки и други оперативни дејства и активности што не спаѓаат во доменот на непосредната заштита, како и одржување на чистотата во границите на доброто;

- чување на остатоците од културно наследство од страна на имателот, односно субјектот којшто управува со заштитеното добро, преку преземање мерки за физичко и техничко обезбедување од неповикан пристап, неовластено користење, недозволено ископување, узурпација, присвојување, намерно оштетување и уништување или други незаконски дејства против заштитеното добро или кој било негов составен дел;
- презентирање на доброто како археолошко наследство, соодветно уредување на истражениот простор и обезбедување достапност на јавноста до откриените археолошки содржини, заради задоволување на културните, научните, едукативните, туристичките и другите потреби на граѓаните и општеството;
- користење на неистражените делови во границите на доброто според нивната постојна намена како земјоделски површини, исклучувајќи длабоко орање над 30 цм и одгледување култури или пренамена на земјиштето, што можат да влијаат врз динамиката, видот и обемот на археолошките истражувања или спроведувањето на мерките на заштита на односниот дел од заштитената зона

**Контактна зона – зона на ограничена заштита**

**За контактните зони,** кои ги вклучуваат катастарските парцели во дел од блоковите 1 и 3 од месноста „Топлец" како и блоковите: дел од блок 3, дел од блок 2, дел од блок 5, дел од блок 6, дел од блок 7 и дел од блок 12, од археолошкиот локалитет Манастир согласно Извештаите за одредување на режим на заштита од трет степен кој опфаќа вршене на археолошки надзор при било каква интервенција на наведените парцели.

Режимот на заштита, согласно закон, ги опфаќа следните ограничувања:

- да се врши ископ на темели или подруми ниту да се изведуваат кој било друг вид земјани или градежни работи без претходно спроведување заштитни археолошки истражувања;
- да се градат какви било објекти на локации на кои со археолошки истражувања ќе се откријат особено вредни остатоци на недвижно археолошко наследство што заслужуваат да бидат зачувани поради нивното значење;
- да се градат или внесуваат индустриски или слични капацитети и да се воведуваат намени што придонесуваат за присуство на разни форми на загадување или предизвикуваат бучава и вибрации;
- да се изведуваат интервенции кои можат да го загрозат интегритетот на локалитетот и на самата контактна зона, особено на нејзините делови околу границите на археолошкиот локалитет на растојание од најмалку 50 метри,

Во контактната зона режимот на заштита вклучува и дозволени дејства на посегање во интегритетот на контактната зона што се преземаат согласно со закон, а се однесуваат на:

- контрола на градењето и на изведбата на кои било други работи во границите на контактната зона, особено ако со тоа се попречува истражувањето, заштитата или достапноста локалитетот или се нарушува интегритетот на заштитеното подрачје;
- задржување на постојната намена на објектите вклучени во границите на контактната зона;
- обликување на отворените простори вклучени во границите на контактната зона на начин што обезбедува да не се наруши интегритетот на односниот дел од заштитеното подрачје;
- контрола на урбаната инфраструктура на односните делови од контактната зона каде со несоодветно планирање и/или изведба би се попречило функционирањето на заштитеното добро

**Посебни мерки за заштита**

За археолошкиот локалитет „Манастир" потребни се дополнителни истражувања, конзерваторски и историски, но кога ќе се створат услови за тоа. Потребно е документирање на добрата, изработка на посебни студии за нив, елаборати, подготвителни мерки во случај на природни непогоди.
Потребно е да се предвидат мерки за заштита од последиците од загадување, мерки за унапредување на квалитетот на животната средина во заштитеното подрачје, потребно е позначување на добрата кои се наоѓаат на точно одредените локации во Нов Дојран, како и одредување на мерки за нивно спасување во непредвидени ситуации.

## 4. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ

*Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на Урбанистичкиот план за село, односно за изготвување на извод од урбанистички план.*

**4.1.** Општите услови, текстуалниот дел, графичките прилози и табелите се составен дел на планот и имаат правно дејство само врз градителска активност која ќе следи по стапување во сила на Урбанистички план за село Нов Дојран, Општина Дојран.

**4.2.** Подрачјата во кои се евидентирани објекти на ажурирана геодетска подлога во Документационата основа на планот се третираат како изградено земјиште и се третираат како постојна состојба.

**4.3.** Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите се применуваат во рамките на утврдената граница на планскиот опфат на Урбанистички план за село Нов Дојран, Општина Дојран, а посебните услови се однесуваат на секој блок поединечно.

**4.4.** Планскиот опфат е организиран во 15 блока чии граници се совпаѓаат со осовините на новопланираните улици, наменски зони, граници на катастарски парцели и со границите на планскиот опфат.

**4.5.** Во случај кога границата на градежната парцела се совпаѓа со границата на катастарската парцела и до неа има обезбеден пристап, истата се разработува со основен проект.

**4.6.** Кога градежната парцела се состои од две или повеќе катастарски парцели или делови од катастарски парцели или во рамки на една катастарска парцела се формираат две или повеќе градежни парцели или кога на една катастарска парцела се предвидуваат површини за градење на две или повеќе градби, а притоа до градежната парцела има обезбеден пристап, градежната парцела и површините за градење се утврдуваат со архитектонско-урбанистички проект согласно член 51 од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

**4.7.** При дефинирање на градежните парцели со соодветна планска, проектна или урбанистичко-проектна документација согласно важечката законска и подзаконска регулатива, ќе се утврдат следните урбанистички параметри:
• број на градежна парцела;
• граница и површина на градежна парцела (м2);
• граница и површина во која може да се гради ограничена со градежни линии (м2);
• максимален процент на изграденост на земјиштето (%);
• вкупна површина по катови (м2);
• максимален коефициент на искористеност на земјиштето (к);
• основна и компатибилна класа на намена на земјиштето и градбите;
• максимална висина на венец (м');
• максимален број на катови;
• потребен број на паркинг места (пресметани согласно стандарди и нормативи) кои треба да се обезбедат во рамките на градежната парцела.

**4.8.** За наменските зони во планскиот опфат се дефинирани следните урбанистички параметри кои важат за новопланирани градби:

**А1 - домување во станбени куќи**

вкупна површина во плански опфат: 69.03 ха
максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 2,8
максимална катност: П+2+Пк
максимална висина на венец: 10,20м
компатибилни класи на намени:

Б1 (до 30%); В1(до 30%); В2 (до 30%) Д3(до 30%); Б5(до 5%)

* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена А1 не смее да надмине 30%.

**А2 – домување во станбени згради**

вкупна површина во плански опфат: 0,51 ха
максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 2,8
максимална катност: П+2+Пк
максимална висина на венец: 10,20м
компатибилни класи на намени:

Б5 (до 15%); Б1(до 20%); Б2(до 30%); Б4 (до 20%); В3 (до 40%) В4(до10%);Д3 (до 40%)

* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена А2 не смее да надмине 40%.

**А3 – групно домување**

вкупна површина во плански опфат: 0,34 ха
максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 2,8
максимална катност: П+2+Пк
максимална висина на венец: 10,20м
компатибилни класи на намени:

Б1(до 20%); Б2(до 30%); В1 (до 20%); В2 (до 20%); В3(до 20%);Д3(до 20%)

* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена А3 не смее да надмине 20%.

**А4 – времено сместување**

вкупна површина во плански опфат: 4.69 ха
максимален процент на изграденост:70%
максимален коефициент на искористеност: 2,8
максимална катност: П+2+Пк
максимална висина на венец: 10,20м
компатибилни класи на намени:

Б1 (до 30%); Б3(до 30%); В2(до 30%); Д3 (до 30%)

* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена А4 не смее да надмине 30%.

**Б1 – мали комерцијални и деловни намени**

вкупна површина во плански опфат: 0,73 ха
максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 1.4
максимална катност: П+1
максимална висина на венец: 8,00м
компатибилни класи на намени:

А1(до 20%); А3(до 20%); Б4(до 20%);

* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена Б1 не смее да надмине 40%.

**Б3 – големи угостителски единици**

вкупна површина во плански опфат: 0,51 ха
максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 1.4
максимална катност: П+1
максимална висина на венец: 8,00м
компатибилни класи на намени:
А3(до 40%);Б5(до 40%); В4(до 40%); В3(до 40%); Д3(до 40%);
* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена Б3 не смее да надмине 40%.

**Б5 – хотелски комплекси**

вкупна површина во плански опфат: 6.91 ха
максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 2.8
максимална катност: П+2+Пк
максимална висина на венец: 10,20м
компатибилни класи на намени:
Б1(до 40%);Б2(до 40%); Б3 (до 40%); Б4 (до 40%);Б6 (до 40%); В2 (до 40%); В3(до 40%); Д3 (до40%);
* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена Б5 не смее да надмине 40%.

**В1 - образование и наука (основно училиште)**

вкупна површина во плански опфат: 1,35 ха
максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 1,4
максимална катност: П+1
максимална висина на венец: 8,00м
компатибилни класи на намени:
Д3(до 20%)
* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена В1 не смее да надмине 20%.

**В2 – здравство и социјална заштита (детска градинка)**

вкупна површина во плански опфат: 0,20 ха
максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 1,4
максимална катност: П+1
максимална висина на венец: 8,00м
компатибилни класи на намени:
Д3 (до 20%)
* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена В2 не смее да надмине 20%.

**В3 – култура (дом на култура)**

вкупна површина во плански опфат: 0,17 ха
максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 1,4
максимална катност: П+1
максимална висина на венец: 8,00м
компатибилни класи на намени:
Б1 (до 49%); Б4 (до 49%); В1 (до 49%); В2 (до 49%); В4 (до 49%); Д3 (до 49%);
* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена В3 не смее да надмине 49%.

**В4 – државни институции (полициска станица)**

вкупна површина во плански опфат: 0,30 ха
максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 1,4
максимална катност: П+1
максимална висина на венец: 8,00м
компатибилни класи на намени:
Б1(до 25%); Б2(до 25%); Б3(до 25%); Б4(до 25%)
* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена В4 не смее да надмине 25%.

**В5 – верски институции (црква)**

вкупна површина во плански опфат: 0,26 ха
максимален процент на изграденост: согласно ЗКО
максимален коефициент на искористеност: согласно ЗКО
максимална катност: согласно ЗКО
максимална висина на венец: согласно ЗКО
компатибилни класи на намени: согласно ЗКО

**Г2 - лесна и незагадувачка индустрија**

вкупна површина во плански опфат: 3,96 ха
максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 1,4
максимална катност: според технолошки процес
максимална висина на венец: 15,00м
компатибилни класи на намени:
Б1(до 30%); Б2(до 30%) Б4(до 10%); В2(до 5%);
Д2(до 30%); Д3(до 30%); Д4(до 30%); Г3 (до 30%); Г4(до 30%)
* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена Г2 не смее да надмине 49%.

**Г3 - сервиси**

вкупна површина во плански опфат: 0,03 ха
максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 1,4
максимална катност: според технолошки процес
максимална висина на венец:15,00м
компатибилни класи на намени:
Б1(до 30%); Б2(до 30%) Б4(до 10%);
Д2(до 30%); Д3(до 30%); Д4(до 30%),Г2(до 49%),Г4(до 49%)
* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена Г3 не смее да надмине 49%.

**Д1 - парковско зеленило**

вкупна површина во плански опфат: 0,71 ха
максимален процент на изграденост: 10%
максимален коефициент на искористеност: 0,1
максимална катност: П
максимална висина на венец: 4,00м
компатибилни класи на намени:
Б1(до 10%); Д3(до10%)
* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена Д1 не смее да надмине 10%.

**Д2 - заштитно зеленило**

вкупна површина во плански опфат: 1,13 ха

**Д3 - спорт и рекреација**

вкупна површина во плански опфат: 5,22 ха
максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 1,4
максимална катност: П+1
максимална висина на венец: 10,00м
компатибилни класи на намени:
Б1(до 10%);

* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена Д3 не смее да надмине 10%.

**Д4 - меморијални простори (гробишта)**

вкупна површина во плански опфат: 4,08 ха
максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 0,7
максимална катност: П
максимална висина на венец: 4,00м
компатибилни класи на намени:
В5 (до 40%)

* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена Д4 не смее да надмине 40%.

**Е1 - комунална инфраструктура**

вкупна површина во плански опфат: 12,03 ха

**Е2 – комунална супраструктура** ( бензинска пумпна станица )

вкупна површина во плански опфат: 0,5 ха
максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 1,4
максимална катност: П/П+1 (П за натстрешница)
максимална висина на венец: според технолошки процес
компатибилни класи на намени: според проектна документација

* сообраќаен пристап во согласност со член 73 став(5) од Правилникот за стандарди и нормативи за урб.планирање (Сл.в.на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18)

**Е2 – комунална супраструктура** (градби за производство на енергија - хидроцентрала)

вкупна површина во плански опфат: 0,77 ха
максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 1,4
максимална катност: П+1
максимална висина на венец: според технолошки процес
компатибилни класи на намени:

* според проектна документација

**Е2 – комунална супраструктура** (градби за производство на енергија – фотоволтаична централа)

вкупна површина во плански опфат: 2,72 ха
максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 0,7
максимална катност: П
максимална висина на венец: според технолошки процес
компатибилни класи на намени:

* според проектна документација

**Е3 – некомпатибилна инфраструктура (трафостаница над 20кв)**

вкупна површина во плански опфат: 0,75 ха
максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 0,7
максимална катност: П
максимална висина на венец: според технолошки процес
компатибилни класи на намени:
*За класа на намена Е3 не се утврдуваат компатибилни намени

**- регулирано корито на суводолица и канал Топлец**
вкупна површина во плански опфат: 0,5 ха

**- Површина во заштитен појас од 50 метри од линија на кота на највисок утврден водостој на Дојранското Езеро (147.33 м.н.в.) во која не се дозволени нови објекти, ниту доградба и надградба на постоечките објекти**
вкупна површина во плански опфат: 6,86 ха
намена : постоечка или пренамена во А4 – времено сместување, Б1 - мали комерцијални и деловни намени, Б3 - големи угостителски единици, Б5 – хотелски комплекси, Д3 - спорт и рекреација
максимален процент на изграденост: постоечки
максимален коефициент на искористеност: постоечки
максимална катност: постоечка
максимална висина на венец: постоечка

**4.9.** Стационарниот сообраќај односно паркирањето на моторните возила во рамките на планскиот опфат зависи од дефинираната намена на земјиштето и се утврдува согласно нормативите од член 58 и член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ, бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

**4.10.** Паркирањето е предвидено да се решава во рамките на секоја градежна парцела поодделно, надземно или подземно. Паркирање на јавни паркинг простори е можно единствено доколку се обезбедат јавни паркинг простори на ниво на блок со претходна разработка на урбанистичкиот план за село при што ќе се утврди точниот број на паркинг места кој се обезбедува на јавните паркинзи и ќе се назначи за чии потреби, односно, за кои градежни парцели се однесуваат.

**4.11.** Бројот на потребни паркинг места зависи и од изборот на компатибилните намени во градежната парцела кои треба да се земат во предвид при изработка на проектната документација за градбите, врз основа на која се издава одобрение за градење. Основен услов за изградба на планираната површина за градење, максимална висина и катност е обезбедување на потребниот број на паркинг места.

**4.12.**При разработка на урбанистичкиот план за село со проектна документација да се почитуваат следните одредби:
Градежната линија се спроведува со дозволени пречекорувања од страна на издадените елементи од архитектонската пластика на градбите.
Доколку градежната линија се совпаѓа со регулационата линија, дозволени пречекорувања се:
-првиот скалник од влезните партии до 30см ако ширината на тротоарот е поголема од 2м;
-првостепена пластика до 30 см ако широчината на тротоарот е поголема од 2м;
-второстепена пластика која се појавува помеѓу првиот спрат и горниот венец за уличен коридор широк до 8.5м, до 7.5% од широчината на коридорот, но не повеќе од 1.5м длабочина. Елементите на второстепената пластика не треба да се појавуваат на фасадата на градбата најмалку 3.6м над котата на тротоарот;

-третостепена пластика која се појавува помеѓу котата на теренот и горниот венец и се дозволува ако широчината на тротоарот е поголема од 2м.
Кога градежната линија се совпаѓа со границата на градежната парцела со соседот не се одобруваат пречекорувања на градежната линија со ниту еден вид архитектонска пластика.
Кога градежната линија не се совпаѓа со границата на градежната парцела можните пречекорувања не треба да излезат надвор од границата на градежната парцела на која било височина на теренот.
Процентот од вкупната должина од фасадата (не се вклучени калкански ѕидови) кој може да го зафати одреден тип архитектонска пластика не смее да надмине повеќе од 50%.
Минималното растојание на второстепената пластика од соседот при калканско спојување на соседните градби треба да изнесува најмалку 1.5м.
Во вкупната изградена површина не влегуваат дозволените пречекорувања од страна на издадените елементи од архитектонската пластика на градбите.

**4.13.** Висината на венецот дадена во нумеричкиот дел во посебните услови за градба е максимална, изразена е во должни метри и се определува од нивото на нивелетата на тротоарот на сообраќајницата или од пристапната патека до завршниот венец на објектот.

**4.14.** Котата на нулта плоча е висинска кота на плочата на приземјето на објектот во однос на котата на нивелетата на заштитниот тротоар и не се дозволува нејзино поместување под котата на тротоарот односно под котата на пристапната патека.

**4.15.** Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената и специфичноста на истиот, а во согласност со одредбите од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ, бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).
-Од максималната височина на слемето и дозволената силуета на покривот може да отстапуваат други делови на градбите што се уредува со урбанистички план и урбанистичко планска документација на ниво на плански опфат, блок или поединечна градежна парцела и тоа:
- кули, покривни бањи, стакларници и издадени покривни елементи;
- оџаци, вентилациони канали, лифтовски куќички, вертикални комуникации и сите техничко-технолошки инсталации, и
- сите архитектонски декоративни елементи со кои не се обѕидува или оформува затворен корисен простор над котата на горниот венец, односно над дозволената силуета на покривот.

**4.16.** Не е дозволено поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и други инсталации над и непосредно до уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци освен нивно вкрстување.
При паралелно поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и други инсталации со уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци, минималното растојание со нив е регулирано со "услови за полагање на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и други инсталации" на соодветните Комунални организации, но не помалку од 0,60м односно 1,0м од крајниот раб на водоводот, фекалната и атмосферската канализација. Вертикалното растојание помеѓу нив треба да изнесува мин. 0,50м.

**4.17.** Предвидените траси за комунална инфраструктура (хидротехничка, електро-енергетска и телекомуникациска) се наоѓаат во рамки на земјиште за општа употреба. Диспозицијата на трасите и другите нивни технички карактеристики можат да биде предмет на промена со изработка на проекти за инфраструктура и основни проекти.

**4.18.** Не е дозволена градба во рамки на заштитните коридори на инфраструктурните водови.

**4.19.** Дефинирањето на градежни парцели за постоечките и новите трафостаници за потребите на блоковите ќе се утврдат со соодветна урбанистичко-планска и урбанистичко-проектна документација при разработка на урбанистичкиот план за село.

**4.20**. Доколку во градежни парцели со намена производство, дистрибуција и сервиси се утврдат зголемени потреби за снабдување со елетрична енергија дозволено е да се предвиди изградба на трансформаторски станици во рамки на градежните парцели.

**4.21.** За подземни кабелски водови на електро-енергетска мрежа во тротоарскиот дел од сообраќајните површини да се оформат коридори за нивно водење, а во координација со останатите инфраструктурни подземни инсталации

**4.22.** Доколку за водоснабдување се користат подземните води, динамиката на користењето мора да биде усогласена со барањето на долгорочна експлоатација, без влошување на квалитетот. Не се дозволува прекумерна експлоатација на подземните води поради кое би дошло до нарушување на режимот на подземните води.

**4.23.** Во градежните парцели со намена лесна и незагадувачка индустрија, задолжителен е комплетен третман на отпадните води од сопствениот технолошки процес во секоја градежна парцела. Пречистената отпадна вода не смее да биде со понизок квалитет до класата на реципиентот.

**4.24.** За добивање на Одобрение за градење во градежните парцели со намена лесна и незагадувачка индустрија, задолжително да се добие мислење од надлежна институција во однос на планираниот третман на отпадни води.

**4.25.** Секоја градба, или комплекс, за кои има потреба од одведување на отпадните води да се поврзе со инфраструктурната канализациона мрежа за одведување на отпадните води во приклучна шахта (армиранобетонска, со прописен капак на отворот), поставена на пресекот со осовината на примарниот одводен канал откако задолжително ќе биде извршен третман – пречистување во сопствената парцела (за парцели со намена лесна и незагадувачка индустрија) и во целост според хидротехнички услови издадени од страна на надлежното комунално претпријатие.

**4.26.** Техничките решенија за поврзување на фекалната и атмосферската канализациона мрежа надвор од планскиот опфат, определувањето на позиции и технички карактеристики за пречистителни станици за третман на отпадните води пред испуштање во крајниот реципиент да се решаваат со Проекти за инфраструктура и Основни проекти.

**4.27.** Телекомуникациските коридори треба да се планираат во површини од тротоари, пристапни улици и пешачките патеки. За уличните телекомуникациски ормари потребно е да се обезбеди манипулативен простор со димензии од 1,0м х 0,5м. Бројот и местоположбата на истите ќе се дефинира согласно развојните потреби на мрежата и конкретните услови на теренот, во соработка со стручните служби на надлежната институција.

**4.28.** Доколку при изградба на нов објект или реконструкција и уредување на улиците и отворените простори бидат откриени остатоци на недвижно културно наследство, инвеститорот е должен да ги извести и да постапи според условите што ќе ги определат надлежните служби за заштита на културното наследство согласно актуелните законски прописи.

**4.29.** При оформување на содржините во локалитетот се применуваат соодветни мерки за заштита на елементите на животната средина, со почитување на минималната застапеност на зеленилото во дворните места на градежните парцели и линеарно зеленило (доколку постојат услови за тоа) долж сообраќајниците. Објектите кои се планирани да се градат на предметниот простор, треба да бидат изведени согласно стандардите и нормативите за проектирање и не смеат да ја нарушат природната рамнотежа на средината.

**4.30.** Минималниот процент на зеленило во рамки на градежната парцела согласно Закон за урбано зеленило (Службен весник на рм БР.11/2020, Службен весник на РСМ 42/2021) изнесува 20%.

**4.31.** При разработка на урбанистичкиот план за село, доколку се појават соседни наменски зони кои се некомпатибилни помеѓу себе и кои не се раздвоени со јавна површина, да се предвидат „тампон" зони од високо зеленило за нивно разграничување. Овој услов не важи за сродните класи на намени кои спаѓаат во иста група на класи на намени.

**4.32.** Површините наменети за движење на пешаци (пешачки патеки, пешачки улици, тротоари, плоштади), каде што карактеристиките на теренот тоа го дозволуваат, да се со континуирана нивелета без скалести денивелации со подолжен наклон од најмногу 8,33%, а во спротивно до скалите да се предвиди и рампа со истиот наклон.

**4.33.** Доколку јавните пешачки површини се на терен со големи висински разлики кои мораат да се совладаат со скали, треба да се предвиди алтернативна врска со рампа со максимален пад од 8,33% или во однос 1:12. Притоа рампата треба да биде димензионирана за двосмерно движење на лица во колички при што нејзината најмала широчина треба да е 1,65м, а оптимална широчина треба да е 1,80м.

**4.34.** Во зависност од наклонот на рампата, ограничена е нејзината должина и тоа за:
- наклон од 8,33% или во однос (1:12), максимална должина на рампата е 9м
- наклон од 6,66% или во однос (1:15), максимална должина на рампата е 12м
- наклон од 5,0% или во однос (1:20), максималната должина на рампата е 15м

Во случаите кога е неопходна поголема должина на рампите, треба да се планираат одморишта чија што најмала должина треба да е 1,50м, а оптималната должина треба да е 1,80м

**4.35**. Задолжително да се предвидат рампи на секој пешачки премин за совладување на денивелацијата помеѓу коловозот и тротоарот со минимална широчина од 1м, а оптимална широчина од 1,80м. Најголем наклон на рампата е 20% или во однос (1:5), а оптималниот наклон е 8,33% или во однос (1:20)

**4.36.** Опремувањето на локалитетот со елементи од урбана опрема треба да се поставува исклучиво за остварување на јавен интерес утврден со закон, а во согласност со Законот за градење. Рекламите и другите елементи од урбана опрема не смеат да му пречат на нормалното одвивање на сообраќајот на пешаците, а особено на лицата со инвалидност со колички, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации ниту да пречат на објектите поставени во јавен интерес.

**4.37.** Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на планскиот опфат. Локациите на заедничките контејнери и нивниот број ги определува со посебна одлука органот на управата на Општината. Локациите мора да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите, а уредени во согласност со оној што ќе го евакуира отпадот во регионална односно општинска депонија.

**4.38.** Согласно Законот за одбрана (Сл. весник на РМ бр.42/01; 05/03; 58/06; 110/08; 51/11; 151/11; 185/11 и 215/15), Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ, бр.36/04; 49/04; 86/08; 124/10; 18/11, 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 106/16), Законот за пожарникарството (Сл. весник на РМ, бр. 67/04; 81/07; 55/13; 158/14; 193/15 и 39/16) и Законот за управување со кризи (Сл. весник на РМ, бр.29/05; 36/11; 41/14; 104/15 и 39/16), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

**4.39.** Изградбата на нови објекти, како и изградбата на сообраќајници и комунална инфраструктура ќе се изведува според важечката законска и подзаконска регулатива, одобрената техничка документација како и важечките технички прописи во урбанизмот и градежништвото, а во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ, бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

**4.40.** При разработка на урбанистичките параметри од урбанистичкиот план, за тоа што не е регулирано со овие услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ, бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Сл.весник на РМ бр. 142/15).

**4.41.** Во однос на Дојранско Езеро, предвиден е заштитен појас од 50 метри од линија на кота на највисок утврден водостој на Дојранското Езеро (147.33 м.н.в.) во кој не се дозволува градба на нови објекти, ниту доградба и надградба на веќе постоечките објекти, односно се забранува изградба на објекти од траен карактер.

При разработка со проектна документација и/или Основен проект на постоечки локалитети во опфат на заштитниот појас на УПС Нов Дојран, Општина Дојран, задолжително да се прибави согласност од Министерство за животна средина.

**4.42.** Согласно член 8 од Законот за прогласување на Дојранското езеро за споменик на природата за Дојранското Езеро се утврдува следниот режим на заштита:

- спречување на дејствија кои би го измениле водниот режим, растителниот состав на заедниците и типовите на живеалишта во споменикот на природата,
- спречување на сечење на стебла, трска, палење оган и деградирање на природните живеалишта, - спречување нелегален лов и риболов и уништување или оштетувања на природните мрестилишта, природните живеалишта, посебно на гнездата или местата каде што животните се размножуваат или престојуваат на поширокиот простор на споменикот на природата,
- се забранува внесување на нови речни водотеци во Дојранско Езеро, - се забранува внесување на опасни и штетни материи со кои би можело да се предизвика хемиски, физички, биолошки, микробиолошки и други промени на водата и живиот свет,
- се забранува внесување материи и предмети што можат да предизвикаат морфолошки промени на Дојранското Езеро, - се забранува внесување на непречистени отпадни води од населените места и индустриските капацитети, - се забранува испуштање на нафта и масло од бродовите и од други пловни објекти во Езерото,
- се забрануваат антропогени зафати во литоралниот појас на Езерото како што се тампонирање со крупен или ситен тампон и насипување на песок, - се забранува менување на пределот на Дојранскиот екосистемски комплекс во границите определени со членот 4 од овој закон,
- се забранува преземање на активности со кои се прекинува природната комуникација меѓу Езерото и крајбрежниот појас (изградба на бетонски и камени ѕидови и слично),
- се забранува внесување на алохтони (туѓи) растителни и животински видови во Езерото и

- се забранува изградба на објекти од траен карактер во крајбрежниот појас во широчина од 50 метри од котата на највисокиот утврден водостој на Езерото.

**4.43.** Заклучни согледувања од Условите за планирање на просторот
За предметниот плански опфат релевантен плански документ кој ги дава основните влезни параметри и смерници при планирање на просторот претставуваат Условите за планирање на просторот.

Од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање издадено е Решение за Услови за планирање на просторот (бр. 15-701/2017 од 30.05.2017). Условите за планирање на просторот, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со технички бр.Y07317 се составен дел на Решението и содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат извод од Просторниот план на Република Македонија.

**4.44** За подрачјето на планскиот опфат на Урбанистички план на село Нов Дојран, НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Струмица има изработени Заштитно конзерваторски основи од 2019 година со Решение за одобрување на Заштитно-конзерваторски основи од Министерство за култура на РМ – Управа за заштита на културното наследство (УП 17-666 од 03.10.2019), со следните одреби кои треба да се почитуваат:

**Режим на заштита**
Археолошкиот локалитет „Манастир" е со режим на заштита од втор степен, а неговата контактна зона е со режим на заштита од трет степен.

За овој археолошки локалитет се одредува режим на заштита од втор степен, што подразбира дека археолошкиот локалитет во рамките на своите граници претставува заштитена целина која има контактна зона.

**Зони на заштита**
Контактната зона на археолошкиот локалитет „Манастир" се наоѓа во блоковите: дел од блок 3, дел од блок 2, дел од блок 5, дел од блок 6, дел од блок 7 и дел од блок 12.
Во таа зона се наоѓаат следните катастарски парцели:

КП 1197/2,1197/1,1198/2,1197/3,1198/1,1199/5,1199/6,1199/4,
1199/3,1199/1,1199/2,1203/6,1202,1204,1203/5,1334,1203/1,
1203/3,1203/8,1203/2,1338,1337,1335,1336,1333,1341,1344,
1343/1,1343/2,1342,1388,1381,1382,1384,1389,1347/2,1347/1,
1357/2,1361/2,1357/1,1361/1,1359,1360,1358,1387/2,1388,1393,
1394,1401,1402,1400,1403,1415,1414,1418,1419,1412,1413,
1421/2,1421,1404,1399,1398,1395,1396,1397.1706,1405,1410,1411,1413,1421,1423,148
5/2,1485/1,1422/2,1477.1707.1722/3,1422/1,1466,1465,1485/1,1485/2,1491/1,1491/2,14
92,1493,1500/1,1500/2,1501,1507,1510/1,1510/2, 1509/1,1509/2,1523,
1522,1524,1525,1532,1538/3,1538/1,1538/4,1537,1542,1541,1539,1540/1,1543,1545,154
7/1,1547/2,1544,1778,1777,1775,1757,1774,1773/1,
1760,1770,1765,1762,1746,1745,1744,1743/1,1743/2,1766,1764,1741,1742,1705,1706,15
98,1599/2,1599/1,1599/3,1823,1824,1831,1832/1,
1832/2,1833,1836,1837,1843,1844,1847,1846,del od 1878/1,1850,
1848,1842,1785/3,1785/2,1785/1,1840/1,1840/2,1768,1764,1829,
1766,1765/1,1745,1744,1826,1601,1830,1825,1827,1798,1796,1794,
1786,1795,1787/2,1787/1,1789,1788,1780/1,1780/2,1779/3,1779/1,
1779/2,1781,1770,1782,1783,1760,1773/1,1759,1753,1761,1772,
1773/2,1777,1852/2,1835/2,1834/3,1819/2,1606/2,1586/2,1569/1.

Во заштитената зона и во контактната зона не се дозволени никакви интервенции без конзерваторско одобрение и мислење издадено од надлежниот орган за заштита на културното наследство, во согласност со Законот за заштита на културното наследство.

**Степени на заштита за подрачјето на опфатот на УП за село Нов Дојран**

За археолошкиот локалитет „Манастир" согласно Извештаите за одредување на режим на заштита од Зоран Рујак и Душко Цветанов (бр. 09-146/2 od 10.04.2019г) се предлага режим на заштита од втор степен кој согласно закон ги опфаќа следните ограничувања:

- Забрана за градење секаков вид градби со темелни ископи подлабоки од 30 см што можат да влијаат врз состојбата на остатоците од културното наследство, na динамиката, видот и обемот на археолошките истражувања или спроведувањето на мерките на заштита на односниот дел од заштитеното подрачје.
- Изведба на електрични водови, водоводна и канализациона инсталација на длабочина поголема од 30 см што можат да влијаат врз состојбата на остатоците од културното наследство или спроведувањето на мерките на заштита на односниот дел од заштитеното подрачје.
- Партерно уредување на блоковите со изведба на одни патеки и други придружни структури за кои се потребни површински ископи подлабоки од 30 см што можат да влијаат врз состојбата на остатоците од културното наследство, динамиката, видот и обемот на археолошките истражувања или спроведувањето на мерките на заштита на односниот дел од заштитеното подрачје
- Поставување урбана опрема за која е потребно спроведување на инсталации со површински ископ подлабок од 30 см што можат да влијаат врз состојбата на остатоците од културното наследство
- Забрана за садење повеќегодишни земјоделски култури на длабочина поголема од 30 см што можат да влијаат врз состојбата на остатоците од културното наследство и значително да го оштетат заштитеното подрачје.

Сите горенаведени интервенции може да се изведат доколку претходно се извршат заштитни археолошки истражувања со кои ќе се потврдат или негираат остатоците од културното наследство. Археолошките истражувања се спроведуваат на товар на инвеститорот.

Во рамките на заштитената зона, режимот на заштита вклучува и дозволени дејства на посегање по интегритетот на заштитената зона, што се преземаат согласно закон, а се однесуваат на:

- археолошки ископувања (систематски, заштитни, сондажни) и примена на недеструктивни методи на археолошки истражувања;
- редовно одржување на откриените објекти и другите содржини на заштитеното подрачје од страна на имателот, односно, субјектот којшто управува со заштитеното добро, со благовремено преземање на технички мерки и други оперативни дејства и активности што не спаѓаат во доменот на непосредната заштита, како и одржување на чистотата во границите на доброто;
- чување на остатоците од културно наследство од страна на имателот, односно субјектот којшто управува со заштитеното добро, преку преземање мерки за физичко и техничко обезбедување од неповикан пристап, неовластено користење, недозволено ископување, узурпација, присвојување, намерно оштетување и уништување или други незаконски дејства против заштитеното добро или кој било негов составен дел;
- презентирање на доброто како археолошко наследство, соодветно уредување на истражениот простор и обезбедување достапност на јавноста до откриените археолошки содржини, заради задоволување на културните, научните, едукативните, туристичките и другите потреби на граѓаните и општеството;
- користење на неистражените делови во границите на доброто според нивната постојна намена како земјоделски површини, исклучувајќи длабоко орање над 30 цм и одгледување култури или пренамена на земјиштето, што можат да влијаат врз

динамиката, видот и обемот на археолошките истражувања или спроведувањето на мерките на заштита на односниот дел од заштитената зона

**Контактна зона – зона на ограничена заштита**

**За контактните зони,** кои ги вклучуваат катастарските парцели во дел од блоковите 1 и 3 од месноста „Топлец" како и блоковите: дел од блок 3, дел од блок 2, дел од блок 5, дел од блок 6, дел од блок 7 и дел од блок 12, од археолошкиот локалитет Манастир согласно Извештаите за одредување на режим на заштита од трет степен кој опфаќа вршене на археолошки надзор при било каква интервенција на наведените парцели.

Режимот на заштита, согласно закон, ги опфаќа следните ограничувања:

- да се врши ископ на темели или подруми ниту да се изведуваат кој било друг вид земјани или градежни работи без претходно спроведување заштитни археолошки истражувања;
- да се градат какви било објекти на локации на кои со археолошки истражувања ќе се откријат особено вредни остатоци на недвижно археолошко наследство што заслужуваат да бидат зачувани поради нивното значење;
- да се градат или внесуваат индустриски или слични капацитети и да се воведуваат намени што придонесуваат за присуство на разни форми на загадување или предизвикуваат бучава и вибрации;
- да се изведуваат интервенции кои можат да го загрозат интегритетот на локалитетот и на самата контактна зона, особено на нејзините делови околу границите на археолошкиот локалитет на растојание од најмалку 50 метри,

Во контактната зона режимот на заштита вклучува и дозволени дејства на посегање во интегритетот на контактната зона што се преземаат согласно со закон, а се однесуваат на:

- контрола на градењето и на изведбата на кои било други работи во границите на контактната зона, особено ако со тоа се попречува истражувањето, заштитата или достапноста локалитетот или се нарушува интегритетот на заштитеното подрачје;
- задржување на постојната намена на објектите вклучени во границите на контактната зона;
- обликување на отворените простори вклучени во границите на контактната зона на начин што обезбедува да не се наруши интегритетот на односниот дел од заштитеното подрачје;
- контрола на урбаната инфраструктура на односните делови од контактната зона каде со несоодветно планирање и/или изведба би се попречило функционирањето на заштитеното добро

**Посебни мерки за заштита**

За археолошкиот локалитет „Манастир" потребни се дополнителни истражувања, конзерваторски и историски, но кога ќе се створат услови за тоа. Потребно е документирање на добрата, изработка на посебни студии за нив, елаборати, подготвителни мерки во случај на природни непогоди.

Потребно е да се предвидат мерки за заштита од последиците од загадување, мерки за унапредување на квалитетот на животната средина во заштитеното подрачје, потребно е позначување на добрата кои се наоѓаат на точно одредените локации во Нов Дојран, како и одредување на мерки за нивно спасување во непредвидени ситуации.

## 5. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ

*Посебните услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите се однесуваат на блоковите дефинирани со Урбанистички план за село Нов Дојран, Општина Дојран*

**5.1.** Процентот на изграденост, коефициентот на искористеност, катноста и висината на венец ќе се дефинираат согласно табелата за максимално дозволени урбанистички параметри во рамки на градежните парцели која е составен дел на нумеричкиот дел на урбанистичкиот план за село.

**5.2.** Доколку при разработка на урбанистичкиот план за село се дефинираат нови наменски употреби на земјиштето кои се компатибилни на наменската зона, урбанистичките параметри ќе бидат определени така што процентот на изграденост на ниво на градежна парцела не смее да надмине 70%.

**5.3.** Нумеричките податоци за планираните намени во блоковите за сите класи на намена имаат максимални вредности, освен за намените од групата на класи Е-инфраструктура за кои имаат минимални вредности и можат да се зголемуваат во согласност со решенијата при разработка на урбанистичкиот план за село.

**5.4.** Пристапот до градежните парцели е планиран од секундарна улична мрежа.

**5.5.** За градежните парцели кои ќе се формираат со разработка на урбанистичкиот план за село и граничат со ул.„1" - магистрална улица низ населено место – село (дел од регионален пат Р1105), задолжително да се побара мислење од Јавно претпријатие за државни патишта пред издавање на одобрение за градење.

**5.6.** Максималната висина на венецот да се планирана во однос на тротоарот од планираната улица, односно, заштитниот тротоар на градбите, земен како нулта кота.
Планираната висина на градбите треба да биде пресметана со следните висини:

- кота на тротоар/заштитен тротоар (нулта кота): ± 0.00 м;
- кота на прво ниво (нулта плоча - е висинска кота на плочата на приземјето на објектот во однос на котата на нивелетата на заштитниот тротоар): ќе се дефинира со проектна програма за градбите и не се дозволува нејзино поместување под котата на тротоарот односно под котата на пристапната патека;
- катна висина за домување: мин. 2,90 м.
- катна висина за деловна дејност: мин. 3,40 м.
- катна висина за друга намена: ќе се дефинира со проектна програма за градбите.

**5.7.** Во заштитниот појас од 50 метри од линија на кота на највисок утврден водостој на Дојранското Езеро (147.33 м.н.в.) не се дозволува градба на нови објекти, ниту доградба и надградба на веќе постоечките објекти, односно се забранува изградба на објекти од траен карактер.

Постоечките објекти во заштитниот појас можат да ја задржат својата намена доколку припаѓаат во групата на класи на намена А-домување, или да извршат пренамена во А4 – времено сместување, Б1 - мали комерцијални и деловни намени, Б3 - големи угостителски единици, Б5 – хотелски комплекси, Д3 - спорт и рекреација, со обезбедување на сите инфраструктурни системи потребни за функционирање.

**5.8.** Границите на блоковите претставуваат затворени полигонални линии кои се совпаѓаат со осовини на сообраќајници, границата на плански опфат и наменска зона на урбанистичкиот план и за секој блок поединечно важат следните параметри:

БЛОК 1

**Граници на блокот**:
Север: Граница на плански опфат
Исток: Граница на плански опфат
Југ: Граница на плански опфат, осовина на ул. „2", ул. „5",
Запад: Осовина на ул.„1", граница на плански опфат

**Нумерички показатели за блокот**:

| | НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ | површина (ха) | | процент |
|---|---|---|---|---|
| БЛОК 1 | **А - домување** | 1.64 | | 16.31% |
| | **А1** - домување во станбени куќи | | | |
| | **Б - комерцијални и деловни намени** | 2.09 | | 20.79% |
| | Б5 - хотелски комплекси | | | |
| | **Д - Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори** | | 4.22 | 41.98% |
| | Д1 - парковско зеленило | 0.57 | | |
| | Д2 - заштитно зеленило | 0.10 | | |
| | Д3 - спорт и рекреација | 3.55 | | |
| | **Е - инфраструктура** | | | 19.63% |
| | **Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | 0.93 | 1.97 | |
| | **Е2** - комунална супраструктура (бензинска пумпна станица) | 0.27 | | |
| | **Е2** - комунална супраструктура (хидроцентрала) | 0.77 | | |
| | канал Топлец | 0.13 | | 1.29% |
| **ВКУПНО** | | **10.05** | | **100.00%** |

**Максимални вредности на урбанистички параметри за градба за наменските зони** :

**А1 - домување во станбени куќи**

максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 2,8
максимална катност: П+2+Пк
максимална висина на венец: 10,20м
компатибилни класи на намени:
Б1 (до 30%); В1(до 30%); В2 (до 30%) Д3(до 30%); Б5(до 5%)

* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена А1 не смее да надмине 30%.

**Б5 – хотелски комплекси**

максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 2.8
максимална катност: П+2+Пк
максимална висина на венец: 10,20м
компатибилни класи на намени:
Б1(до 40%);Б2(до 40%); Б3 (до 40%); Б4 (до 40%);Б6 (до 40%); В2 (до 40%); В3(до 40%); Д3 (до40%);

* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена Б5 не смее да надмине 40%.

**Д1 - парковско зеленило**

максимален процент на изграденост: 10%
максимален коефициент на искористеност: 0,1
максимална катност: П
максимална висина на венец: 4,00м
компатибилни класи на намени:
Б1(до 10%); Д3(до10%)

* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена Д1 не смее да надмине 10%.

**Д2 - заштитно зеленило**

не е дозволена градба

**Д3 - спорт и рекреација**

максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 1,4
максимална катност: П+1
максимална висина на венец: 10,00м
компатибилни класи на намени:
Б1(до 10%);

* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена Д3 не смее да надмине 10%.

**Е2 – комунална супраструктура** ( бензинска пумпна станица )

максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 1,4
максимална катност: П/П+1 (П за натстрешница)
максимална висина на венец: според технолошки процес
компатибилни класи на намени:
*според проектна документација

*сообраќаен пристап за бензинска пумпна станица од ул. „5.1" во согласност со член 73 став(5) од Правилникот за стандарди и нормативи за урб.планирање (Сл.в.на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18)

**Е2 – комунална супраструктура** (градби за производство на енергија - хидроцентрала)

максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 1,4
максимална катност: П+1
максимална висина на венец: според технолошки процес
компатибилни класи на намени:
* според проектна документација

**Дел од блокот 1 припаѓа во контактна зона – зона на ограничена заштита со режим на заштита од трет степен.**

**За постоечкиот канал Топлец да се почитува заштитниот појас од 3м од секоја страна на каналот во кој не е дозволена градба.**
**Пристапот до градежните парцели е планиран од секундарна улична мрежа.**

БЛОК 2

**Граници на блокот**:
Север: Граница на плански опфат
Исток:Осовина на ул. „1"
Југ: Осовина на ул.„17"
Запад: Осовина на ул.„16", граница на плански опфат

**Нумерички показатели за блокот**:

| | НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ | површина (ха) | | процент |
|---|---|---|---|---|
| **БЛОК 2** | **А - домување** | 5.27 | | 56.24% |
| | **А1** - домување во станбени куќи | | | |
| | **Б - комерцијални и деловни намени** | 0.76 | | 8.11% |
| | Б5 - хотелски комплекси | | | |
| | **Д - Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори** | 1.67 | | 17.82% |
| | Д3 - спорт и рекреација | | | |
| | **Е - инфраструктура** | | | 17.83% |
| | **Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | 1.44 | 1.67 | |
| | **Е2** - комунална супраструктура ( бензиска пумпна станица ) | 0.23 | | |
| **ВКУПНО** | | **9.37** | | **100.00%** |

**Максимални вредности на урбанистички параметри за градба за наменските зони** :

**А1 - домување во станбени куќи**

максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 2,8
максимална катност: П+2+Пк
максимална висина на венец: 10,20м
компатибилни класи на намени:
Б1 (до 30%); В1(до 30%); В2 (до 30%) Д3(до 30%); Б5(до 5%)

* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена А1 не смее да надмине 30%.

**Б5 – хотелски комплекси**

максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 2.8
максимална катност: П+2+Пк
максимална висина на венец: 10,20м
компатибилни класи на намени:
Б1(до 40%);Б2(до 40%); Б3 (до 40%); Б4 (до 40%);Б6 (до 40%); В2 (до 40%); В3(до 40%); Д3 (до40%);

* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена Б5 не смее да надмине 40%.

**Д3 - спорт и рекреација**

максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 1,4
максимална катност: П+1
максимална висина на венец: 10,00м
компатибилни класи на намени:
Б1(до 10%);

* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена Д3 не смее да надмине 10%.

**Е2 – комунална супраструктура** ( бензинска пумпна станица )

максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 1,4
максимална катност: П/П+1 (П за натстрешница)
максимална висина на венец: според технолошки процес
компатибилни класи на намени:
*според проектна документација

*постоечки сообраќаен пристап од ул. „1"

**Дел од блокот 2 припаѓа во контактна зона – зона на ограничена заштита со режим на заштита од трет степен.**
**Пристапот до градежните парцели е планиран од секундарна улична мрежа.**

БЛОК 3

**Граници на блокот**:
Север: Осовина на ул.„5" и ул. „2"
Исток: Граница на плански опфат, осовина на ул. „3"
Југ: Осовина на ул.„10"
Запад: Осовина на ул.„1"

**Нумерички показатели за блокот**:

| | **НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ** | површина (ха) | | процент |
|---|---|---|---|---|
| **БЛОК 3** | **А** - домување | | | 39.22% |
| | **А1** - домување во станбени куќи | 3.81 | 4.28 | |
| | **А2** - домување во станбени згради | 0.47 | | |
| | **Б - комерцијални и деловни намени** | 0.22 | | 2.02% |
| | Б5 - хотелски комплекси | | | |
| | **В - јавни институции** | 1.35 | | 12.37% |
| | В1- образование и наука | | | |
| | **Г - Производство, дистрибуција и сервиси** | 3.96 | | 36.29% |
| | Г2 -лесна и незагадувачка индустрија | | | |
| | **Д - Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори** | 0.03 | | 0.27% |
| | Д2 - заштитно зеленило | | | |
| | **Е - инфраструктура** | 1.07 | | 9.82% |
| | **Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | | | |
| **ВКУПНО** | | **10.91** | | **100.00%** |

**Максимални вредности на урбанистички параметри за градба за наменските зони** :

**А1 - домување во станбени куќи**

максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 2,8
максимална катност: П+2+Пк
максимална висина на венец: 10,20м
компатибилни класи на намени:
Б1 (до 30%); В1(до 30%); В2 (до 30%) Д3(до 30%); Б5(до 5%)

* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена А1 не смее да надмине 30%.

**А2 – домување во станбени згради**

максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 2,8
максимална катност: П+2+Пк
максимална висина на венец: 10,20м
компатибилни класи на намени:
Б5 (до 15%); Б1(до 20%); Б2(до 30%); Б4 (до 20%); В3 (до 40%) В4(до10%);Д3 (до 40%)

* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена А2 не смее да надмине 40%.

**Б5 – хотелски комплекси**

максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 2.8
максимална катност: П+2+Пк
максимална висина на венец: 10,20м
компатибилни класи на намени:
Б1(до 40%);Б2(до 40%); Б3 (до 40%); Б4 (до 40%);Б6 (до 40%); В2 (до 40%); В3(до 40%); Д3 (до40%);

* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена Б5 не смее да надмине 40%.

**В1 - образование и наука – основно училиште**

максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 1,4
максимална катност: П+1
максимална висина на венец: 8,00м
компатибилни класи на намени:
Д3(до 20%)

* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена В1 не смее да надмине 20%.

**Г2 - лесна и незагадувачка индустрија**

максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 1,4
максимална катност: според технолошки процес
максимална висина на венец: 15,00м
компатибилни класи на намени:
Б1(до 30%); Б2(до 30%) Б4(до 10%); В2(до 5%);
Д2(до 30%); Д3(до 30%); Д4(до 30%); Г3 (до 30%); Г4(до 30%)

* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена Г2 не смее да надмине 49%.

**Д2 - заштитно зеленило**

не е дозволена градба

**Дел од блокот 3 припаѓа во зона на археолошкиот локалитет „Манастир" со режим на заштита од втор степен, а дел во контактна зона – зона на ограничена заштита со режим на заштита од трет степен.**
**Пристапот до градежните парцели е планиран од секундарна улична мрежа.**

БЛОК 4

**Граници на блокот**:
Север: Граница на плански опфат
Исток: Граница на плански опфат
Југ: осовина на пешачка П2, осовина на ул.„6"
Запад: осовина на ул.„3"

**Нумерички показатели за блокот**:

| | **НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ** | површина (ха) | процент |
|---|---|---|---|
| **БЛОК 4** | **А - домување** | 3.62 | 83.62% |
| | **А1** - домување во станбени куќи | | |
| | **Е - инфраструктура** | 0.18 | 4.14% |
| | **Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | | |
| | Површина во заштитен појас од 50 метри од линија на кота на највисок утврден водостој на Дојранското Езеро (147.33 м.н.в.) во која не се дозволени нови објекти, ниту доградба и надградба на постоечките објекти | 0.53 | 12.24% |
| **ВКУПНО** | | **4.33** | **100.00%** |

**Максимални вредности на урбанистички параметри за градба за наменските зони** :

**А1 - домување во станбени куќи**

максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 2,8
максимална катност: П+2+Пк
максимална висина на венец: 10,20м
компатибилни класи на намени:
Б1 (до 30%); В1(до 30%); В2 (до 30%) Д3(до 30%); Б5(до 5%)

* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена А1 не смее да надмине 30%.

**Во заштитниот појас од 50 метри од линија на кота на највисок утврден водостој на Дојранското Езеро (147.33 м.н.в.) не се дозволени нови објекти, ниту доградба и надградба на постоечките објекти и се забранува изградба на објекти од траен карактер.**
Дозволени намени: постоечка или пренамена во А4 – времено сместување, Б1 - мали комерцијални и деловни намени, Б3 - големи угостителски единици, Б5 – хотелски комплекси, Д3 - спорт и рекреација

максимален процент на изграденост: постоечки
максимален коефициент на искористеност: постоечки
максимална катност: постоечка
максимална висина на венец: постоечка

**Блокот 4 припаѓа во зона на археолошкиот локалитет „Манастир" со режим на заштита од втор степен.**
**Пристапот до градежните парцели е планиран од секундарна улична мрежа.**

БЛОК 5

**Граници на блокот**:
Север: Граница на плански опфат
Исток: осовина на ул.„16"
Југ:осовина на ул.„17"
Запад: граница на плански опфат

**Нумерички показатели за блокот**:

| | **НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ** | површина (ха) | | процент |
|---|---|---|---|---|
| **БЛОК 5** | **А - домување** | 1.52 | | 22.65% |
| | **А1** - домување во станбени куќи | | | |
| | **Д - Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори** | | 4.07 | 60.66% |
| | Д2 - заштитно зеленило | 0.96 | | |
| | Д4 - меморијални простори (гробишта) | 3.11 | | |
| | **Е - инфраструктура** | | | |
| | **Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | 0.33 | 1.08 | 16.09% |
| | **Е3**- некомпатибилна инфраструктура ( трафостраница над 20кв) | 0.75 | | |
| | регулирано корито на суводолица | 0.04 | | 0.60% |
| **ВКУПНО** | | **6.71** | | **100.00%** |
| **ВКУПНО** | | **9.03** | | **100.00%** |

**Максимални вредности на урбанистички параметри за градба за наменските зони** :
**А1 - домување во станбени куќи**

максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 2,8
максимална катност: П+2+Пк
максимална висина на венец: 10,20м
компатибилни класи на намени:
Б1 (до 30%); В1(до 30%); В2 (до 30%) Д3(до 30%); Б5(до 5%)

* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена А1 не смее да надмине 30%.

**Д2 - заштитно зеленило**

не е дозволена градба

**Д4 - меморијални простори**

максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 0,7
максимална катност: П
максимална висина на венец: 4,00м
компатибилни класи на намени:
В5 (до 40%)

* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена Д4 не смее да надмине 40%.

**Е3 – некомпатибилна инфраструктура (трафостаница над 20кв)**

максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 0,7
максимална катност: П
максимална висина на венец: според технолошки процес
компатибилни класи на намени:
*За класа на намена Е3 не се утврдуваат компатибилни намени

**Дел од блокот 5 припаѓа во контактна зона – зона на ограничена заштита со режим на заштита од трет степен.**

**За регулираните корита на суводолиците да се почитува заштитниот појас од 3м од секоја страна во кој не е дозволена градба.**
**Пристапот до градежните парцели е планиран од секундарна улична мрежа.**

БЛОК 6

**Граници на блокот**:
Север: осовина на ул.„17"
Исток: осовина на ул.„31"
Југ: осовина на ул.„32"
Запад: граница на плански опфат

**Нумерички показатели за блокот**:

| | **НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ** | површина (ха) | процент |
|---|---|---|---|
| **БЛОК 6** | **А - домување** | 12.84 | 93.46% |
| | А1 - домување во станбени куќи | | |
| | **Д - Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори** | 0.01 | 0.07% |
| | Д2 - заштитно зеленило | | |
| | **Е - инфраструктура** | 0.78 | 5.67% |
| | **Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | | |
| | регулирано корито на суводолица | 0.11 | 0.80% |
| **ВКУПНО** | | **13.74** | **100.00%** |

**Максимални вредности на урбанистички параметри за градба за наменските зони** :

**А1 - домување во станбени куќи**

максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 2,8
максимална катност: П+2+Пк
максимална висина на венец: 10,20м
компатибилни класи на намени:
Б1 (до 30%); В1(до 30%); В2 (до 30%) Д3(до 30%); Б5(до 5%)

* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена А1 не смее да надмине 30%.

**Д2 - заштитно зеленило**

не е дозволена градба

**Дел од блокот 6 припаѓа во контактна зона – зона на ограничена заштита со режим на заштита од трет степен.**

**За регулираните корита на суводолиците да се почитува заштитниот појас од 3м од секоја страна во кој не е дозволена градба.**
**Пристапот до градежните парцели е планиран од секундарна улична мрежа.**

БЛОК 7

**Граници на блокот**:
Север: осовина на ул.„17"
Исток: осовина на ул.„1", ул.„18", ул.„40", ул.„43", ул.„36"
Југ: осовина на ул.„36"
Запад: осовина на ул„21", ул. „31"

**Нумерички показатели за блокот**:

| | **НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ** | површина (ха) | | процент |
|---|---|---|---|---|
| **БЛОК 7** | **А - домување** | | | 77.00% |
| | **А1** - домување во станбени куќи | 10.24 | 10.58 | |
| | **А3** - групно домување | 0.34 | | |
| | **Б - комерцијални и деловни намени** | 0.21 | | 1.53% |
| | Б1 - мали и комерцијални единици | | | |
| | **В - јавни институции** | | | |
| | В2 - здравство и социјална заштита - детска градинка | 0.20 | 0.50 | 3.64% |
| | В4 - државни институции | 0.30 | | |
